Постела за Чемерните

Роман

Петре Наковски

Постела за Чемерните

Роман

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2013 by Petre Nakovski

e-Book Edition

Any similarity is by chance

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 1

НА САДОВИНА и скрка, скраја од џадето, долги сиви, подгниени од бараки. Во котлинката неколку куќарки, изградени од плитари и покриени со ‘рженица. Лево – стари фурни. На угорнинката – заеднички клозети. Под ридот гробишта, а под нив, бараки наредени како под врвца – долги, со тесни, мали прозорци низ кои, поради железните решетки, небото се гледа во квадрати. Во средината прашлив мегдан. Малку понастрана ниска куќа, ѕидана од делкан бел кремен.

Тоа е Прењес.

Џадето тесно набиено со дебела кременеста коцка. Ендеците широки, длабоки и обраснати со бозјак и магарешки трња. Во деновите кога врне, од горе, од ридиштата, дождовницата влече матна црвеница и се полни со тиња. Во ведрите ноќи студенилото допира до коска, а дење – жега. Каменот – бел, испран од дождот, испечен и распукан од сонцето. Кога дувнува ветар, што во пластови надоаѓа од планините, облаци црвеникава прав висат над бараките.

Тука, од сите места над кои згроби црвениот петел на војната, надојде народ. Чемерен, разнебитен, размеѓен – вудвосани старци, вдовици од шест војни, раскостени жени што ги наткаса болест, самоглавнички, доилки и чеднички и меѓу нив мажи разнеможени и мажи роболепници на сопствениот страв. Меѓу нив и по некој што обесил пушка на трн, а тука се јуначи.

Двапати на ден над Прењес се наднесува облак на битисување. На развиделина и квечерум. Двапати поминува колона камиони. Ако се дигне прав од долу, откај фурните, тогаш камионите носат оздравеници од болниците на Елбасан, Тирана, Драч, и Сук и со нив – храна и муниција за оние на боиштата на Вичо и Грамос. До границата, а оттаму на рамо, со магаре, коњ и маска до другите планиње. Во сивата магла што се претурува во котлината ретко се случува камионите да стигнат до фурните со притулени светла.

А кога во сивите развиделини на врвовите на околните планини затреперува првиот зрак на сонцето, горе, на ридот, откај превалот почнуваат да се спуштаат по змиестиот пат камионите што во сабајлината поминуваат низ Прењес. Полни се со ранети. Се спуштаат удолу по калдрмисаниот пат разофкани, распцуени и крвјосани… И така, двапати на ден, над Прењес катаден се слуша: “доаѓаат”. Катаден на развиделина и квечерум од бараките и коњушниците се истура црневица и, разнемоштена, разофкана, разорлавена и разнебитена, трча накај џадето. И колку поблиску е колоната, толку поголема е турмата што во навалица надотекува кон џадето од бараките и коњушниците. Луѓето, газејќи ја таа пржелика, трчаат од сите страни и викаат, се довикуваат, се туркаат и паѓаат. И

во тој вик не се слуша ниту име, ниту презиме, туку само “о-о-о-а-а-а!!!” и плачење, и молење, и колнење, и проколнување, и пцости, и лелекање. Секој го вика и го бара својот најмил, најблизок, најочекуван, најсонуван...

Сите ги бараат своите најблиски: во тие стари чешки и италијански камиони што не сакаат да подзастанат; сите трчаат крај камионите, се туркаат, се удираат, а оние што паѓаат, остануваат да лежат поснопица, изгазени од навалицата... Така катаден, двапати, турмата од жени и старци квечерум трча зад камионите се до фурните, до првата стражарница, до првиот бункер зад кој продолжува патот накај Елбасан.

Тука застанува…

А во бараките, оставени на рогозина, на сламеник, плачат доенчиња, офкаат и стенкаат разнеможените чиј век е на битисување. Така катаден трчаат зад колоната камиони што змиесто се оддалечува по нагорнината…

На раздрумот - цевки со штикови што блескаат под првите зраци на сонцето. Навалицата застанува. Камионите се губат зад последниот свијок. Зад нив останува прав и плачење, лелекање, колнење, анатеми, пцости и тивки молитви. Старичките ја испраќаат колоната и се прекрстуваат. Ги испраќаат со благослов оние кои од болниците се враќаат на боиштата. “Нека им се на здравје лузните…” - изустуваат некои, голтајќи солзи. Со нем поглед и со симнати црни шамии се збогуваат со оние што одат на бој, а потоа толпата, забрадена со црни шамии, се разбранува и полека кинисува удолу. Не се враќаат веднаш на своите сламеници и рогозини во бараките и во коњушниците. Увилено го пребаруваат џадето, ендеците, бозјакот и бурјанот. Бараат писма што пред малку ги фрлиле оние од камионите. А потоа, во бараките и во коњушниците, од доцнина до ранина и од ранина до доцнина пробивно и долго се слушаат олелии. Од барака до барака одат сенки, се собираат роднини и ги оплакуваат и ги редат заеднички оние што загинале на боиштата на Грамос и на Вичо, во Епир и Тесалија и што умреле осакатени во болниците под туѓи поднебја... А кога солзите и плачот ќе им ја затапат болката, редат тие во темнината, изустуваат само понекој збор, санким се наоѓаат на разбуд…

На таа садовина, на која со раѓањето и умирањето на денот црна турма се дотура кон џадето, не расте трева; се е изгазено. Во бараките и во коњушниците за чемерните, разнебитените, размеѓените и испадените, на сламеник и рогозина има само по четири педи место. Над нив долги, подгниени греди, под нив калдрма во која до векутому век е впиена коњска моч. На снеможените здравите им посакуваат што поскоро да починат - да се спасат самите и од себе да ги спасат другите.

Меѓу двете поминувања на камионите, наспроти забраните и заплашувањата, некои скришум се искачуваат до горе, до превалот и оттаму, гледајќи ја големата вода, а преку неа високите врвови на сивите планини, си шепотат во себе и покажуваат со прст еден на друг, велејќи: - “Ене, онаму е нашата дома”.

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 2

МАЛКУ НАСТРАНА, под стрмниот рид од кој постојано се ронат камења, во дотраена барака, беа сместени падавичарите. Ги носат тука од болниците во Корча, Тирана и Елбасан, а најмногу од Сук. Меѓу нив има и такви кои од страв да не се вратат на боиштата, научиле од болните да се преправаат. Во нивните очи најмногу има страв, малку се движат, не се оддалечуваат од бараката, повеќе си лежат на сламениците и "болката" ги фаќа најчесто кога доаѓа некој од "началството" како што ги викаат неколкуте чисто униформирани мажи кои постојано се возат со еден дотраен џип од болница до болница, од логор до логор, каде што се собрани бегалците, од град до град, каде што се сместени децата. Ја шетаат тие со расклатениот џип цела Албанија и подобро им е да го голтаат белиот и црвеникав прав, отколку да гинат на Грамос или на Вичо. Велат: "И ние сме од првата линија". Нивните средби со ранетите, со осакатените, со оздравениците или со старите жени во Прењес, или со жените-вдовици што се грижат за децата, се кратки, но исполнети со пароли. Тие не знаат да зборуваат. Знаат да извикуваат пароли, да јадат, патем да лежат под сенка и да си ги одржуваат чисти војничките униформи.

Во Прењес сите се плашат од падавичарите. Додека не ги "фаќа" лудилото, како што велат луѓето, тие се мирни, лежат под стреите, си подаваат цигара, се шегуваат, намнисуваат, но кога ги "фаќа"... тогаш "занаетчиите" најмногу лудуваат, стануваат опасни, а оние што навистина се болни, лежат овде-онде, удираат со нозе и раце, копаат со петиците, со нокти си ги раскрвавуваат образите, се превртуваат и пена од устите им тече. Присебните трчаат на сите страни, ги прибираат во бараката, и така наизменично, помагајќи си, многу од нив го дочекуваат својот суден ден. И, според некое непишано правило, ги закопуваат понастрана од гробиштата, таму каде што земјата е каменлива, црвеникава, тврда. Копа во неа Пандо гробарот и, пцуејќи се што се движи и лежи, карајќи ги мајките и сестрите и татковците на падавичарите, удира со копачот во тврдата земја. Така редум, без нишан, тој ги брои купиштата земја и само тој знае да каже кој каде лежи. На почетокот им ставаше крст, на кој со мастилав молив ги пишуваше имињата и презимињата на починатите, но откако еден од оние од џипот му се изнавреска пред луѓето дека е контра и дека со крстот го погани црвеното знаме на револуцијата, Пандо гробарот, така го викаат и само така го познаваат луѓето, си го скри изгризеното моливче, што го имаше украдено од офицерската чанта оставена во џипот, се затвори во себе и само кога го поздравуваат, одговара: копам, закопувам... Некои од управата и од оние што постојано се "шинати" во колкот, во шиперот или вратот и болните од офтика кои најмногу кашлаат кога се појавува некој од

началството, му се потсмеваат на Пандо гробарот затоа што по секој закоп тој најмногу плаче. Закопаниот го оплакува како да му е најблизок род. Откако ќе се изнаплаче, се оддалечува, од луѓето, се крие некаде зад карпите, чепка меѓу камењата, собира некои тревки и корења, ги суши на сонце, а потоа, завиткани во парче весникарска хартија ги пуши.

Чадот, жолтеникав и мирудлив, толку го смирува што Пандо може по цели часови да лежи под сенката на старата подгниена слива, да гледа во небото, во облаците, во летот на соколите и, без да му трепне око, да ги слуша лелеците на жените што ги оплакуваат своите најблиски. Само тој знае какви тревки и корења треба да се собираат за да му го замрачат умот, за да го доведат до некаква рамнодушност спрема се што се случува околу него, да го оттргнат од луѓето и од грижите. Од сонот и лажното спокојство, го разбудува ѕвонењето на шината што ги повикува бегалците да се постројат пред казаните. Пандо се оптегнува, погледнува долу и, кога забележува како се редат пред казаните, оди во својата барака, ја зема лименката од конзерва што виси на гредата и, нишајќи се, застанува во редот. А бидејќи чекорот не му е сигурен, тој во редот стои со раширени нозе и со спуштен поглед. Не ги гледа луѓето и не сака да знае дали тие го гледаат него. Со лименката наполнета до половина, се враќа под стреата на бараката каде што живеат падавичарите и седнува покрај Нумо, кого неодамна го донесоа од Сук. Нумо ја вади од џебот изабената лажица, ја брише со полата, ја удира од колената и седнува до Пандо. Сркаат од лименката, подавајќи си ја лажицата и, кршејќи го парчето пченкарник, ги собираат во шепата трошките или ги ронат во лименката. Нумо не е падавичар. Тука го доведоа неодамна. Заради казна, велат го сместија меѓу падавичарите. Човекот од џипот, што го доведе тука, на заминување му рече: “Чувај се и јазикот зад заби” и со рака му го покажа ритчето каде што се наоѓаат гробиштата. А од што треба да се чува, Пандо не праша. Се чини дека двајцата се разбираат преку своето молчење. Но понекогаш, на стемнување, кога жените седнуваат пред портите од бараките, се случува Нумо да рече:

- За што ли мислат жените? - И веднаш потоа сам си одговара, пак прашувајќи се: - За мажите и синовите ли? Па многумина од нив останаа на стража на Грамос, на Вичо, или сакати лежат по болниците во туѓи земји. Потоа немо гледаат во жените забрадени со црни шамии и, по подолго молчење Нумо почнува со она свое што Пандо веќе го знае на памет:

- Еј, жено-женичке, не ми ја пери кошулата. Нека остане во неа впиена војничката киселина и мирисот на млада девојчинска града. Не ми го фрлај шинелот во купот стари партали. Развеј, развеј го како знаме, зашто во него е впиен правот од сите боишта на Грамос и на Вичо, од сите планини на Македонија. Нека остане правот врз правот

и не бриши го, не истресувај го за да не ја избришеш трагата, зашто само по неа се оди до никаде... - Тука Нумо прекинува, се искашлува, гледа некаде од високо, мижурка, погледот му се губи некаде пред него, небаре сака да се потсети каде ли уште води трагата и, по подолго молчење, продолжува: - Стопанкината, трагата, наша де, секогаш, барем нас, не водеше кон нашата смрт, или нашето осакатување... Ме гледаш, и јас сум сакат...

- Те гледам и се прашувам...

- Каде ли ја оставив?... Една ми остана, - тој се удира по дрвената нога - ама јас си клинкам и со дрвената и ќе видиш дека еден ден ќе одам долу...

Каде ли ја оставив? На Камна. На Камна ме погодија, на Камна ме осакатија. На самоти, врв, гол, како избричена глава. Арно рече некој дека тука ќе не имаат на чист нишан, ама командирот наш од горе сакаше со дуљбија да гледа наоколу, та нареди: - "Тука копајте!" Јас и мојот помошник – пушкомитралезец, Васил му беше името, а каде ли е сега, самиот си знае, ископавме толку, колку глава и газ да скриеме, нафрливме наоколу камења и го потпревме врз нив митралезот. Чекаме. Пушиме. Го вдишуваме смрдливиот чад од дробено тутуново стебло, а заедно со него и опојниот мирис на јановото цвеќе. Сум ги прегазил тукуречи сите наши планини, Пандо, ама толку многу јаново цвеќе на друго место не сум видел. Брмчи во него пчелата, се превртува и со ноженцата пожолтени од полен, си одлетува животинчето. На зајдисонце Липовец фрли сенка врз Камна. Тишина. Само во сувите стебленца на високите треви потсвирнува квечерниот ветерец и ја разнесува наоколу опојната миризба на јановото цвеќе. Кога падна мракот, долу, под Камна, се појавија мали растреперени пламенчиња. Свртев глава кон Васила и го прашав: - "Што ли е тоа таму?" А тој, без да размислува многу, откина: - "Изгледа жените дојдоа да им запалат свеќа на своите... Денес, мислам, им е годишнина…" - пресече мојот помошник и замолкна. Гледавме од горе, ама во мракот освен пламенчињата ништо друго не можевме да забележиме.

Зад нас слушнавме чекори и свртевме глави. Накај нашето митралеско гнездо со долг чекор се доближуваше командирот. "Ајде, вие двајцата, одете долу и проверете што значат оние светла. Ако е непријателот, испукајте рафал". Тргнавме. Јас напред, со шарецот на рамо, по мене Васил. По едно черек време, тој ми рече: - "Немој направо. Треба да заобиколиме. Уште малку, па почнува карпата". - Од каде знаеш? – го прашав, а тој - Многупати сум доаѓал тука... – И почна момчето да ми раскажува...

Нумо си ја поднамести дрвената нога, го исплука догорчето и ја запали цигарата што беше си ја ставил зад уво.

- А ете, како што гледаш, Пандо, пак се враќаме онаму. - Нумо покажа со глава кон планините од каде сонцето во претпладнињата им биеше право во очите. - Седнавме на работ од карпата и, така загледани во пламенчињата што трепереа под Камна, јас онемен го слушав момчето:

- Триесет и седмата- рече - за дваесет и петти март даскалот и фалангархинот наредиле сите ученици на школо да дојдат облечени во униформите на ЕОН и скапанитите. Јас немав униформа, зашто татко немаше пари да ми купи. Плачев... Срам ми беше да излезам без униформа... Дента, пред празникот, стрико ми ме фати за рака и, велејќи ми – "Ајде, синко, со мене…" – ме одведе на лединката под Камна. "Ја гледаш ли дупкана што зее во карпата?" – ме праша. – "Ја гледам", -реков. - Е, сега слушај. Деветстотини и третата, по востанието, тука се сокриле луѓето од нашата селска чета. Еден ден ги откриле Турците, што беа тргнале во потера, ама нашите не сакале да се предадат. Тогаш некој од нашите се обидел да избега... Го гледаш ли врвот, а малку понатаму длабнатинката? Е, таму има отвор, нешто како оџак што води од пештерата до врвот... Турците го забележале од Липовец, та почнале да фрлаат со пушките. Жетва била, та им текнало во отворот да фрлаат запалени снопје. Нашите почнале да се задушуваат од чадот и тогаш решиле да излезат, ама не и да се предадат. Првиот што излегол, пукнал во некој од Турците и така на куршум одговарале со куршум, на штик со кама. Така изгинале нашите до еден...

Нумо повлекува длабоко, го испушта чадот низ нос, се чеша зад уво и, загледан некаде далеку, продолжува:

- Да не должам многу, Пандо. Како што ми раскажа момчето, стрико му му кажал кога, зошто и чие било востанието. А јас, прекинувајќи го, му реков: ајде, Василе, ајде да се вратиме. Штом е така работата, таму долу, нема што да правиме. Се вративме и му кажавме на командирот во што била работата, ама јас замолив во зорите да ни дозволи да одиме пак. Добро... Откако дочекавме зора, слеговме долу. Зелена лединка легната на блага угорнина. Мирис на восок на фитил и штотуку испечен леб - бела погача; мирис на темјан и јаново цвеќе.

- Ете - се одгласи Васил - тука лежи Ѓорги Дигаловски. Внук му Ѓорги, како борец на ДАГ, загинал во Мечово. Под купчево лежи Кољо Дремовски, таму Дичо Карамешовски, онаму тројца роднини - Кољо, Цветко и Доно Крстовски, а од оваа страна Кољо Камбуровски. Внук му Кољо е капетан на ДАГ, а потаму Трпо Кичевски. Син му Трпо се родил дваесетина дена подоцна. Посмртче. Од другата страна лежи. Наум Лафазановски, до него Ристо Марковски. Внук му Ристо е во ДАГ, а таму, до Ристо Марковски, лежи Јани Нанчевски. Син му Јани, кој сега е во ДАГ, се родил два

месеца по татковата смрт! Тука лежи Сотир Пуровски. Внук му Сотир, борец на ДАГ, загинал под Аљавица. А таму лежат Доно Поцков, Наум Пановски, Трпо Сомовски и Лазо Сомовски. А Ѓорѓи Церјан останал жив и долги години со едно уво. Тој бил само тешко ранет, а Турците на убиените им ги исекле ушите како доказ дека ги убиле. Така Церјан долги години скитал по светот со едно уво и умрел некаде во Бугарија...

Седумнаесет души, Пандо. Ги изброја? Е, така. А момчето продолжи да ми раскажува:

- Гробовите беа обраснати со трева како што се и сега. Стрико ми ми ја стави раката на рамо и ми рече:

- Синко, наведни се и слушај го шепотот на тревите, слушај го завивањето на ветрот меѓу стеблата, слушај ја водата како шуми кога се пробива меѓу камењата, слушај го брмчењето на пчелата во чашката на цвеќето, а ќе слушнеш многу повеќе отколку на друго место и, не само што ќе ја слушнеш, ами ќе ја научиш вистината... Стрико ми се доближа, еве до овој гроб, ја тргна тревата и на бел камен видов букви.

- Читај, - ми рече.

Некои букви личеа на грчкото писмо, а другите не ги знаев.

- Е,-синко, - ми рече стрико ми - ова е Кириловото писмо и на каменот пишува: “Дичо Карамешовски”.

Долго ми зборуваше тој за Кирила, за луѓето што лежат на лединкава... и зошто морам да учам грчко школо, а не наше... И оттогаш јас не побарав да облечам униформа на ЕОН, оттогаш не и се лутев и не и се смеев на мајка што не знае да зборува грчки. Знаев и порано дека тука луѓето доаѓаа секоја година. Палеа свеќи, каснуваа од кравајчето, пивнуваа од ракијата и виното, каснуваа од варената пченица украсена со плодови и шеќер, намнисуваа, а потоа молкома се враќаа дома. Никогаш не сум видел на лединкава овци или говеда да пасат. Никој, дури ни овчар ни говедар не поминувал тука со добиток. И секој маж што врвел тука, врвел улуглав, а јас, моите врсници и помалите деца пеевме песни за велика Елада и за Метаксас и им се смеевме на оние што пееја нашински. Така, со помош на нашето незнаење тие го посеале во нас семето на грцизмот, ама тоа не никна, не пушти корен...

Јас им раскажував на моите врсници, тие на други и така почнавме ние младите да сфаќаме колку е саатот. И не се чудев повеќе, ами се гордеев затоа што мајка зборуваше нашински, македонски, и затоа што од далеку се гледаше треперењето на пламенчињата под Камна. Тоа беше нашиот дух, Науме, што светеше во мракот и секогаш пред очи ги имав тие пламенчиња и на жнеење, и на гроздобер, и на тивки седенки на кои повеќе пеевме со очи зашто под прозорците се врткаше грчкиот полицаец... Ама триесет и

деветтата планиниве се наполнија со војска. Еден ден од градот дојде и полиција, ја пребара лединката, а потоа ги искрши надгробните камења, ги искрши Кириловите букви со кои беа напишани имињата. Кога дојде Италијанецот, си отиде Гркот и живите пак им поставија на мртвите камења над главите, а поп Ристо Лафазановски им отпеа на мртвите. Четириесет и петтата Гркот пак се врати и пак ги искрши камењата, а поп Ристо го бараа, ама тој фати гнездо во Врбник. Тука и Албанците, бидејќи по својата и по неговата вера, го натераа да си плукне на брадата, да ја избричи, и отиде човекот да работи во Билишта како sидар. Четириесет и шестата почнаа да се полнат планиниве и шумиве со наши партизани. Војниците се прибираа во градовите, а тука, под Камна, луѓето пак изделкаа камења, ги врежаа имињата и ги ставија над главите на мртвите...

- Ете, Пандо, толку ми раскажа момчето. Се вративме горе, а попладнето не нападнаа. Пукав со мојот шарец во војниците што носеа англиски шлемови и американски автомати и непрекинато мислев на свеќите што гореа долу, во рамнинката под Камна. Гореа тие, Пандо, со години, отворено и потајно, скришум од туѓото око и отворено кога туѓинците ги немаше. И така, мој Пандо, нашинчето си дознавало што е и кој е, не од дебелите книги и од учените луѓе, ами од надгробните камења, од гробовите останати по карпи, од зарезите направени со кама или штик во стеблото на буката, дабот или борот, од нишаните што останале од нашето постоење во кое не битисавме и од времето што го броеја само по лошото, само по крвавите траги што ги оставал тој што доаѓал и си одел... Пукав, мој Пандо, и не сакав да ја слушам наредбата за повлекување, зашто ја бранев полјанката под Камна, ги бранев камењата, со Кироловото писмо, го бранев и пламенчето на свеќата за да не згасне... И одеднаш ме покри земја и само почувствував болка во ногата и во очите ми згасна сонцето. Потоа долго ме носеа во ќебе де угоре, де удолу, како во сон го слушав жуборењето на потоците. Сонував, Пандо, извори, потоци, реки... и плачев затоа што така напразно си тече водата, додека мене внатре изгор ме гори... течеше, пустата, чиста и бистра. Се обидував барем да ја допрам, а таа бегаше од мене... А јас кој знае колку трчав по неа. Потоа ја снема. А јас сонував како солзи листог роса и си присакував барем една солза да капне врз моите усни..., а оган ме гореше внатре, чувствував како ме предаваа едни на други...

Кога новремено ми се враќаше способноста да мислам и да чувствувам, ми се чинеше дека мракот за мене нема да заврши. Не можев да препознаам ниту едно лице, да видам ниту едно дрво, ниту еден камен. Се чудев што толку долго трае ноќта, што ни месечина ни sвезда можам да видам. А кој ме носеше, не можев да видам. Одеа, застануваа, нешто зборуваа. Понекогаш долго чекаа. По лулањето некако разбрав дека излеговме на рамно. Слушнав бучава на

камиони, некакви гласови и нагло дигање и спуштање, на тврдо. Не беше земја. Земјата, колку и да е тврда, ја чувствуваш под себе ако си лежел или ако си спиел на неа. Забрмче, ми се стресе телото, болките ме споулавеа, викнав, опцув. Отворив очи. Покрај мене како фишеци наредени – ранети. Малку потаму тивко ту плачеше, ту липаше и стенкаше девојка. Сакав да подигнам глава, ама нешто како да ме држеше за врат. Камионот се тркалаше по калдрмата, потскокнуваше по нерамнините, нагло свртуваше, подзапираше, забрзуваше, ама никаде не застана. Ранетите викаа - вода! и плукаа крв. Стегаше грлото, гореше жедта, повремено во камионот низ цепнатинката од пландеката блеснуваше светлина. Угоре, удолу, фрла, ту лево, ту десно, шуми, во ушите, задушува правот и така стигнавме во Корча...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ – 3

НОГАТА МИ ЈА ОТСЕЧЕ Унгарец, а му помагаше Грк. Тие најчесто беа меѓу нас. Не посетуваа, не тешеа, не тупкаа по рамо, милно не галеа по лице, не караа кога бевме неизбричени. Меѓу себе зборуваа шпански. Чуден човек беше Гркот. Најчесто молчалив. А како знаеше да свири на гитара! Пееше Унгарецот. Шпански... Кога почнав да се движам со количката, ми придуваше Гркот, седнуваше крај мене и ми раскажуваше за Шпанија. Таму тој исто така бил лекар хирург. Во меѓународните бригади. Ми раскажуваше за Париз. Кога ни се придружуваше и Ференц, тогаш тие почнуваа со својот шпански, а Никос ни преведуваше. Двајцата заедно учеле во Париз. Колку убаво зборуваа за тој град. А потоа, пак се нашле во Шпанија, во една воена болница. Никос и Ференц проскитале многу по светот. Унгарецот се нашол во Мексико, Никос во Алжир, а оттаму во Каиро. Дури летото деветстотини четириесеттата се нашол дома, во Атина.

Татко му, некој сапунџија, имал фабрика за сапун, го пратил во Париз за да учи за лекар, ама кога му кажале оти син му по дипломирањето отишол во Шпанија, се откажал од него преку весник. Пезевенк човек. Пфу! А тој, Никос де, кога Италија ја нападна Грција, на фронт заминал доброволно. Се борел човекот како обичен војник. Го мразел фашизмот. Се до атинскиот декември не одрамил пушка. Бил бележан и од Шпанците и од Италијанците и од Германците и од Англичаните. Го одбележале и неговите, та затоа после Варкиза - затвор.

- Не се согласив со Варкиза - ми велеше. Затоа ме откажа и мојата партија. Кога дознав дека го убија Велухиотис, се јавив кај командантот на логорот и потпишав изјава. Ме пуштија од затвор, ама при обидот да се поврзам со партијата, моите некогашни соборци, кои ја прифатија Варкиза, ме откажаа. Мачителите знаеја што прават. А мене ми стана јасно. Ако не те уништи едниот тогаш ќе те уништи другиот. Почна граганската. А јас не можев мирно да работам во една приватна клиника во Атина. Слушав како се постапувало со ранетите и заробени партизани. Се поврзав со еден другар и го замолив да ме префрли в планина, кај партизаните. Ми рече дека нема доверба. Тогаш се јавив во командата и побарав да одам на фронт. Место на фронт, ме пратија во воената болница во Кожани. Всушност, тоа беа неколку бараки. Мојот занает е, како што знаеш, да сечам нозе и раце.

Како што обично се вели, од телата да ги вадам парчињата железо да ги шијам раните. Таму, во Кожани, имаше многу ранети. Ампутирав нозе, раце и постојано мислев на Шпанија и на Ференц. Еден ден со џип ме префрлија до Горуша. Таму имаше многу ранети. Ноќта лазаретот го нападнаа партизаните и така се најдов тука.

Никос му рече нешто на шпански на Ференц и тие почнаа да се смеат. Не успеав да прашам зошто се смеат. Дојде една сестра и ги викна. Се вратив во болничката соба. На креветите лежеа непознати лица. Нови ранети. До мојот кревет лежеше нешто сосем завиткано во преврски. Влегоа Никос и Ференц. Ги прегледаа новодојдените, а завитканото наредија да го изнесат. Некаде по полноќ го донесоа.

- Нумо, ми рече Никос - од денес ќе имаш ново друштво, - и ми покажа кон количката.

Две сестри го подигнаа завитканото и го легнаа на креветот. До зори не заспав. Го слушав длабокото и испрекинато дишење и по стенкањето разбрав дека до мене лежи жена. Никогаш не и го видов лицето и никогаш не дознав како се вика. Умре пред изгрејсонце. Подоцна, во текот на денот, Никос ми кажа дека немала лице и нозе. Многу работи, Пандо, гледаш и слушаш во воените болници. Многу. Најчесто немаше потреба човек да чита весници, зашто ранетите ги носеа од боиштата најновите вести. И што ли нема да слушне и нема да дознае човек. Јас, клинкајќи, одев од соба в соба, ги гледав ранетите, им подавав вода, застанував покрај нивните кревети, го слушав разговорот и така дознавав многу работи. Човекот, кога му е тешко, бара да се испразни од чемерите.

Еден ден донесоа многу ранети. Меѓу нив имаше еден кој постојано викаше:

- Та подја му! Та подја му! (Моите нозе! Моите нозе!)

Го внесоа во собата во која лежев и јас. Цела ноќ стенкаше и викаше. Пцуеше. Колнеше. Пред зори го зедоа. Го вратија околу пладне. Мирисаше на хлороформ. Беше тивок. Одвај дишеше.

- Што е со него? - прашав една од сестрите.

- Под колковите... - покажа таа на своите бутови.

Кога човекот се освести, закова очи во таванот и со никого не сакаше да разговара. Молчеше со денови. Својата осакатеност ја прими некако мирно. Не се жалеше. Се чинеше дека е благодарен затоа што е жив. Подоцна, Харилаос, така го викаа, отвори уста и срце.

- Бев војник во 225 пешадиски баталјон. Во првите денови од офанзивата на Грамос не успеавме да ја пробиеме одбранбената линија на ДАГ. Не вратија на појдовната позиција, ги пополнија водовите и утредента, во зорите, по артилериската подготовка, тргнавме во напад. Со борба гради в гради ја презедовме првата линија, ама заглавивме во минското поле. Една недела загубивме додека стигнавме до подножјето на Свети Илија. Неколку обиди да го преземеме ридот, останаа без успех. Од Кожани, каде што беше штабот на дивизијата, стигнаа офицери на воената полиција.

Осумнаесет војници не вратија од позицијата. Не товарија на камиони и - во Кожани. Воениот обвинител ни рече кратко:

- Момци! Не покажавте доволно храброст, патриотизам и национална доблест против: славокомунистите! Вечерва ќе ве упатам во центарот за национално превоспитување.

Така стигнавме во Макронисос. Лесно е да се рече стигнавме. А како? Не знам дали ќе може некој некогаш да го опише Макронисос. Кога велам Макронисос, не мислам на сувиот долг остров каде нема ниту една сенка. Таму, кога не би бил човекот, не би се знаело што е тоа сенка. Освен трнливи ниски растенија и по некоја тревка меѓу белите камења испукани од сонцето и кои повремено ги мијат дождовите, нема ништо што би давало малку зелена боја. Црвеникава земја, прашлива и сува како пепел. Кога дувнува ветар, крева облаци црвен прав, ги врти над каменестиот остров и не останува ништо каде што не успева да се изнапика. Дождот е реткост, а горештината катадневно измачување и нема каде да скриеш глава. Таму и човекот и природата како да ги здружиле сите свои ѓаволштини. На Макронисос сонцето секогаш извира и потонува во морето. Единствен придружник му е човекот-маченик, човекот-роб...

Јас не бев меѓу првите. Таму секој ден пристигаа нови. Велеа дека не има околу дваесет и пет илјади војници униформирани во англиска униформа. Така сметале тие во Атина. Дваесет и пет илјади момчиња, национално лошо воспитани, страшливци, без патриотизам и национална доблест, та затоа тука беа пратени да се превоспитаат... Грчки ни беа само имињата и презимињата. И Грци беа тие што не мачеа... Треба да одиш на Макронисос (а некои кои на тој остров стигнаа и од други суви острови на Егејот, велеа дека не е само Макронисос проколнатиот пекол) та да разбереш, најпосле, дека некои од луѓето се само човеколики и имаат само инстинкти.

Едно попладне во четата за превоспитување донесоа педесетина момчиња. На прашливата ширинка пред зградата на командата А2 чекаа заедно со своите работи. Еден по еден, онака како што си ги слушаа имињата и презимињата, ги оставаа своите ранци и, викајќи "јас", застануваа во стројот. Ние, постарите, животни во таа џунгла, стоевме настрана. Врнеше ситно. Се погледнувавме в очи и се прашувавме со погледите: "Колкумина од овие ќе издржат?"

Првото прашање беше:

Ќе потпишеш ли изјава за покајување?

Оној што потпишуваше изјава, чиниш одново роден, се враќаше, си го земаше ранецот и го упатуваа во долниот логор што не беше ограден со жица. Оној што откажуваше, го одведуваа настрана. Него најпрвин го чекаше менгемето. Го оставаа преку ден да го гледа менгемето и другите справи за измачување...

Мачењата почнуваа ноќе. Во мракот. Дење стоеја под жешкото сонце.

Дење, најпрвин не тераа да ги читаме паролите што ги имаа испишано со вар на високите карпи или логорашите ги имаа направено со камења што прво ги вадеа од морето и на грб ги носеа горе, на највисоките ридови на островот.

“ДА ЖИВЕЕ КРАЛОТ ПАВЛЕ!” “САКАМЕ ПУШКИ!” “ДА ЖИВЕЕ ГРЧКАТА РАЦА!” “НЕ ЗАБОРАВАЈ ДЕКА СИ СЕ РОДИЛ ГРК!”

И шаторите беа поставени така што гледани од подалеку, ги испишуваа истите пароли. Не тераа во еден глас по цели часови да ги читаме паролите. Но пред тоа моравме да кршиме камења, ситно задолжително да бидат аглести и шилести и клечејќи со колената врз нив. Не тераа да пееме:

“Апо кате гоња су, Елада, (Од секое твое катче, Грцијо)
маземени с' авто то ниси, (собрани сме на овој остров,)
сто мегало сходјо су патрида (во твоето големо училиште, татковино)
пу то лен АЕТО-ЕСАИ... (што се вика АЕТО-ЕСАИ…)

Молизмени ос тора и психи мас (Нашата душа, досега заразена)
тели ваптизма ксана етнико. Не етнико! (Одново сака национално крштевање. Да, крштевање!)
фово пја ден та ехи и фили мас (Нашата раса нема да има повеќе страв)
ап' тон атимо кумунизмо!...” (од подлиот комунизам!), (слободен превод).

По овој ред поминуваа сите што пристигнуваа на Макронисос. Превоспитувањето почнуваше веднаш и за никого, освен за оние што веднаш потпишуваа изјава за покајување, немаше исклучок ниту сожалување. На Макронисос единствено олеснување е смртта. Понекогаш неа ја чекаш како божја милост, но и неа ја нема. Таму господ ги има заборавено луѓето. На тој сув бесценет остров - карпа што безмилосно ја бијат морските бранови, го разјадуваат јужни и северни ветришта, не можеш да најдеш никаква убавина, ниту едно делче што би дишело со, мир, ниту една зелена тревка што би го зарадувала окото... Низ целата негова должина и ширина, по сите негови долини и ридови ниту едно дрвце, ниту едно цвеќенце, ниту тревичка. Го одбегнуваат и галебите и прелетните птици. Бесплодна и сува е земјата што ја полеваа само солзите, потта и крвта на современите грчки робови. Карстот што ја краси Грција е плач и проколнување на робот.

Од горе, каде што ги носевме камењата и пак ги враќавме долу за да ги наводениме во морската вода и одново да тргнеме боси по патеката посеана со шилести камчиња, се гледа еден рид долг како појас. Голи со многу котлини. Тоа се котлините на смртта. Таму не

носеа се додека не загубевме сознание и свест и се будевме во засмрдените болници, се додека не полудевме, се додека не дојдовме до умирање, но не не оставаа да умреме. Тоа за нас би било спас, а тие не сакаа никој да се спаси. Законот што владее на Макронисос е само еден: оној што не се покајува засекогаш мора да остане сакат... По секое измачување, доколу измачуваниот останеше жив, лекување. А потоа одново...

Те тераат, аделфе му (мој брат), сам да ископаш дупка. Влегуваш во неа. Тие почнуваат со лопати полека да те закопуваат. Надвор ти ја остават само главата и десната рака.

Ме прашаа:

- Ќе потпишеш?

- Охи! (Не!) - реков.

Почнаа да ми ја горат раката.

- Левак сум! - викнав. - Пишувам само со левата рака.

Ме откопаа до половина, ми ја закопаа десната и ми ја подигнаа над земја левата рака.

- Еве хартија и пенкало, - ми рекоа. - Потпиши!

Земјата ми ги стегаше градите. Не можев да дишам. Се задушував.

- Ипографце, атиме! (потпиши, подлецу!) - слушнав врескање, а потоа почнаа да ме удираат по глава. Почувствував дека ме фаќа лудило. Почнав гласно да викам. Не можев да издржам... Се освестив во логорската болница, врзан за креветот со бодлива жица.

До мене лежеше маж и личеше на давеник.

- Ме врзаа со дебело јаже, - раскажуваше тој.

- Со лицето ја допирав солената морска вода. Надоаѓаше бран зад бран, ме удираше в лице. Се давев. Така со часови, цел ден... потоа, ме легнаа на карпата и ме праша:

- Ќе потпишеш?

- Не - викнав и на оној што беше наведнат над мене му плукнав в лице.

Ме спуштија. Бранот ме давеше. Главата ми ја удираше од карпата. Решив да се удавам. Не ме оставија. Ме подигнаа. Паднав. Почнаа да ме тепаат со камшици од челична жица. Ме болеше, многу ме болеше. Викав од болка ама не молев да престанат да ме тепаат. Еден од нив ми стапна на градите и со чизмата почна да ми го стега срцето. Замолив: - Убијте ме...

- На Макронисос не убиваме, - рече оној што ме газеше со чизмата. - На Макронисос не убиваме, - повтори. - Оттука не излегуваат херои. Оттука излегуваат само сакати, луди, црви или исти како мене, како нас, и - покажа на своите.

Ете, - довршии човекот - четврти ден сум тука.

Долго молчеше. Воздивна долго и тешко и ме праша:

- А дали можеш да станеш?

Климнав со главата дека можам да станам.

- Стани, те молам, - рече молбено - и погледни дали се уште стои бандерата...

Не разбрав што сака човекот. Тој го забележа тоа и пак рече:

- Стани и погледни дали тој се уште стои... Станав. Мачно стигнав до прозорецот. Погледнав.

- Го гледаш? - ме праша. - Го гледаш ли?

- Кого? - прашав вчудовиден.

- Па човекот што стои потпрен на бандерата... Зар не го гледаш?

- Да, го гледам. –реков.

- Што прави?

- Стои со подигнати раце...

- Стои... Браво... Стои таму уште пред да ме донесат мене тука... Браво...

- Свети ли сонцето? - ме праша еден што лежеше во ќошот.

- Не зборувај со него! – ми подвикна давеникот.

- Тој потпиша...

- Да, - се слушна гласот од ќошот - потпишав!...

Свртев, глава и на креветот видов мумија во бело. Во преврските нешто се движеше и имаше глас на човек.

- Потпишав, - пак викна завитканото. - Потпишав, потпишав, потпишав... Откако ме извадија од гробот ме испрскаа со нафта и ме запалија. Горев како ламбада... Тука, на овој кревет се освестив и кога отворив очи ми го покажаа листот со мојот потпис. Цело име и презиме... Тука, на овој кревет, јас, изваден од гробот и направен ламбада... потпишав... Само, вие кажете ми - викаше завитканото – кажете ми кој нареди да им го предадам оружјето на Англичаните? Кој?! Моето раководство! Кој е предавник?! Кој?! Не сакав ни една, ни друга пушка да земам. Ја имав цели четири години, чесно ја употребив за татковината, бидејќи го туѓинецот. И едните и другите ме нарекоа предавник. Едните затоа што се борев против Англичаните, во декември во Атина, а другите затоа што не сакав да го предадам оружјето. Но го слушав гласот на партијата и го предадов. И тогаш и едните и другите ми рекоа: “Кало педи! Паликари!” (Добро момче! Јунак!). Кога почнаа да се полнат шумите и планините и едните и другите поитаа по мојата душа. Плукнав на навредата зашто душата ми беше таму каде што орелот лета високо, ама хитите и мавроскуфите ме зграпчија... (фашистички националистички организации, соработници на окупаторот, а потоа на Англичаните.) Потпишав... Потпишав... Како да сум го посрал сопственото лице...

Во собата влезе висок, сув и блед маж. Рацете, завиткани во преврски, ги држеше пред себе. Ме погледна и ме праша:

- Вие сте нов? Потпишавте?

- Не, - реков.

- И немојте. Ништо не вреди. Јас по налог на партијата потпишав во 1936 година. И се досега сум пример на партиски предавник. Се борев во редовите на ЕЛАС, но другарите никогаш во мене немаа доверба. Но, ете, жив сум. Барем досега. Се борев против Италијанците, Германците и Бугарите, а на крајот и против Англичаните и хитите и мавроскуфите... Против Англичаните се боревме ние во Атина, нашите сојузници, разбираш? Ние, илјадници, се боревме против туѓинците. Затоа денес толку многу не има тука. И пак бараат да потпишам, да се покајам затоа што не ги сакам Англичаните, не ги сакам Американците, а ми велат дека ги сакам Русите, Бугарите дека сакам на Македонците да им ја дадам Македонија. Јас ги сакам Грците и сите што ги сакаат Грците... Да, ги сакам и Македонците, зашто и тие се бореа против тугинците во истите ровови во кои што се боревме и ние... А дека црвецот на великогрцизмот сите нас се уште не јаде, ние сме виновни што не умееме да го гледаме светот со отворени очи и сакаме да бидеме секогаш затворени во венците на славата што ја влечеме од старите Грци...

- Не е вистина, - викна давеникот. - Па нели нашите патриотари ја пеат онаа, како е, чекај "На пат за да ја земеме Москва, ќе останеме на починка во Софија за да се напиеме по едно кафенце", така некако, нели? Некои за Индија сонуваат, правот, велат што легнал по славните патишта на Александар Велики, треба да се избрише...

- Го бараат презирот,- рече високиот. – Го бараат презирот да ни го залепат на чело... Тоа значи да потпишеш...

- А мислиш дека самоубиството - викна завитканиот во преврски - за такви како нас е подостоинствено?

- Тука е достоинство... Што е достсинство тука? Знае ли некој од вас? Зар е достоинство да си само живо орудие без сопствено мислење? Што е достоинство? Умираме по сувите острови, гинеме по карпестите планини, како овни не колат во сопствените куќи и ниви и не покажуваат пред кафеани обесени на столбови. И светот, таа голема ороспија, ништо не вели. Има ли тој совест штом така мирно го гледа сево ова? Па тогаш, зошто, прашувам, за достоинство? Јас, ти, оној што се удави во вреќа, девојките и момчињата што гинат по планините, прогонетите, испадените, оние што гнијат по затвори и логори, можеби ние сме достоинството на светот?

- Па, сигурно, _ се одгласи завитканиот, - достоинство не е со заби да си ги кинеш жилите, нели? - потсмешливо закркоре мумијата.

... – Да... - изусти нововлезениот. - Со запалени цигари, а потоа со вжештени железа ми го гореа телото. Тешко ми беше и не сакав да викам од болка. Ама се уште имав сила со заби да си ги раскинам жилите од рацеве и кога видов како потече крв, тогаш си реков, ете

им дојде крајот на моите маки. Но не ме оставија да умрам. По ден или два ќе ми ги одврзат рацете и пак ќе се најдам во котлината на смртта...

- А каде си бил? - праша, давеникот.

- Ме однесоа да ги видам мачките. Знаете, тука во близината има неколку кафези со мачки. Убаво ги хранат. Па и треба. Тие мора да бидат силни. Учествуваат во делото за национално превоспитување... Ги гледав и си мислев: со која од вас ставени во една вреќа ќе бидам спуштен в море од високата карпа? Која од вас ќе ми го распара лицето, ќе ми ги извади очите ќе ми го раскине грлото и ќе ми ги распара градите, борејќи се за сопствениот живот? Која? Одете, погледнете ги. Можеби ќе се спријателите и ќе ви биде полесно во иста вреќа?

Надвор се слушна строево чекорење и песна:

Макрониси семно, скапанеон ангали, (Макронисос скромен, прегратка на пионери)
мја патрида ироон ме докса мегали, (ти си татковина на херои со голема слава)
мја патрида мегали, трани к' охи склавон, (голема огромна татковина, но не на робови)
и фовера к' о тафос тон варварон Славон. (и страв и гроб на варварите Словени...)

А од другата страна, откај шаторите, каде што беа сместени оние што потпишаа изјава за покајување и се пријавија во баталјонот што требаше наскоро да замине на фронт, запеаја:

То прото тагма Макронису (Првиот баталјон на Макронисос)
миси тора то Слависмо... (сега го мрази словинството...)

Мумијата од ќошот се помрдна и ме праша:

- Свети ли сонцето?

- Не, - реков. - Потона во морето...

Мракот полека навлегуваше во собата. Надвор се слушна силно и пробивно викање:

- Воитјааа! Ме скотонун! (Помош! Ме убиваат!)

На Макронисос ноќите се многу мрачни. Ги осветлуваат само светлечките куршуми на митралеските и автоматските рафали. Бијат од сите страни. Фрчат куршуми од сите страни. Одеднаш престануваат, чиниш колку за да ги сменат шаржерите и одново почнува стрелбата. И тоа е начин на национално превоспитување. Велат: челичење на нервите, подготовка за борба. По стрелбата човеколиките почнуваат да викаат, да извикуваат пцости. А таму, во котлинката, почнуваат измачувањата. И слушаш само викотници: "Воитја! Ме скотонун!"

Во ниедно време човеколиките, со кучешки маски на лицата, влегуваат во шаторите и првите што ќе им паднат на дофат со

тупаници ги тераат надвор. А надвор чекаат пустидес (педери), исто така со кучешки маски на лицата. И почнува ритуалот на дивјаштвото...

Потоа тишина. Кратка, но каква блажена е тишината кога престануваат лелеците, кога од пред окото се тргнува грозотијата на смртта и кога на небото светнува некоја sвездичка, кога одвај успеваш да го доловиш тивкиот морски бран. И дури во таа тишина успеваш да помислиш дека низ своите маки, со своето страдање, и покрај тоа што од тебе направиле сенка урнатина, смогнуваш сили со презирот да ги наткрилиш своите мачители. И се прашуваш што ли не роди тој крш што денес го викаат Грција?

Кога изгреа сонцето завитканиот во преврски замоли:

- Погледни, молам, свети ли сонцето?

- Свети, - реков.

А оној што го давеле, покажувајќи со очите кон прозорецот, рече:

- Стани и погледни дали уште стои?

- Сонцето свети и човекот стои, - реков откако погледнав низ прозорецот.

И ми се чинеше дека истото прашање го поставуваат за човекот што стоеше под бандерата сите оние од котлината на смртта од истурените шатори, оние што со наведнат поглед погледнуваа накај столбот, носејќи ги на врвот големите камења по патеката со расфрлени парчиња бодликава жица, тапкајќи по неа со боси станала, и оние кои папсани ги трпеа ударите со кундаци и челични камшици.

- Стои, - реков. - Само рацете му се прекршуваат во лактовите. Ете, притрчува водникот и му ги подига. Му удри шлаканица... А тој стои... исправен е... Само стапалата му се многу отечени и му изгледаат како подуено шкембе. Чевлите му се искинати и стапалата му излегле надвор... Цел рој муви по неговото лице, по мевот, по рацете и отечените стапала...

- Што прави? Гледа ли? - праша оној што го давеле.

- Ми се чини дека гледа ту во небото, - реков

- час во бескрајот на морската шир и мрда со усниете...

- Пее, пее; тој пее! - викна оној со исечените жили. - Пее, но не се слушат неговата песна, не се.слуша неговиот глас...

Попладнето човекот, што стоеше дванаесет дена, умре стоејќи. Како му беше името? Сите го викавме: човекот што стои. Умре стоејќи. Умре простум. Човеколиките брзо го тргнаа. И насекаде се слушаше ракоплескање. Сите ние што бевме во болницата застанавме крај прозорците и ракоплескавме. И одеднаш влегоа двајца со чукала в раце. Удираа. По првиот удар што го добив по глава, паднав. Ми се чинеше дека сум во некој круг од кој нема излез. Силен крик ме освести. Отворив очи и тогаш врз моето лице се спушти поткована чизма. Не знам кога ме легнаа на дрвениот кревет. Мрднав со рака,

мрднав со нога. Жив сум, си реков. Од увото ми течеше поројче крв и се цедеше на камениот под. Капката удираше врз капка, се распрснуваше, врз неа паѓаше нова и растеше купчето пивтија. Така избиени почнавме како молитва да ја шепотиме стихотворбата: "Анакриси триту ватму" ("Истрага од трет степен" - стихотворба од грчкиот поет логораш во Макронисос, Андреас Леондарис (превод П. Н.)).

Се откажувам од секавичната слава на мојот ум. Се откажувам од огнените таги на моето срце. Само немојте венци од железо да ми стегате, само менгеме и ченгели не ставајте ми на слепоочниците. Се откажувам! Се откажувам! Само оставете ме да живеам! Моите црни денови, моите бели ноќи ги проколнувам, ја немаат вредноста на еден џган и партал. Само немојте на врат да ми врзувате врвца од свила. Се откажувам! Се откажувам! Само оставете ме да живеам! И верниот поглед на старите другари го плукам и ви откривам јавки скришни. Само раце и нозе одврзете ми, зашто и онака не можам да се обесам. Се откажувам! Се откажувам! Само оставете ме да живеам! Се откажувам од главата на татко ми, кој заточението го влече како чемер. Само не кршете ми го стапалото и не горете ми ги слабините со цигари распалени. Се откажувам! Се откажувам! Само оставете ме да живеам! Се откажувам од молчаливиот поглед на мајка ми И со гнасење го повраќам светото и млеко Само изгасете од рефлекторот една капка и не фрлајте врз мене повеќе вода. Се откажувам! Се откажувам! Само оставете ме да живеам! Се откажувам, љубов, од твојата топла воздишка и од моето розово ангелче кое во среќна лулка лежи. Само немојте повеќе пред мојата решетка да го довлекувате нивното плачливо бреме. Се откажувам! Се откажувам! Само оставете ме да живеам! И ако нешто постои исправено, па дури да е свето и славно го откажувам со желба и доброволно се до дното, само немојте повеќе под ноктите со спици, немојте сол во раните и вода до збеснување. Се откажувам! Се откажувам! Само оставете ме да живеам! Ах! Колку добро! Сега ќе живеам! И сега земете ме ако ви чинам, штом до тоа ме доведовте: тело во рани, снеможено од болка, недостоен дури и да умрам...

Ја шепотевме за презир, зашто презирот помага да се опстојува, да се живее. Ама колку долго? Веројатно онолку колку што си присакува човек и од работите што се викаат сонце, цвеќе што разубавува облагородува... туку, ете, некој друг, исто така плод на природата, според силата на својата одроденост и отуѓеност од човекот и на самата природа и го обез личува ликот.

Во Макронисос, реков, не дозволуваат да умреш. Таму смртта е благодет, спас. Таму смртта е забранета. И таму се ништожни човековите желби затоа што таму е пренесен дел од насилството што се врши во цела Грција. И во таквиот свет е забрането човек да има

желби како што во светот на религијата е забрането да имаш и да веруваш во повеќе богови...

Една ноќ не однесоа во котлинката каде што е сместен логорот за жени. Стоевме во строј по еден и гледавме како ги тепаат. Во мугрите пуштија волчјаци. Лаеж кучешки и женско лелекање и пискот. Истрелаа црвена ракета и кучињата се прибраа во кафезите. Во изгревот на сонцето ги собираа жените.

...И јас решив.

Утрото се јавив кај водникот и му реков:

- Господине, одведете ме кај командантот на А2.

- Зошто? - ми се оџвари тој, но јас упорно настојував. Ме одведе. Застанав во став мирно, онака војнички, рапортирав и реков:

- Господине мајоре, дозволете ми да потпишам... се покајувам...

Мајорот без збор ми подаде хартија и пенкало, велејќи:

- Повели, педи му (дете мое), врати се во прегратките на татковината.

Потпишав. Се исправив. Стоев во став мирно. Мајорот погледна во хартијата и, откако го прочита моето име и презиме, со заповеднички глас викна:

- Војнику Харилае, врати се во стројот и верно служи и на татковината!

Јас стоев.

- Војнику Харилае, сега врати се во стројот!

- Господине мајоре! Дозволете ми да се пријавам во баталјонот што се подготвува за на фронт!- отчукав војнички.

- Браво! Браво! викна мајорот. - Најпосле ја сфати својата грешка... Браво! Мајката татковина ти простува, педи му! Врати се во стројот! Скопос (стражар)!

На вратата се појави стражарот и, по наредба на мајорот, ме одведе во баталјонот. По два месеца вежби во Макронисос, баталјонот стигна на Грамос. Така јас излегов од пеколот... Влегов таму низ тесното вратиче што води кон измачувањата и излегов низ истото тесно вратиче зад кое останаа десетици и стотици кои не сакаа да погледнат кон вратичето низ кое излегов јас. Излегувајќи, во нивните измачени, и страдни очи гледав само презир. И во моите очи имаше презир и решеност. И во првиот јуриш, јас, митралезецот на втората десетина на четвртиот вод, штом се најдов на дваесетина метри пред четата, се свртев, погледнав во момчињата со англиски шлемови и почнав да пукам по нив, не... почнав да пукам по Макронисос... Го фрлив празниот шаржер и ставив нов и рафал... Залегна четата. Вашите тргнаа во јуриш. Стоев исправен и, кога се доближија вашите, го фрлив митралезот. Не успеав да подигнам раце. Автоматски рафал ми ги пресече нозете. Паѓајќи, успеав да го видам водникот што ме одведе кај мајорот за да потпишам. Тој клечејќи на

едното колено пукаше во мене... Не, тоа не беше водникот...
Макронисос пукаше во мене...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 4

ТОЛКУ МИ РАСКАЖА Харилаос, дваесет и двегодишно момче од некое планинско село на Пелопонез. По десетина дена го преместија во друга соба, а потоа го префрлија во воената болница во Тирана. И повеќе не го видов. Но гледав други, исто така осакатени. Некои од нив ги испраќав до гробиштата што се наоѓаа потаму од болницата, отпоздравував кога ја израмнуваа земјата над нив и се враќав во мојата постела. Секој ден пристигаа нови ранети, а оние што заздравуваа ги префрлуваа во други болници, а најчесто во Сук. Е... Сук... И таму бев, но за Сук можеби другпат ќе ти раскажам. Одев таму, велам, на партизанските гробишта, де, на нашите гробишта, ама не да закопувам, ами да се поздравувам со другарите знајни и незнајни. Застанував така, потпрен на патерицата, улуглав и си зборував со оние што лежеа под црвенилата. Им раскажував за се што слушав од новите ранети. Одев таму се додека не стегна студенилото, зашто и на гробишта не треба да се забораваат другарите од бојното поле. А престанав да одам не само поради тоа што студеше, ами затоа што немав во што да одам. Едно утро, кога се разбудив, сестрата ми прииде, и ми подаде ливче хартија. Прочитав: “Другар, тебе не ти треба ни шинел, ни панталони. Ги позајмив, можеби, до следното видување. Остани ми со здравје и чувај си ги гаќите. Здраво !” Нема што! По два дена некој ми ги позајми и цокулите. Едната беше нова, од отсечената нога, а другата од долу скината. Останав и бос. Ама не престанав да ги посетувам новодојдените другари. Се завиткував со ќебето и, куц-куц, ете ме во некоја соба. Де им свиткувам цигарче на ранетите, де им подавам вода, де им ја поправам перницата или ги покривам, ги тешам, слушам што раскажуваат. Се беше интересно и болно. Губевме секаде.

Дојдоа и првите снегови. Стегна мразот.

По нова година дури до крајот на јануари во болницата постојано пристигаа ранети. Повеќето имаа замрзнати нозе. Битката за Негуш и Воден не успеа. Во февруари не успеа и битката за Лерин. Во собите и коридорите поставија нови кревети во кои лежеа и по двајца, некаде и по тројца ранети. Нас, старите, не преместија во соседните бараки. Кога една вечер болничкиот двор се наполни со камиони и по лапавица почнаа да ги растоваруваат ранетите, излегов од бараката и му се доближив на елен возач што лежеше на снегот.

- Ранет ли си, другар? - го прашав.

Тој ме погледна со папсан поглед и рече:

-Уморен сум, другар. Две ноќи не сум спиел. Чекам да го растоварат камионот и да тргнам. На границата чекаат стотици ранети и замрзнати... Ја посравме работата во Негуш и во Воден... Ја посравме... Имаш ли цигара? Ни нозе ни раце чувствувам... Додека се

искачивме по серпентините над Прењес, душата ни излезе. Снег до над колена. Вее лапавица, камионите остануваа во снегот, а јас со мојот морав да ги влечам еден по еден до горе. Цел ден. Ранетите ми мрзнеа. А кога поминувавме по Прењес, ех, што да ти кажам... Се истурија жените и старците од бараките и навалија на џадето. Не смееш да застанеш, наредба. А се довикуваат мајките со своите деца плачат, колнат. А ние возевме ги прскавме со разводенет снег, тие шлапаа во водата и калта и викаа, се довикуваа. Од камионот што возеше пред мене некој ја подотвори церадата и исфрли цела шепа писменца. Ги понесе ветерот и заедно со снегот ги растури. Си замислувам како сега луѓето чепкаат во снегот, како ги бараат писменцата што се дел од нивните најблиски... Сум се изнагледал ранети и убиени, ама толку расплачени и толку нажалени и натажени жени, никогаш досега. Кој ли беше тој луд што ги сместил бегалците во Прењес, токму на патот каде секој ден поминуваме со ранетите? Кој?

- Мене ли ме прашуваш, пријателе? – му се обратив, подавајќи му цигара.

-И тебе, и себе си и сите... А ти, долго ли си тука? Без едната гледам...

Не реков ништо. Се свртев и тргнав накај бараката. Ноќта останав буден. Не можев да заспијам. И не ми беше прва. А ранети пристигаа и после петнаесетти февруари. Тогаш најмногу. И во Лерин ја посравме работата. И така, мој Пандо, едно утро јас пак влегов во една од болничките соби. На креветот, веднаш до вратата, забележав девојка. Лицето некако познато, ама не ми текнува која е. Ја гледам, ја гледам и ја познав. По веѓите.

- Калеша! - викнав. Таа отвори очи и се загледа во мене. Ги намршти своите долги и танки веѓи, кои повеќе личеа на пијавици, намршти чело, долго се силеше да си спомни кој сум.

- Калеша! - викнав уште еднаш. Зар не ме познаваш? Јас сум, Нумо.

Ја викавме Калеша. Така ја викаа и во другите чети. Таа се насмевна болно и прошепоти:

- Нумо... ти си жив? Жив?...

- Па не сум ангел, Донке... Жив сум...

- А ние мислевме дека тогаш таму, на Камна...

- прошепоти со скршен глас. - Се радувам, Нумо, што те гледам... А јас, ете, јас... - почна да липа. Ја подигна десната рака. - Ми ја нема дланката, Нумо. Останав, јас кутрата, без рака... Во Лерин ме ранија. Кога се повлекувавме си ја шинав ногата и останав во снегот. Замрзнав...

Седнав на нејзиниот кревет, и ја зедов десната рака во моите широки дланки и почнав да ја галам. И мислев на таа убава нејзина

бела, мала и мека дланка што сега ја нема. Таа ја сврте главата. Не сакаше да ги гледам нејзините солзи.

Донке... Калешо.... прошепотив. – Не грижи се. Ете, и јас сум без едната и жив сум. Нели ти рече дека сум жив, а?...

Во собата влегоа лекарите. Ференц се поздрави со мене и ме праша:

- Се познавате? Стари пријатели, а? Како сме, девојче? Храбра си ти, храбра. Да ги видиме нозете. Сестро, помогнете.

Јас стоев настрана. Кога и ти одврзаа бандажите, затворив очи. Нејзините стапала беа црни, а над глуждовите, нозете и беа отечени и сини. Ференц забарабани со прсти по рамката на креветот, длабоко воздивна и на шпански му рече нешто на Богдан. Потоа и се обрати на сестрата:

- Сестро, подгответе ја пациентката... - Тој пак се загледа во нозете на Донка, рече нешто на шпански, потоа ја погали по лицето велејќи:

- Ти си храбра девојка... Како ти е името? - прашуваше на шпански, а Никос веднаш пренесуваше на грчки. - Донка, Донка...

По половина час влегов кај доктор Ференц. Таму беше и доктор Никос.

- Докторе Ференц, што е со нозете на Донка?

Доктор Ференц ме погледна и преку доктор Никос ми рече:

-Нумо војна е...

- А каде и е плетенката, докторе Ференц?

- Плетенката? Таа имаше само изгорена коса, Нумо. А зошто ?

- Плетенката, докторе Ференц, беше гордост на целата наша чета. На целиот баталјон. Сите ни завидуваа, докторе. Замислете, пред да тргнеме во бој, постојано и велевме: - Донке, Калешо, чувај ја плетенката... А имаше до самоти колкови долга, црна, тешка и бујна плетенка. Ту ја свиткуваше круг до круг, ту околу главата и личеше како да имаше круна, како да имаше венец. А во тој венец понекогаш ја молевме да вплете маргаритка, јасминово цветче, темјанушка, кој како наоѓаше и нудеше. А таа не сакаше никого да одбие. Значи колку радост ни носи. И ние ја сакавме неа и нејзината плетенка. А кога ја расчешлуваше, докторе Ференц, а кога ја расчешлуваше, како тељови, црни, ама блескаа во првичниот зрак на сонцето, како црна свила таа нејзина долга коса и се распостелуваше по рамената, по плеќите дури до витата половина и и ги покриваше колковите. Кога ја, чешлаше, докторе, доволно беше да има само малку ветар. А ветрот, а ветрот, докторе Ференц, ја разбрануваше лесно и тогаш личеше на одвај разбранета неожнеана нива... Не даваше машка рака да ја допре... Со брзи, но нежни движења на своите прсти знаеше за миг да ја сплете плетенката. А таа плетенка, а таа плетенка, докторе Ференц, имаше мирис не само на млада девојка, ами и на планинска и

шумска зора, на пресен утрински ветар, на роса врз растреперена темјанушка, на млади борја и, на планински поток, на свежо сено, на ноќен ветар, имаше, докторе Ференц, мирис на свежо ископан ров, мирис на штотуку довршен бункер, мирис на јаново цвеќе, мирис на шумска јаготка, а најчесто мирис на барут... докторе Ференц.

Доктор Ференц се загледа во мене и, по подолго молчење, ме праша:

- Нумо, зар ти немаш во што да се облечеш? Зошто вака завиткан во ќебе ми се шеткаш од соба в соба?

- Војничка, партизанска работа, докторе, Ференц. Ако не си ги причуваш, ќе си ги позајми некој...

- Сестро, - викна доктор Ференц одведи го колегата во магазинот и кажи им дека јас наредив да му дадат панталони, блуза и шинел. Ако нема шинел, тогаш ќебе.

- Ќебе, докторе Ференц, не ми треба. Ете, доста ми е ова.

- Тоа ќе остане тука. Ти вечерва со многу други ќе заминеш во Сук...

- Во Сук?!

- Да, Нумо, во Сук. Јас одам таму понекогаш, и ќе се видиме. Оди поздрави се со другарите и на пат, Камионите гледам чекаат. Адиос амиго...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 5

НЕ ЗНАМ колку бевме. Многу. Донесени од сите болници. Најмногу оздравеници, но и многу без очи, други без раце, без нога, криви, сакати, слепи, падавичари... Оздравениците, дури и оние со одвај затворени рани не остануваа долго. Ноќе доаѓаа камиони, набрзина стисок на рака, кратко збогување и на фронт.

Спиевме во бараки. Од обете страни рамно заковани штици. На два ката. Во средината ходник широк колку двајца да се разминат. Спиевме еден до друг на постела од штици и ништо врз нив. Врз нас најчесто шинел или излитено ќебе или ништо. Под мојот шинел лежевме двајца. Јас и Вангелис, Грк од Тесалија. До нас еден Маџир од Костурско. Не разбудуваа рано, пред да изгрее сонце. Излегувавме на гимнастика. Мавтавме со празните ракави и пачовици, потскокнувавме колку за да ни се раздвижи крвта и се враќавме на своите постели од лошо изрендани штици. Таму, во тишината на зелените ливади и огромните лозја, сите станавме генерали и го знаевме решението на секоја загубена битка. Жолчно се расправавме по цели денови и ноќи. Зошто? Затоа што губиме, а оние што имаа малку повеќе прочитано, што имаа завршено и офицерски школи се обидуваа да објаснуваат, но може ли да се наткрили желбата и упорноста за да се постигне замисленото? Икар сигурно знаел што го чека во височините уште пред да си ги врзе крилјата, но штом се вивнал во небото, височините му станале желба, во него се родил духот на севозможното. Така и кај нас. Ние, селани, со запленето оружје успевавме да го биеме непријателот, да го истеруваме од бетонските бункери, да го гониме и велевме дека се бориме не само против грчката кралска војска, ами и против Англија, таа изјаловена морска кралица, и против Америка. И ние прости селанчиња, ја биевме Америка. Го биевме непријателот на Копанче, Алјавица, Круша, Тумба, Бела Вода, Бигла, Горуша, Харо, Клефтис, Патомата, Орле, Одрето, Пиргос, Бел Камен, Главата, Кула, Свети Илија, Јоргова Глава, Мали Мади, Вичо, Буци, Јанова Глава, Плати, Кулкутурја, Буковик, Баро, Јамата, Поленатa, Врбица, Стените, Кајмакчалан... Го биевме по планините на Македонија, на Епир и Тесалија, на Румели и Пелопонез... Од сите тие места не имаше таму, во Сук. Наспроти мене - пристар маж со два празни ракава. Во неговата сива коса беше Првата светска, Малоазиската, Акронафплија, Метаксасовата ренка и рицинусот, албанските планини, германската, судирот со ЕЛАС, планините и ридиштата на Кичевијата и Шар Планина и сега оваа... Натежнаа врз неговите рамена годините и времињата врз кои падна премреже... До него, Грк, во исти години. Ракавот му е празен и место око - црна кожлинка. Постојано пее прашалнички и молбено, тивко и меко, набожно и

жалосно, тревожно и трогателно, осаменичко и жаловито, плачевно и тажовито една иста песна:

Зошто се црни планините и расплакани си стојат?
Виулица да не ги удира и дожд да не ги бие?
Ниту виулица ги удира и ниту дожд ги бие,
Само смртта минува мртовци насејќи.
Напред ги влече младите и старците зад нив
И кревки дечиња наредени на седло...

Прекинува и молчи, чиниш колку за да земе здив. На неговото лице, жолто како восок од липов мед, блеска сината зеница на здравото око...

- Зошто се црни планините и расплакани си стојат?... - тивко прашуваше еднооkиот, нишајќи се на дрвената постела.

Така, Пандо, во Сук не имаше од секаде. Препативме заедно и не можеме туку така едноставно да си речеме: па, збогум. Многу јадови и чемери беа собрани во нас, многу омраза растуривме. Стигнавме до растока. Но и на растока има место да се подаде рака. Кога не би направиле така, тогаш би си плукнале на крвта што заеднички ја пролеавме во ист ров, во истиот бункер, на парчето леб што го делевме, на капката вода што ја цедевме, на раните, на солзите, на достоинството што го создававме заеднички, на сето она што со мечтите го градевме на ридиштата и снеговите на Грамос и на Вичо. И лажни, ниски, недостојни би биле кога би направиле поинаку. А дека некој таму, од едната или другата страна, откако обеси пушка на трн и најде топла постела под покрив, каде што не го удира виулица и не го бие дожд и отстрана се топори и сее зло, треба и нему да му го најдеме местото меѓу нас. Ние сме семето на онаа земја онаму, преку граница. И таму животот ќе биде онаков каков што го сакаме ние, очаблавените... Ќе дојде и тоа време кога со овие дрвени нозе ќе зачекориме по булеварите на Солун и Атина. Ќе крцкаат пустите и ќе не потсетуваат на рафалите и на другарите што останаа таму или што ги закопуваме тука секој ден понекој; на полудените, обезумените и на оние што престанаа да веруваат. Но дотогаш, кој знае каде ли уште нема да стигнеме. И кој знае низ колку патишта, непрегледно долги и далечни ќе изминеме се додека не се вратиме во нашите домови кои можеби ќе бидат обраснати со шипје... Зашто секогаш одевме некаде и секогаш се враќавме од некаде... Реков и велам, ние сме семето на таа земја. Ако успееме да ја искорениме омразата, тогаш ќе родиме богат род. Се уште сме оптоварени со многу пороци и можеби затоа во нас има сомневање и не секогаш си веруваме. И тоа е борба, како што е борба кога сакаш да излезеш од мочуриштето и од секоја злоба, од секое лошо, од реата, би рекол... А тоа со митинзи не се чисти. И

колку поголеми се буквите на паролите, толку повеќе ѓубре потоа се совдава. Црвот не се чисти туку-така. Прво ѓубрето...

Убаво е кога во очите на луѓето гледаш мирен одблесок на зениците. Тоа ти е исто како да ја гледаш нивата што лани си ја посеал како напролет зеленее и како ветрот ја бранува пченицата. Имавме такви мигови во Сук. Мирни. Сенештата биеја во нас. Гледавме во синото небо и заедно со облачињата се пробивавме низ светлината и литавме по бескрајниот лазур... Седевме во топлите мајски пладнија на зелената трева и гледавме се додека околните планини не добија боја на пепел. А небото, бледозлатесто, пурпурно, сребренесто, распалено - на зајдисонце имаше боја на вино. А боите меки, нежни, влажни во првата вечерна роса, не те одвлекуваат од свеста дека во животот сепак има надежи и дека борбата е неизбежна само заради животот. Така во нас навлегуваа помирни и средени чувства, но лошото беше во тоа што имаше такви кои сакаа во нас да го уништат чувството на самосознателноста.

Во првите денови на мај во Сук донесоа многу сакати девојки. Меѓу нив и нашата Калеша!...

Ги гледав, Пандо, и се чудев. Какви срца имаат, - си мислев - што ли ги бодри толку да одат толку исправени, исправени колку што им дозволуваат скршените лопатки, ребра, испосечените нозе и раце, слепи, чолаци и најпосле тие патерици во нивните раце, под нивните мишки? Каква ли е оваа судбина за нив? Какви ли соништа сонуваат?

Такви бевме таму тукуречи сите. И такви какви што бевме, умеевме со радост да гледаме како изгрева сонцето и да ги разликуваме сите мени на утринските бои; умеевме со восхит и страст да му се радуваме на сончевиот зрак што преку цепнатинките на бараките се разигруваше на ѕидот; знаевме во него да гледаме се додека го снемаше, да гледаме во молк и исполнети со надежни мисли; знаевме во свежите зори да го слушаме ведриот пој на птиците; знаевме до зачудување да се загледуваме во чашките на расцутените цвеќиња, во кои проигруваше пчела, во килимот на зелената трева и до бесконечност да го следиме облачето заскитано на синото небо...

И, кој знае, можеби затоа девојките со патерици, безоки, со обезличени образи, со истрижени глави, со лузни, со се уште незатворените рани, со празни ракави од воените блузи, со тешки војнички цокули, ни изгледаа толку убави. И ноќе ги сонувавме и дење по цели часови ги галевме со погледите... занесено, блажено, нежно, страсно, галежливо, умилно, топло и со наслада...

Ги гледав и си мислев: зар судбината за такви ве предзначи? Еј, ти, Донке, Калешо, што ти се отсечени обете нозе и дланката од десната рака, како ли ќе, го поведеш невестинското, како ќе го развееш шамичето на оро, како ќе го заиграш “Берачето”" наше ?

И се расплакав кога ја видов и неа, Донка Калешата, на оро! Доклинкав долу, долозјето, легнав во тревата и плачев, Пандо. Плачев од радост. Тука во градиве, нешто ме удираше, а тоа беше гордоста и достоинството за Калешата. Иако не беше онаа Калеша од нашата чета, со долга плетенка како божица, вита и на орото како самовила... Но, сепак, тоа беше нашата Калеша. Иако сега тромава во движењата, со малку згаснат жар во очите, со малку тажна насмевка на лицето, но тоа беше Донка Калешата. Косата и беше, порасната до половина прст, но беше густа и исто така црна и светликава. И така фатен во орото на сакатите таа, иако држена под мишките, зачекори во животот... макар и очаблавена, таа се фати на оро, смогна сили да најде потпора во радоста на постоењето и сигурност во другарувањето со слични на себе и да се чувствува достоинствено, ведро, животворно и полетно. И се радуваше таа, Калешата. Учеше веќе озарено, полека, внимателно, како да гази по скршено стакло со боса нога, да клекне покрај маргаритките, кротко и умилно да ги кине и да ги собира во скутот. Потоа плетеше венчиња.

Еден ден ја видов со такво венче на глава и Катерини, Гркинка од Румели, со вдлабпато чело и без левото око. Косата и нараснуваше. Таа со едната рака си го придржуваше венчето над очната празнина што и ја имаа покриено белите ливчиња на маргаритките. Коста, дебел и едноног артилерец во италијанската и во ДАГ, се потпре на патерицата и се загледа во девојката. А таа, минувајќи покрај него, му подвикна:

- Дебелко, не потпирај се толку зашто ќе ти се скрши... патерицата.

Катерини промаршира пред нас. Насмевната беше, но јас по треперењето на нејзините рамена видов како липа во себе згрчено, како пати. Никој не и ја виде очната празнина, и вдлабнатото чело, и големата лузна на десниот образ. Сите видовме убава, вита девојка, наша девојка, автоматичар и носител на орден за храброст. Сите гледавме само убава девојка иако војничките панталони и беа многу широки, иако широката англиска блуза и криеше се. Во Сук дојде од болницата во Тирана, а таму стигнала како ранета во Бела Вода. Имаше вдлабнато чело од тешка рана, празнина место око, голема лузна на десниот образ, но имаше румени, набабрени и страсни усни. И насмевка - занесна, опојна и страсна.

Така се раѓаа кај нас нови мигови на радост и надеж што според природата на нештата траеја кратко за да им отстапат место на нови грижи, сомнежи, внатрешни разјадувања, мрачни размислувања по кои доаѓаа нови искушенија...

Меѓутоа, ние таму, во Сук, не се загледувавме во нашите лузни, во нашите незатворени рани и не мислевме на својата болка. Не заспивавме се додека не тргнеа камионите натоварени со наши другари. Не приредувавме свечени испраќања. Знаевме: тргнуваат онаму од каде што стигнаа тука. И тоа го сметавме за секојдневна задача, иста како онаа таму, на фронтот. “Добар пат, другар, и патот нека не ве донесе пак тука” - шепотевме кога веќе не допираше брмчењето на камионот. Не окрилуваше желбата и такви какви што сме да се најдеме на линија, на позицијата. Преку тоа сакавме да си останеме исти како порано, но збогатени со нашите рани, со нашите лузни, со изваденитe очи, со празните ракави и пачовици, ете, такви, ама полетни и поумни... И морам да кажам дека бевме најтажни кога сонцето не светеше, кога небото го покриваа црни облаци. Така еднаш цела недела небото ту беше црно, ту сиво, далеку се слушаа грмежи. Чекавме да се разведри зашто се повеќе и се почести беа караниците меѓу другарите.

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 6

И ПУКНА. Молскавици го расекоа небото и удри да врне. Ама каков дожд! Се слушна гласот на одговорните на бараките:

- Надвор! Ајде, сите надвор! Станивај! Станувај! Надвор!

- Зошто? - праша некој.

- Како, бре, зошто? Зар си слеп? Не гледаш дека врне?

-Слеп сум, другар...

- Па зар не слушаш како врне?

- Слушам другар.

- Па тогаш, надвор!

Излеговме и на мегданот пред бараките почнавме да се миеме под пороjниот дожд.

- И мандалата, јунци! Да ви светнат! Засмрдевме... - викаше некој. - Од пот и друго мирисаме како црчови. Се, се, се да истриете од вас. Нека го однесе дождовницата...

- Се, бога ми, ќе истријам, - рече еден друг - и потоа цел ден ќе седам и ќе кршам вошки.

- Еј, ти, бре! А бре собуј ги чорапите. Измиј си ги нозете зашто ти смрдат како селско буниште.

- Ја, за да ми се извалкаат стапалата во калта. Види го умниот!

- Еј, момци! Гледајте. И девојките се бањаат.

- Зошто да не! Кај нив има повеќе што да се мие. Памтам, ланската година беше, некаде на Грамос, командирот на четата на сите девојки им даде по парче сапун што го имавме запленето претходниот ден. Ги натера да одат да се мијат во планинската река. Господе мили, кога се вратија, господе мили, кога се вратија, Богородице девице, бели и свежи, румени, убави. И се обратив на една: "Дај ми го сапунчето да се измијам". А таа ми се смее в очи и ми вели: - "Море, какво сапунче. Не ми стигна да си го измијам ниту едниот бут, така што другиот ми остана недоизмиен…" А газлеста и месеста беше, уф!

- Мијте се добро, - се очавчи одговорниот на нашата барака. - Мијте се добро зашто не се знае кога ќе заврне пак...

Тој во ДАГ беше командир на чета, па и тука донекаде ја имаше моќта на командир и секогаш се однесуваше така.

- А јас ви ветувам дека, кога ќе ја ослободиме Атина...

- Их, мајката, - довикна некој - уште од шумите не излеговме, а овој веќе ја гледа Атина...

- Не зборувај и слушај! - викна очаблавениот командир на четата кој стоеше со широко поставени нозе во калта и со едната рака си ги триеше градите. Левата му остана на Кајмакчалан. - Тогаш јас, вашиот старешина, ви ветувам дека секој од вас барем еднаш ќе се избања во кадата на кралицата. Јас лично ќе се грижам кадата да биде

наполнета со топла вода и тоа онака како што му прилега на еден народен борец. И секој ќе добие по едно шише шампон...

- Е, па ти, претеруваш. Јас благодарам. Јас не сакам пијан да лежам во таа кралска када. Види го ти него што ни токми...

- А бре, волу, тоа не е за пиење ами за миење. Слушај и запомни за да не речеш после дека не сум ти објаснил, па да ме срамиш пред некој наш полковник или генерал. Ќе го истуриш шишето во топлата вода, ќе брцнеш со рачиштето два-три пати и целата вода ќе се претвори во сапуница. Густа како најгуст бел облак. А ти потоа влегуваш во таа миризлива бела, или сина, ини црвена сапуница, зависи, по ќеф, каква ќе си избереш. Си легнуваш, се вртkаш, ги гледаш sидовите обложени со позлатени плочки...

- И и ја пцујам мајката на кралицата затоа што народното богатство го изналепила на sидовите... Ах, ах, ороспијата германска...

- Не прекинувај и слушај внимателно за да не се срамиме двајцата пред некој генерал... Значи, ги гледаш sидовите, се огледуваш и во големите огледала. Потоа стануваш и одиш под туш...

- А што е тоа, а? - праша истиот.

- Тоа ти е една помала просторија, обложена со посребрени плочки...

- О, мајчината Германка, и тука најде да го крие народното сребро...

- Ама не прекинувај, бре. Слушај колку убаво раскажува човекот, - му префрли некој.

- ...со посребрени плочки. Така реков, нели? Да, со посребрени плочки. Горе, на таванот и од страните има малечки дупченца. И кога ќе притиснеш едно копче...

- А од каде ќе знам кое?

- Е, ама си здодевен човеку. Па ти рече човекот дека лично се ќе надгледува, нели, другар?

- Точно е. Значи, ќе го притиснеш копчето и тогаш ќе почне да тече вода како... како дожд...

- Их, ама и таа ми е некоја кралица... Од каде пак од миризлива сапуница, па под дожд. Има ли таа кралица, те прашувам јас, пушкомитралезецот на првата десетина, трет вод, втора чета на првиот баталјон на сто петтата бригада, има ли таа кралица барем малку ум штом од топлата вода во широката и долга када оди под дожд? Да не е, случајно, таа кралица малку нетокму, а?

- Под туш, главчо, под туш, а не под дожд...

- Сеедно е, нели, командире?...

- Тушот, главчо, - се обиде да објасни еден од спротивната страна на трапчето што стоеше до колена во матната вода.

- Не сери ти оттаму, - викна пушкомитралезецот. - Штом е така како што вели старешината, тогаш таа оди под дожд. И ќе рече некој

дека е некоја кралица. Пфу! Јас благодарам. И ти немој да ме тераш да одам под тој дожд зашто доста ми е овој и сите оние што ме врнеле досега...

- А како бре, главчо, ќе ја истресеш или ќе ја излижеш од себе таа миризлива бела или сина или каква друга кралска сапуница? А? Добро вели човекот. Под туш! Само под туш! Раскажувај, другар!...

- Потоа ќе се бришеш со големи, меки пешкери, ќе облечеш долга свилена наметка и така, намирисан, секој ќе премине во салата за масажа. Ќе легнува на креветот на кралицата...

- Како, како?

- Реков на креветот на кралицата...

- А дали со кралицата или без неа?

- Молчи! Кралицата, одамна рековме, ќе избега во Лондон или во Америка или кај Франко. А ако не, тогаш ќе ја обесиме на Плака.

- А потоа, другар?

- Што потоа ? Така освежени, секој ќе облече костум сошиен по негова мерка, чевли лукс, на врат вратоврска или пеперутка и на прошетка по Атина или во кафеана на кафе, чашка "Метакса" или "Мастика додекато варели" (Мастика од дванаесетто буре).

- А патериците, другар?

- Доста бре, ти, со тие прашања, - викна нетрпеливо некој. – Имај трпение, па и тоа ќе се реши. Чувај го, редот!

- Ама, чекај, човекот веќе не шета по Атина и ни резервира место во една атинска кафеана, нели, другари, дојдовме дотука?

- Е, па што ако дојдовме. Сега седи мирно, пиј кафе или мастика и слушај ја наредбата...

- Раскажувај, другар...

- Откако ќе здивнеме по овие патила, ќе мораме да се приберемe.

- А јадење, што е со јадењето?

- Е бре, па ти. Па додека шетаме по парковите и кафеаните санким нема да гладуваме? Ќе имаме конзерви.

- Американски, и тоа само со месо.

- Ајде, бре, од тие американски конзерви ланската есен цел месец серевме, а најмногу политичкиот комесар на четата...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 7

ПРЕВАЛИ БУРАТА отаде планините и ние се вративме во бараките. Се слушаа долги грмежи, потреперуваше воздухот.

- Сосем престана да врне, - рече некој тивко. - Ја снема бурата...

- Лажеш - подвикна некој од спротивната страна.

- Лажеш, таа е тука, - се удираше тој по градите - тука е, пустата, ја чувствувам како лудува, како се засилува, се превалува и одново се враќа, се раскинува и бучи во мене...

И стигна бурата, но не онаа што не миеше. Ова беше друга бура. Подмолна, кажипрстна, подлизурничка, која не ретко зад себе оставаше празни кревети. Тешко е кога ќе се разбудиш во зорите и гледаш дека на креветот покрај тебе го нема другарот. Мислиш дека излегол човекот по потребата, на свеж воздух, на цигара... И го чекаш, чекаш, погледнуваш на празниот кревет и на полуотворената врата. Го однела бурата...

Туку јас не довршив за Калешата ... Кога излегуваше на прошетка или одеше кон мензата или кон полјанката со маргаритките, Калешата честопати паѓаше. На почетокот некои сакаа да и помогнат да стане, да се потпре на нив. Ама таа, чинам, лакома за живот, сама сакаше да ги пребродува сите тешкотии, пречки и напори. Желна беше не само за живот. Таа се бореше со својата осакатеност и затоа се препушти на себе си, на своите сили. Секогаш повторуваше: – Сама... Јас сама!

- И во тоа - ЈАС - гледав девојче, кое штом ќе ги направи првите чекори откако ќе излезе од лулка, првиот збор што го изговара, - јас сама ! Така се тргнува во животот. Донка, Калешата наша, тешко стануваше, мачно се исправаше, повторувајќи низ солзи и понекогаш со скршен глас: - ЈАС САМА. - Со овој луд збор почнуваше и завршуваше нејзиниот ден, јакнеше и зацврстуваше нејзината волја. И што ли немаше во неа? И бунтовна младост, и чувство на лично достоинство што не поднесува сожалување, и свесно и сознателно овоплотување на верата дека мора да живее и да се бори со својата осакатеност. И во ноќите кога надоаѓаа топли ветрови носејќи од далеку мирис на морска вода и лесна ладовина откај лозјата, кога месечината и опојниот мирис на јасминте и багремите ги тераа сите под стреите на бараките, таа никогаш не зборуваше за своите маки.

- О, колку е убаво, колку е тивко - шепотеше таа, триејќи си ги местата што пред малку и беа стегнати со ремените. - О, колку е тивко и убаво!

Оние што имаа здрави нозе шетаа, водеа љубов, играа, се радуваа, зашто знаеја тие осумнаесет и дваесетгодишници дека се во расцутот на својата младост, на својот живот и такви умираа, се осакатуваа, лежеа во подгниените бараки, имајќи за постела само три педи лошо

изделкани голи штици и дека по овој разголен ороспиин свет можеби и најдолгиот пат што се вика живот ќе го доодат без нозе, без раце, сакати...

Ние што немавме нозе, не дека не шетавме, не дека не водевме љубов. И тоа го правевме. Не може човек да се покрие со превезот на самозаборавот зашто никогаш нема да излезе од затворениот круг на немоќта и сомнежите во сопствените сили, зашто под него се венее, се се отуѓува и ретко надоаѓа утехата и надежта. И еден со друг се бодревме за да се совладуваме, да почнуваме одново, да го искоренуваме плевелот на малодушноста. Се од почетокот. Како Калешата и девојката со маргаритките. Сам... Се од почетокот! Да не се попушти, зашто, колку пати ќе попуштиш, толку пати ја губиш сопствената слобода... Честопати таквите дочекувања на ноќите и глетките како сакатите девојки носеа цвеќиња во своите коси имаа необична, таинствена, восхитувачка, занесна, опојна среќа. А најмногу не бодреа песните што ги пееше Калешата. Од сите до лудило ја сакавме:

Терзии, браќа, терзии,
Ај, сошијте ми бел фустан,
Без ножици да го скроите,
Без конец да го наберете...

Ја почнуваше Донка. Кога доаѓаше до зборовите “Без конец да го наберете…” се одгласуваа машките гласови. И се чинеше дека во нивните очи гледаш исчекување, во тонот – потсмешливост и прашање: што ли ќе одговори?

Девојче, врашко, девојче,
Ај, да ни месиш кравајче,
Без сито да го отсееш,
Без вода да го замесиш,
Без оган да го испечеш

И веднаш потоа со својот топол глас одговараше Калешата:

Терзии, браќа, терзии,
Јас ќе ви месам кравајче,
Низ трепки ќе го отсеам,
Со солзи ќе го замесам,
На гради ќе го испечам...

Кога пееше Калешата, Пандо, на сите ни се чинеше дека и ветрот престануваше да шуми меѓу лисјата и денот на зајдисонце да дише.

Се чувствувавме среќни. И дали тоа имаше име? Тоа име бевме ние таму, во Сук...

Го гледаш ли, Пандо, оној таму што се потпира на џипот? Е, тој еден ден дојде во Сук. Онака чист и здрав, влезе во мензата. И викна;

- Другари борци!

Го прекинавме јадењето и се загледавме во него. А тој се качи на стол и не меркаше со подзамижени очи. Откако ни се изнагледа, пак викна:

- Другари борци! - и почна да ни зборува за борбата воопшто. Гледаш, Пандо, нам, кои ја понесовме на нашите грбови. Околу наоколу па дојде, до средината. Исчепка тој дека меѓу нас, во Сук, има расипници, неранимајковци, агенти, шпиони.

- Банда славомакедонци - очавчи уста - се предадоа на Југословените и...

- Факти, другар, факти ! - викнав јас. Се си има свое име и презиме...

- Таквите – продолжи тој - имаат добиено задача однатре да ја поткопуваат, да ја разоруваат нашата борба! Ете, другари, - тој покажа кон вратата низ која влегоа четири очаблавени момчиња. Јасно се гледаше од нивните лица дека биле тепани. - Ете, тие, предавниците, се фатени на пат за Југославија. Таму сакаа да пребегаат. Но будното око на револуционерот ги откри.

По еден и пол час го заврши говорот. Станаа и други да зборуваат, всушност да пцујат. Потоа се разотидовме и до зори слушавме како викаа несреќните момчиња. Ги тепаа и за казна и за пример и предупредвање за другите.

Утредента, попладнето, истиот пак не собра и ни одржа предавање. За социјалистичката револуција и за нејзините водачи.

- Ајде, ти, ти, ти со наведната глава, - покажа со прст кон мене. - Кажи ни ти во кое свое дело и што вели великиот Сталин за социјалистичката револуција?

А јас, Пандо, си ја имав одврзано дрвената нога, па така бев поднаведнат.

- Стани кога ти се вели, - ми викна тој.- Да не си и ти, случајно, од оние што свртија опуљ кон Белград, а?

Сите очи се вперија во мене. А некој викна од другиот ќош на мензата:

- Тој бил со Егејската бригада, другар, па кој го знае, нели?

- Аха, - просаска големецот. - Така, значи. Ги знаеме ние нив. Ајде, ајде, де, стани, почна да ми се гаври, - стани и одговори на прашањето...

А мене како да ме фати бес. Одеднаш станав, ја подигнав над глава мојата дрвена нога и колку што ми држеше силата, удрив со неа по масата и реков:

- Еве ја, позадинска вошко, мојата револуција и сите брадести, мускулести и ќоси големци ! Еве ја, еве ја!!! - викав и удирав со дрвената по масата.

А вечерта поминав меѓу дрвените кревети. Тесен е ходникот, нема каде да избегаш. Врз тебе паѓаат удари со патериците, клоци, тупаници, пцости, плунка. И да знаеш, Пандо, не ме болеше толку добиениот удар со инвалидска патерица и што ти не, колку што ме болеше свеста дека тие удари доаѓаа од соборци, од луѓе со кои крвавев не само во еден ров, со кои сум јадел од една порција со една лажица, ја делев капката вода, догорчето, животот... Тоа најмногу ме болеше и ме боли. Стигнав до крајот на ходникот и се свртев, дружјќи ја дрвената под мишка. Ги погледнав разјарените луѓе. Некои се уште ги држеа подигнати инвалидските патерици, други имаа наведнати глави, трети плукаа настрана. Изгледа полека им доаѓаше умот. А јас, како да не беше ништо, седнав на столчето до вратата, полека си ја врзав дрвената, станав, пак погледнав во ходникот. И никој не ми погледна в очи. Штама во бараката. Тргнав накај мојата три педи широка постела од неизделкани штици. Се слушаше само крцкањето на мојата дрвена. Оф, како крцкаше... Оф, како одзвучуваше мојот чекор во таа тишина во која се давеше срамот.

Не стигнав да се качам на мојата постела. Дежурниот ме викна. Се свртев и тргнав накај вратата. Излегов. Надвор ме чекаше камион со притулени светла. Двајца ме фатија под мишки и ме фрлија внатре. Потоа влегоа и тие. камионот тргна. Кога се најдовме на патот што се влече покрај морскиот брег, прашав:

- Каде ме водите?
- Биди среќен што вака заврши.
- Каде ме водите?
- Во лудница...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 8

ЛЕКАРИТЕ добро се однесуваа спрема мене. Па дури се караа со оние од персоналот што имаа добиено наредба да ме тепаат и да ме врзуваат. Еден ден додека си шетав по дворот, дојде еден албански полковник. Кога ме виде како клинкам со патерицата, ми се доближи и ме поздрави. Дигнав поглед и... што да видам... Го познав човекот. Нашинец, ама албански полковник. Му кажав кој сум и дека го познавам. Четириесеттата се запознавме. Како? Тоа е друга приказна. Тој е нашинец, знаеш, од нашинците чии места, по делбата ги приграби Албанија за да биде поголема. Се му раскажав. И му реков дека не сум правдо и оти свој ум си имам... Тој ме погали по рамото и ме одведе кај управникот. Зборуваа нешто на албански. Полковникот подвикнуваше, ама што, не знам. Нејсе, на одење, на нашки ми рече:

- Земи си ги парталите и качувај се во камионот.

- Немам ништо.

- Тргнувај.

Ме врати во Сук.

А оттаму, кучкините синови, има таму една шепа од нашинците кои имаат големи уши и долги јазици, па и на лајното му викаат папо. Ете, Пандо, така јас станав падавичар. А сношти еден од овие кутри луѓе ми рече:

- Другар, чувај се...

И се чувам. А знаеш ли зошто денес толку се дереше оној од џипот? Не знаеш? Ќе ти кажам, ама да заборавиш. Си го загуби, човекот, пиштолот. Ете зошто толку се дереше...

- А што сте зборувале утрото толку долго? Нешто си им покажувал со раце, си нишанел...

- А тоа? Да. Ги молев тие од џипот, за нив прашуваш, нели?

- Ами за кој друг, за нив, Нумо.

- Им реков, пратете ме долу. Мене не ми треба да одам ваму-таму. Со мојата болест згрешивте. Им велам: оставете ме во некој бункер. Стомне вода, троа леб, два-три сандаци патрони и митралез. Многу ли нм барам? Што е тоа за еден сакат како мене, Пандо? А? Прењес не е за мене, не е ни друштвото со падавичарите... Си знаев јас што е тоа Прењес. А и тие знаат. Умираш и не можеш да умреш, полудуваш и да полудиш не можеш. Можеш само да се обесиш. Ама кому му е потребно тоа? А јас секогаш им барам само еден бункер, митралез, стомне водичка и троа леб. Многу ли им барам Пандо? Што ќе речеш ти?

Пандо, дрезнејќи ја својата цигара од тревки, се загледува во неговите сини очи, плука настрана и процедува:

- Што да речам јас? Ништо... Се искоренивме и толку. А за искоренетиот никој не сака ништо да знае и никој не го прашува каде

му е коренот. Нашиот камен, Нумо, се истркала и трева веќе не фаќа. Ете, тоа го велам јас, лудиот Пандо - гробарот, како што ме викаат...

Нумо воздивна, прибра рамена, плукна и рече:

- Устава многу ми горчи. Како да ми е полна пелин...

- Па пелин ти е животот, Нумо, ами што друго.

- Можеби и тоа е, Пандо... Туку, знај, ако еден ден ме снема под оваа стреа, тогаш да знаеш дека јас сум некаде на Вичо. Јас не сум навикнал да не го добивам она што го барам. И со дрвената ќе тргнам и ќе доклинкам... Немам сила да ги гледам жените како при секој изгрев и при секој залез истрчуваат на друмот... Кога гледам жена во црно и со подигнати раце како трча зад камионот, ме фаќа страв па си мислам зошто ли ја дотеравме дотука. Ајде, ние мажи, тргнавме кај што тргнавме, ами зошто жените... Ама и јас си трескам глупости... Па јас бев еден од тие што сум ги терал девојките да одат во партизани, значи што сум ги мобилизирал, велам, па зошто сега ги сожалувам?... Треба ли да ги сожалува човек? Не треба, Пандо... Кој маж издржа повеќе од нив? Ете, те прашувам тебе што си постар од мене и што си видел повеќе во светот... И јас видов, но таму, на Вичо, на Грамос, и тука, во Албанија, во болниците... Што видов? Многу повеќе од тоа што ти кажав. И пак ќе речам: жалосно е кога гледаш млади моми како одат со патерици. И пак ќе речам: каква ли свадба ќе имаат тие и дали ќе имаат? А ако имаат, како ли ќе го поведат орото невестинско со една нога или без нозе, како ќе ја развеат шамијата на оро без рака? Како ли? Ете, јас, сакатиот Нумо, кому и јазикот сакаат да му го откорнат затоа што вака прашуваше, те прашувам тебе, што си постар и што си видел повеќе од мене, ама не си го видел Грамос, не си го видел Вичо, не си го видел сакатите девојки и момчиња и не си се запрашал како ќе го поведат орото свадбарско...

Пандо климна со рамењата и процеди:

- Тука, во Прењес, не се вели ништо. Тука се тагува, се жали, се трча зад камионите двапати дневно, се плаче, а ако некој рече нешто што не чини, а никој денес не знае што чини и што не чини, тогаш на огласна табла како што го направиле редот: контра, луд, арамија, плашливец, неранимајко... Што сакаш да ти кажам?

- Сакам да те прашам уште дали си видел како во кошници или на количка изнесуваат отсечени нозе, раце, извадени очи? Не? Е, да не видиш. Сестрата во болницата во Елбасан ми рече дека мојата нога ја изнела во количка. Значи јас, тука во албанската земја оставив дел од себе, ама себеси ќе се оставам долу. Отаде планините. Тука, во Прењес, разорен ми е умот, здробена ми е душата. И знаеш ли на што личи целиов Прењес? На загноена рана. Така, велам, на загноена рана... Што ќе кажеш ти, Пандо ?

- Што да кажам... Од кажување ничија болка не олеснува, ничија рана не заздравува. Јас навикнав да молчам и во молкот да ги преболувам болките... Молчејќи да копам гробови, да ги закопувам испадените и да ги гледам оние од џипот така чисти и добро нахранети. Не дека им се плашам. Туку за инает... Ниту опуљ не свртувам кога им крцкаат чизмите и кога се чигават пред луѓето и се дерат за победата во која кој знае дали воопшто веруваат...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ – 9

ЦЕЛИОТ претходен ден и во текот на ноќта врнеше. Патеките беа калливи зашто цела ноќ поминуваа нашите. Во долги редици ја месеа калта ги влечеа маските и коњите за узди, а кога ја фаќаа угорнината што води накај Шак, ти знаеш тие места, а? Е, угорнината тешко ја земаа. Се лизгаа, а најмачно им беше на товарените правда. Се лизгаа тие, па стигнуваа до реката. Ги собираа сандаците со фишеци и вреќите со храна, и на своите рамена ги носеа горе. Правдата со скршени нозе ги убиваа и ги товареа на други или ги дереа, ги распарчуваа и ги носеа горе. За месо.

Во рани зори излегов од земјанката и појдов до реката. Водата ги подлижуваше ниските гранки на врбите. Си помислив дека водата сигурно ќе надојде. Небото беше црно и не ми се гледаше дека дождот скоро ќе престане. Се вратив во земјанката, ја зедов дебелата ортома и ја врзав за стеблото на врбата. Потоа влегов во реката. Излегов на другата страна, во албанско. Кога го врзав крајот од ортомата за елата, ми пријде еден албански наредник и, помагајќи ми да ја врзам ортомата ми рече дека владините војници вчера слегле од Стените, го зазеле Крчишта и веќе копаат ровови на ридот Синадеврид. Ги знаеш тие места, нели? И рече уште дека, ако дојдат во Телок, не е чудно да се спуштат дотука и да се обидат да не фатат. Ја врзав ортомата и, држејќи се за неа, се вратив. Претпладнето огреа сонце. Луѓето излегоа од земјанките и почнаа да ги обесуваат за сушење наводенетите алишта, черги и покривачи. И одеднаш пукање на митралези, ама одкај Албанија. Албанците отворија оган. Куршумите свиреа над нашите глави. Оган отворија и од горе, од шумата. Знаев не се нашите, туку бурандарите. И тогаш некој викна: бегајте! Се нададоа сите накај албанско. Арно ама реката надојдена, матна, луда. Добро што ја врзав ортомата. Викнав: луѓе држете се за ортомата. Ама кој ќе слушне. Пукотници од обете страни. Се нададоа луѓето накај реката и, држејќи се за раце, ја преминуваа. Неколку албански војници фрлаа ортоми, а мојата ортома како да не ја гледаше никој. Ја фатив мојата домаќинка за рака, влеговме во водата и, држејќи се за ортомата, ја преминавме реката. Е, дури тогаш некои ја видоа мојата ортома. Јас се вратив да земам нешто од јадењето и покривачите. Зедов колку што можев и пак во реката. Кога застанав на брегот, слушнав женско гласно плачење. Свртив опуљ. До половина во вода и со детето дигнато над глава, викаше и плачеше Лабровица. “Држ се за ортомата!” и викав, ама таа не слушаше зашто, викотниците, плачот и пукањето беа посилни. Лабровица одеше крај ортомата и водата и ги миеше градите, девојчето го плискаше матната. “Подигни му го главчето”, пак викнав и се стрчав. Во тој миг пред мене скокна некој, очите ми ги наполни со тиња. Јас држејќи се

за ортомата, полека одев накај Лабровица. Кога отворив очи, ја видов пред мене. Се држеше за ортомата. Очите и беа ококорени од страв и ужас, плачеше гласно. Девојчето го немаше со неа. Ја фатив под мишка и излеговме на албанскиот брег. Не знаев што да и речам. Не можев да најдам збор... Ми се исуши грлото... Со очите ја барав жена ми. Погледнав во матната, немаше никого. Течеше лудо, носеше дрвја и трупци.

Луѓето се затскрија зад свијокот, во густите дрвја, и зедоа да одат угоре, по шумичката. Таму не ги фаќаа куршумите. Албанците го прекинаа оганот. Бурандарите полека се симнува удолу, кон земјанките, и викаа: "Не бегајте, вратете се. Ништо нема да ви сториме". Арно ама ние тоа грчко ништо сторење, како што знаеш си го знаеме од векутому време. И така, Нумо, се витосавме од нашето место. Ноќта стигнавме во селото Добрани. Убаво не пречекаа Албанците. Никој не остана под голо небо. Во текот на ноќта ги дотераа овците и козите, а говедарите - говедата. Таму останавме два дена. Си мислевме дека нашите ќе ги потиснат владините војници и ќе си се вратиме дома. Може и ги потиснале, ама ние, ете, дома не се вративме. Третиот ден во мугрите не разбудија и не повикаа сред село. Тука се собравме за да ни кажат дека патот ќе не води натаму, а каде, има луѓе кои знаат. А тука, на мегданот селски, колку се израдував, Нумо, тоа не може да се каже. Се израдував кога во рацете на Лабровица го видов девојчето живо. Дотрчав до неа, и го зедов од раце и го гушнав. Се расплакав. Потоа таа ми кажа дека од раце и го зел еден албански војник кој скокнал во реката. И потоа, Нумо, тргнавме и стигнавме тука, во Прењес. Пред нас ги теравме овците и говедата. Имав еден прч, Нумо, беше мерак и љубомора за целото село. Арно, ама од долгото одење му се разјадоа копитата. Се повеќе заостануваше. Накрививаше на сите четири. Некои бараа да го заколам, да не пцовиса. Реков – не! Ми беше грев. И така еден ден прчот папса. Копита тукуречи немаше. Тапкаше на голо месо. Остана. Легна. Пак ми се настрвија некои од моите соселани, а и други, заколи го, та заколи го. Реков - не! Жена ми почека додека се оддалечија луѓето, а потоа накрши лисни гранки и на куп ги собра пред прчот. Котлето го наполни со вода и му го стави до главата. Прчот не брсна од лисјата, не голтна од водата. Гледаше и мекаше. Ние тргнавме зад колоната, а тој, останат во пустелијата, мекаше, море плачеше како дете, а не мекаше... Се свртев да го погледнам. Беше малку подигнат на колена, гледаше кон нас и мекаше и, колку повеќе се оддалечувавме, толку пожалосно беше неговото мекање. Чиниш плачеше, чиниш не колнеше. Така, Нумо, тешкото и несреќата ги разбираат и правдата. Е, стугнавме тука... Не сместија во бараките. Секому по четириесет сантиметри место. Наредени како фишеци. Од обете страни. На сламеници. И секој ден се поброjни станувавме. И

секој ден трчавме како што трчаме сега на друмот. На Грамос, велеа, гори местото и се повеќе ранети пренесуваа камионите. Се повеќе ливчиња наоѓавме на патот и покрај патот и се повеќе се слушаа пискотници, плачење и лелекање. Немаше ден без лоши вести. Така и мене еден ден ме најде најлошото. Во едно ливче најдов напишано дека ми загина Трпе. Средното дете. На Грамос. Одев долу, во ливадите се криев отаде река и плачев на цел глас. Криев од жената, ама еден и кажав. Не поминаа две недели и пак на ливче: најмалото дете, седумнаесетгодишно, лежи рането во Елбасан. И кажав на домаќинката и ноќно време тргнавме пешки за Елбасан. Со криење стигнавме попладнето. Ја најдовме болницата, ама не го најдовме него. Умрело под нож... Како се вративме? Сами знаеме, Нумо. По еден месец ми се снеможе домаќинката. Срцето не и издржа. Со моиве раце ископав гроб во скрката. Ја закопав и оттогаш станав гробар... Првиот гроб од левата страна е на жена ми... Така беше... – доврши Пандо.

- А оние гробови таму? – праша Нумо.

- Тие се италијавски. Таму лежат италијански војници.

Треперат рацете на Нумо и меѓу прстите се рони тутунот.

- Дај јас да ти свиткам, Нумо, - му рече Пандо.

Нумо ја свитка цигарата, запали, длабоко повлече дим и, откако го испушти, рече:

- Сега знам зошто си таков...

- Каков? - праша Пандо.

-Молчалив...

- Не. Не сум молчалив. Постојано зборувам. Каде и да сум, секогаш си зборувам. Си зборувам со моите деца. Ги гледам пред мене, одам де пред нив, де зад нив, де покрај нив и си зборувам. Кога сум насамо им зборувам гласно а потоа одам кај домаќинката, па со неа кршам муабет... Туку, како да доаѓа времето. Ајде да одиме џадето. Јас, знаеш, имам уште едно дете на Вичо... Белки ќе ми каже некој нешто добро за него... А ти, можеби, ќе го дочекаш твојот пријател шофер, а?

Застана скраја од џадето. Нумо, заради тоа што првиот пат се вмеша во навалицата која го преврте и почна да го гази, сега си стои настрана и никако не може да ја здогледа кабината на камионите. Наоколу секогаш е полно луѓе, а тој, сакат, со една нога, не може да се доближи. Си стои тој насрана, гледа, вика: - Филип, јас сум, Нумо! Ама во викотницата неговиот глас никој не го слуша. И него никој не го гледа. И така си стои Нумо скраја од патот и двапати дневно го чека својот пријател-шофер за да го земе.

Правот што го дигнаа камионите полека паѓа, а во бараките долго се слуша плачење. Пандо и Нумо одат покрај џадето, чепкаат во сувите треви. И овојпат Пандо не најде ништо. И ни полесно ни

потешко му е на душата. Само за градите му се залепи тешка воздишка и никако не може да ја откине. Како сува кашлица. Застана. Запалија.

Одеднаш Нумо прозборе:

- Вчера докликав до реката. Гледам – бели бреговите Стотици жени переа волна. Од каде толку волна, Пандо?

- Од овците што ги дотераа во Албанија луѓето од Костурско. Некои, Нумо, што беа поитри, веднаш им ги продадоа на Албанците по селата и така фрлија понекоја жолтица в џеб. А други, пак како мене што си имав сто и дваесет глави овци и шеесет кози, ги дотераа дотука, мислејќи дека утре ќе се вратат. Арно, ама тие од џипот со помош на таквите кои гледаа добиток, а никогаш го немаа, ни ги зедоа. Ни дадоа, Нумо, по елно испишано ливче. Ете, толку ми чини стадото. Ливчето, се разбира, го фрлив, макаршто ми рекоа дека власта, таа, народната де, по победата ќе ми ги плати.

Така сите овци и кози - под нож. А месото на фронт, кожите им ги продадоа на трговците, а волната со месеци ја перат жените, а во бараките ја предат и плетат чорапи и фанели за оние што се на боиштата...

- Требаше да си го држиш ливчето...

- Зошто? Ќе ми го врати некој стадото? Па таа власт што треба да дојде, мора, прва да јаде. А штом јаде, тогаш од каде ќе најде и мене да ми даде? Па јас ги гледам оние што беа народна власт во селото. Тие и тука се прават народна власт. Таму не ораа, не копаа, не береа дрва. Повеќе им личеше да викаат жими сенката отколку да се колнат во нешто друго, зашто сенката им беше најблиска. Кога ги стегнуваше сиромаштијата се впрегнуваа во аргатување. И тука ништо не прават. Ете, за пример да го земеме Митре. И таму шеткаше и тука шетка со две крпеници на газот и проповеда комунизам. Тој и други што му се слични туѓите деца ги испратиле на боиштата, а тука, во Прењес, си живеат подобро отколку дома. Таков не мора рано да станува, не мора да оди на орање. За него нема полска, нема селска работа. Си живеат тие, Нумо. Имаат големи усти кога треба да извикуваат пароли. И први се тие пред казанот, секој ден имаат зготвено. Месо јадеа од Велигден на Велигден, а тука барем еднаш неделно. Жените си ги имаат покрај себе, децата не им се на бој, ги пратија по државите. Таму немаа да јадат, тука имаат. Е, од таква народна власт како што ја гледа Митре, мене, Нумо, ништо не ми треба. А да не зборувам за Кузе...

- А кој е тој Кузе? - праша Нумо.

- Кузе? Подобро да не знаеш. А ако сакаш да знаеш кој е, оди утре горе, кај што пасат овците. Таму ќе ги најдеш и него и Митре и уште двајца-тројца. Одат ѓомти, да ги бројат овците, како што велат – народните овци, оние што ни ги зедоа, да видат стопаните дали

туѓото е на број. И да не ти е чудно ако ги најдеш да печат шилеже. Ќе ти речат дека е за ранетите во Елбасан. А ти ако сакаш не верувај им. Ако речеш збор повеќе, ќе те пријават на управата и објаснувај. Кузе - Гуштерот, Нумо, за малку што не ги отру тука луѓето. Отишол по дрва во коријата, му беше редот да собере дрва за кујната, и кој знае, како го однесе ѓаволот во пештерата. А во неа цели купови вреќи, кутии полни со конзерви, со макарони. И кој знае што друго. Се погоди Кузе поумен од ѓаволот. Товари две вреќи и ги однесе долу, во фурните. Се здоговорил и со главниот фурнаџија и со главниот готвач. Фурнаџијата му дал на Кузе што му дал, ама кога видел дека брашното е стврднато, згрутчено, се стрчал по него и караница. Се степале. Кузе рекол во управата дека му го продал некој Албанец од околните села и така се покрила работата. Ама лакомиот готвач ставил од брашното во манџата. Вечераа луѓето, а потоа цела ноќ ја поминале во нужниците, во ендеците покрај џадето и зад бараките. Илјадници луѓе сереле каде што стигнувале. Нужниците знаеш колку можат да соберат. Цело Прењес смрдеше. По ден или два луѓето се прибраа до пештерата. Изгледа некој го видел Кузе како изнесувал оттаму. Влегле и се вдале во изнесување брашно, ама еден од друг криел. Тврдо брашното како камен. Останато било од Италијанците. Меселе од згрутченото брашно што го кршеле со камења, а потоа го толчеле, ама никој никому не кажува, крие и сере по цели денови. Туку да не должам. Оние од управата почнале да испитуваат. Кузе разбрал што му се пишува и го поткажал овчарот. Го зеле кутриот човек и со џипот го пренеле во Смрдеш, а оттаму во Брезница го наполниле со олово... Знаеш, ако некој е за чистење, сакам да речам осуден на смрт од тукашната управа, тука не смее никој да го гибне. Пресудата ја потврдуваат оние таму, во Винени. Туку, кутрите, одвај стигнуваат до Винени. Штом стигнат до Смрдеш, се знае. Бам и готово. Во ова наше проклето време, Нумо, еден петел или кокошка повеќе вреди од човекот.

Прашуваш кој е тој Кузе... А макароните, како што велат некои, скришум и ноќе одел по албанските села и им ги продавал на Албанците. Не мисли дека Албанците се посити од нас. Тие навистина се гладни. Својот леб, што го добиваат на ливче, го делат со нас. Нашата војна со едната нога стапна на нивниот грклан. Голем товар носат и тие. Зошто? Ајде, сега ти, што си бил во бој и со Италијанците и со Германците, што им ја сврте пушката на Еласовците и, како што велиш, стигна и до онаа голема и богата рамнина, како ја рече?...

- Срем...

- Е, Срем де... Ајде, кажи ми ти мене, зошто стана така?

Нумо се потпре на патерицата, плукна настрана и полека исцеди:

- Ами ти што бараше на кукушкото боиште, па оттаму во Али Веран, во Мала Азија? Ти рекоа: оди, бори се за татковината и ти отиде. А за чија татковина? Сите ние си ја бараме татковината, ама под туѓи знамиња. Е, затоа го сереме Прењес јадејќи скаменето италијанско брашно, затоа под ова жешко сонце роеви муви не плукаат, затоа трчаме како луди зад камионите... Не терај ме, Пандо да зборувам многу. Јас ти реков: пак ќе одам долу. А знаеш ли зошто?

- За да си ја загубиш главата, ами за што друго...

- Ќе ја загубам, можеби, главата, тоа е, можеби, најсигурно, ама и ќе оставам аманет чија и каква татковина да бара нашинецот...

- Ако стигнеш да оставиш аманет, - рече потсмешливо Пандо и полека тргна пред себе. - Ако те остават да го сториш тоа. А јас ти велам дека, ако направиш такво нешто се ќе сторат не само за да не ти се знае гробот, ами и името да ти го затрат. И тоа да го очекуваш, дури и од нашинците. Нашинчето е проклето. Дај му малку ветар и готово е не само очи да ти извади, ами и срцето да ти го откине со своите валкани прсти... А мене ме прашуваш каква татковина барав... Жими лебот, ја барав и верував. И цело време за нив бев незнамитис. Без име и презиме. Незнамитис. Робот голта чемери, ама најмногу слатки зборови за слобода и за татковина. Ја барав, ами како... Кога бегавме на врат на нос од Турција и одвај стигнавме одовде море, не пречека Венизелос и, дигајќи ја високо пушката што му ја зеде на еден очаблавен војник, викаше.

- Педја, хасаме тин Микра Асија, ала кердисаме тин Македонија! Зито и Елас! (Момци, ја загубивме Мала Азија, ама ја спечаливме Македонија! Да живее Грција!)

- Е, - им реков на едни нашинци во грчка униформа - не мора да биде баш така, ама дека е така, така е... Туку ќе има, белки, и за нас парче од неа...

Ми ја соблекоа униформата и почнаа да ме викаат смрдлив славофон. А јас ја барав неа, татковината... И затоа лежев во Егина кога дојде Пангалос. (Пангалос, генерал, диктатор.) Ме обвинија за комунизам. Им реков: мене комунизми не ми требаат и не ги барам. Мене ми треба Македонија и неа ја барам. Ме нарекоа автономист и - на сув остров. По две години ме пуштија. Се вратив дома. Мислев се е запустено, ама големото дете заедно со помалото и со мајка им го чуваа имотот, ги ораа нивите, не оставија троскот да ги јаде, сееја и жнееја и вршеа, гладни не останаа. Ме радуваше што земјата раѓа богато. Ги зедов ордените што ми ги имаа дадено за храброст во војната со Турците во Мала Азија и право во Костур. Појдов кај градоначалникот. Му реков: - "Еве ти ги, грчка државо и татковино, ордените, мене доста ми беше Егина". Тој ми врза една преку очи и ме истера од графиото (канцеларија). Дојде Метаксас, како што знаеш. Со години, Нумо, јас сум врвел по сите врати и раце на

грчката полиција. И секогаш по мене како сенка одеше пликот, а во него целиот јас: “автономист” и секогаш истото. Почнуваа, Нумо со маслото. Рицинусот, де. Тој што ја водеше истрагата, имаа луѓето трпение да губат цели денови за да го натераат човеке да признае дека изустил збор-два нашински, на масата држеше три чаши. Во првата тураше триесет, во втората седумдесет и пет и во третата сто грама масло: И дури потоа почнуваше сослушувањето. Со мене секогаш почнубаа од тоа дека сум автономист. Велев дека не сум тоа и дека не сум ни Грк. По ова ми ја даваа првата чаша, значи триесет грама масло. Ја пиев онака како што се пие вода за време жнеење - полека, небаре со наслада, ѓомти до ситост, ги гледав со подзамижано око и широкоградо им ја ставав празната чаша на маса. И почнуваше тепање. По половина час истите прашања а јас истиот одговор, се разбира само еден, а тие мене - втората чаша со масло. И кога по третото сослушување го слушаа истото, ама јас немав што да кријам, велев да, господине, јас си зборував на мојот мајчин јазик, е, тогаш ми ја опнуваа стотката. Ме затвораа потоа во една мала келија. Четири дена. Е, толку дена ја серев полициската ќелија. Сум седел и со гол газ на куп мраз. Цели часови. Резултатот, Нумо, ист како и со маслото. Триесет и седмата побарав да заминам за Америка. Ми рекоа да чекам. Чекав. Ме повикаа в полиција и ме обвинија дека сум се поврзал со комунистичката партија. Реков дека не е вистина. А вистината била дека сум бил симпатизер, ама не бев член. Ама и јас тврдоглав. Тие мене од почетокот со убави зборови, со цигари, со узо... Јас пак, за да не мислат дека ми го откорнаа јазикот, им потфрлував понекој нашински збор. Се лутеа, подвикнуваа и на крајот почнуваа со тепачката. По тепачката, Нумо, полека почнуваа со откорнување на ноктите. Сеедно дали од нозете или од рацете. Болката е иста. Ми стваа и запален кибрит под мишки или жешки јајца. А ме тепаа и по стапалата и со вреќички наполнети со песок. Дали боли? Боли, Нумо! Еднаш ми рекоа дека ќе ме крунисаат за цар на автономна Македонија. Ми ставијана глава железен венец и почнаа полека да го навиваат, да го стегаат. Мислев очите ќе ми пукнат од болка. Море се дерев на цел глас и пцуев. Ме оставија ден-два, потоа ми ја дадоа пиперката. Имаат тие некој посебно лути пиперки. Кога ќе ти ја стават в уста, небаре оган ти стваат. Ужас! А мачката ми ја ставија под кошула триесет и осмата. Ете, гледаш, таа не е откритие на оние од Макронисос. Мислам дека тоа што го пренеле од туѓо и сами го измислиле за мачење, го испробале прво врз нашиот грб. А дури потоа ги мачеле и
своите. Така.

На Илинден се собравме под сенките на старите дабови на црквата Свети Илија. Намислувавме за времињата крвави и горди. Како што е адет и ред – дававме помен - и ја запеавме нашата.

Запеавме, Нумо, прво полека, тивко, на гласови. Ја почна Доно... развлечено, а јас ја подигнав кога дојдовме до зборовите: “Доста, доста, разбуди се, свести се, не спиј ти...” Не понесе и мелодијата, ама уште повеќе зборовите. Доно постојано ниско држеше глас, често прекинуваше колку за да си ги голтне солзите... “Срам голем е за тебе...” бучеше под дабјето неговиот бас и потоа малку повисоко, понакренато де: “сам да не се знаеш...” А кога почнуваат да се редат зборовите: “...другите да те знаат…” сложно ја кревавме мелодијата, ама ги спуштавме чашите... и на лицата си гледавме...

- Срам?... - глуво праша Нумо, плукна и со обете раце, подигајќи ја дрвената нога, почна да ја гнете плунката во црвеницата. - Срам ли, а? – праша задишан.

- Аха... Ами што друго, кога сам не се знаеш, што друго би ти видел на лицето? Татко ми пееше други песни. Во нив се слушаше фрчењето на куршумот,
виорењето на знамето, а ја пееше и оваа:

Чујте, браќа, чује, сестри,
Какво е чудо, чудо станало,
Чудо станало во Костурска кааза!
Седи султано, седи се мисли,
Седи се мисли кој да заколи:
Дали Ерменци или пак Грци?
Ниту Ерменци, ниту пак Грци,
А Македонци Костурска кааза.

А ние тогаш, на Илинден де, ја пеевме “Срам голем е за тебе…” Кметот, кератајата, не поткажа и угредента - мачката под кошула. Жива, Нумо, мјаука и те дере со нокти. Истиот ден поминавме фаланга. А фаланга, тоа ти е да те тепаат пет-шест полицајци. По каде што ќе стигнат. Тие не тепаат, туку толчат... Откако добро не измесија, не облеаја со две-три кофилајна. И ете, покрај се, останав и јас и стотици други живи. А знаеш ли зошто? Не знаеш. Јас ќе ти кажам. Тие тепаат, но не убиваат. Правилото е: Осакати, ама не убивај! Осакати! Посеј во нив малодушност. Осакати за да се плашат од нив и осакатените! Ете, тоа го имавме ние во грчката патрида. Ама како што нам ни било во лулката на демократијата, не верувам дека им било на другите наши во тамошните татковини. Дивјаци, мајката им стара. Дури и со својата насмевка секогаш сакаа да не доведуваат до лудило и очај. Меѓутоа, и во безнадежноста што катаден ни ја носеше очајот, кај нас никогаш не се појави сомнежот во живеењето. Како ли само не не викаа и како ли само не ни се ругаа. Кој како доаѓал и доаѓаше, па и доаѓа, ни измислуваше име, и тоа што попогрдно и што понавредливо. По нивното доаѓање и заминување го

броевме времето и векот. И кој знае дали утре или задутре нема да ни обесат попогрдни имиња и да ги плашат со нас сопствените рожби? А ние, гледаш, мајката, траеме и сме... Како пирејот, нели?... И погледни ги облацине. Горе нив ги дува ветрот, ги кошка де тука де таму, а тие некаде на друго место се појавуваат, натежнуваат, грмнуваат, пак ги снемува и пак се појавуваат некаде на друго место, некаде над друго поле, над други планини над други шуми... Погледни ја водата во поројчево. Си тече, гледаш, се витка и се превиткува како змијче, се губи под каменот и пак се појавува и пак си тече, некаде далеку си тече... Си го знае својот вечен пат... Така и ние. Де едни не прават вака, де други така, а ние сме... Јас, Нумо, војникувајќи и лежејќи по затвори и влечен по полиција и жандармерија, добро го научив нивниот јазик и доста сум читал. И криво им беше дека јас - незнамитисот - добро им го знам јазикот и нивните книги. Ним се им е криво кога ние, "варварите" знаеме малку повеќе. Криво им е дури и затоа што нивните униформи и фишеклии добро ни стојат. Криво им е... зошто ли им е криво? Ете, јас Пандо, гробарот во Прењес, те прашувам тебе, исто си се борел за патридата против Италија и Германија, и сега пак за некоја нова патрида, те прашувам – зошто? Не отворај уста. Нема да ме убедиш. Ако почнеш да ме убедуваш, сигурен сум дека ќе ме лажеш. Кој може мене да ме убеди? Само тој што ја има силата да ги претвори во живот моите, твоите, нашите надежи. Нумо... А со зборови... празна работа, Нумо, нели е така, а? Четири години ја пеев "Народе македонски..." и четири години заради таа песна го пиев грчкото масло и серев по грчките жандармериски и полициски канцеларии и подруми. И секоја година најмалку по еден месец ме пржеше грчкото сонце на некој од грчките суви острови. И таму, седнат над карпестиот брег, и јас ја барав мојата Итака. А за ангаријата да не зборувам. Откако се замомчив само ангарија работам за нив... Ти реков дека најдов ливче за големото дете... Ама јас си имав и поголемо... Му ја облекоа грчката униформа пред да влезе четириесеттата. Мене тогаш пак ме пратија на сончање, ама во Гјура. Кога почна бојот со Италијанците, ме пуштија. Пак им притребав. Не собраа стотини мажи. Носевме муниција, храна, ги поправавме патиштата, значи помагавме да се брани татковината. Така ни велеа и ние ја браневме како што знаевме и како што можевме. Третиот месец од бојот, нафрли голем снег, до над појас. Со лопати го чистевме друмот Костур – Билишта. Бевме луѓе од Костурско. А оттаму, откај Лерин, Леринчани и Воденчани. Дење и ноќе помунуваа камиони. Натаму со мониција, оружје и храна, наваму со ранети. Како што поминуваат сега низ Прењес. Еден ден ми рекоа да одам во Костур и да се јавам кај градоначалникот. Е, се качив на воен камион и вечерката стигнав во Костур. Утредента тропнав на врата. Ми рекоа да чекам. Седнав на едно столче.

Слушнав гласно зборување во канцеларијата. Се помрднав со столчето поблиску. И слушам:

- Господин министере Рендис, вчера во мојот штаб дојде еден војник и ми се пожали дека неговиот татко е интерниран затоа што си го зборувал својот словенски јазик. Знаете ли вие, господин министере, дека нивните деца се сржта на нашите единици, дека тие ги задржаа Италијанците? Знаете ли дека мојата дивизија е составена од момчиња од Леринско, Костурско и Воденско? Што се тие глупости што ги правите тука, во заднината? Што ќе биде ако децата на тие татковци дознаат за тоа? Не мислите ли дека таквите постапки можат да ги натераат да го отворат фронтот? Дека тоа можат да го искористат Италијанците во својата пропаганда? Да им речат наједноставно: "Еј, вие, глупави овни! Тука се борите, а таму Грците ви ги затвораат вашите затоа што зборуваат на својот јазик!" А?! Што си мислите вие, а? Што, а?

Слушнав чекори, а потоа:

- Господине генерале Чолакоглу, - тоа е сигурно министерот Рендис си помислив и начулив уши. – Вие како командант треба да знаете што треба да правите во такви случаи. Државата нема доверба во тие луѓе, иако на нивните деца им се доверени пушки, митралези, топови, иако тие се борат во првите редови на фронтот. Колку што ми е познато, тие дури и одлично се борат, меѓутоа... Еве, ова е список на лицата кои грчката држава ги смета за опасни. Некои се интернирани, а некои поради одминати години седат дома, многу работат ангарија. Толку. А сега да ја извршиме должноста...

Се отвори вратата и едно испиено, офтикаво момче ми рече:

- Влези!

Влегов. Министерот се поздрави со мене, подавајќи ми само два прста. Не му ги стегнав. Генералот ми се лоближи и, откако ме праша како се викам и како сум, ми рече:

- Вие сте татко на многу храбар син. Грчката татковина нема да го заборави тоа.

Потоа отвори едно куферче и извади од него позлатен крст со лента. Го подигна и рече:

- Чест ми е да ви изразам восхит за храброста на вашиот син и истовремено да ви изразам сочувство поради неговата јуначка смрт...

Ми потклекнаа колената, ама не паднав. Само брадата почувствував како ми се тресе. Се исправив и гледав низ прозорецот. Надвор паѓаше густ снег. Генералот ми ја зеде десната рака и ми го стави орденот во дланката, велејќи ми:

- Благодарната грчка татковина посмртно го одликува вашиот син и го унапреди во чин десетар.

Ја собрав дланката во тупаница. Не пуштив солза. Без да речам збор, го ставив орденот на маса и излегов...

- Да... промрморе Нумо по подолго молчење. – Дури сега ми стана јасно...

- А што? - праша Пандо.

- Да седнеме, - рече Нумо и, подавајќи му го ќесето, замоли: - Жити Господ, завиткај ми една... Да запалиме...

Чадот од крупно дробениот тутун и весникарската хартија е густ и фрла сенка врз нивните лица. Очуте им солзат и, кога повлекуваат, им се пржат усните.

- Да... - повтори Нумо - сета дури ми е јасно. - И без да чека, продолжи: - Тогаш, како што рече, третиот месец од бојот на Морава падна голем снег. Италијанецот собра топови и не толчеше, не толчеше. Еден ден, на стемнување, кога престана да грми италијанската артилерија, не повикаа сите. Се построивме под големите буки и еден мајор почна да не вика по список. Излеговме педесетина момчиња. Сите нашинци. "Јунаци! - очавчи уста мајорот. - Татковиата бара од вас до утре да замолкнат италијанските топови!" Ни рече уште многу други убави зборови. Ноќта ги наостривме штиковите, ги одрамивме ранците, изнаобесивме гранати и - марш. По полноќ доползивме до италијанските позиции, ама не ги замолкнавме топовите. Не пречекаа со своите фијатови и со гранати. Во светлината на ракетите како зајаци не ловеа во длабокиот снег. Пред мене блесна и толку запамтив. Си дојдов на себе во еден италијански лазарет. Војникот што стоеше над мене на нашински ме смируваше: - Браче, многу викаш во сон, смири се..." Бре, мајка му, Италијанец, си велам, а нашински меле. Е, Пандо, се покажа дека не беше Италијанец, ами нашинец. И нему прво Албанците, а потоа Италијанците му облекле униформи и го пратиле да се бори за татковината. Баму, ќоравата, колку ли татковини има нашинецов? Колку ли?

Раната ми заздравуваше. Еден ден нашинчето ми рече:

- Вечер ќе му ја летнеме дома... Грците го отворија фронтот и си одат...

Раната се уште не ми беше добро затворена, ама се решив. Ноќе избегавме. Дали не барале Италијанците? Море какво барање. И тие плачеа и тагуваа и жалосно пееја за своте синьори и синьорити... Баш им беше мака што снема двајца вошлосани...

- Значи и ти си бил на списокот... - рече тивко Пандо.

- Бев, ама останав жив... Двапати ме спаси нашинчето од Албанија. А сега, човеку, тој е полковник, ама не наш, македонски, туку албански. Тој е полковник на албанската татковина... Ебати ги татковините, Пандо...

Замолкнаа. Гризе чемерот. Подјадува. Чепка и во она што беше вчера и во она што е денес. На лицето се разигрува мускулот. Затреперува адамовото јаболко. Опулот станува остар и

пронижувачки. Се збрчкува челото. Се прекршува брчката. Се свиткува веѓата. Sунливо се вртка пчелата во чашката на полското цвеќе и во нивните уши небаре удираат sвонења на огромни камбани...

- А што мислиш, - рече тивко Пандо – дека бевме наивни? Море ние не бевме наивни, па и не сме сакати во умот...

Нумо го погледна со нема омраза во очите и, без да му даде да доврши, рече:

- Можеби не сме сакати во умот, ама сме тепани по темето... Честопати се прашувам: од што ли излеговме ние и што ни остана како наследство? Цркви и манастири и гробови што молчат. Да, да, гробови што молчат, Пандо. Во нашето место гробовите молчат. А знаеш ли зошто во други земји и други краишта гробовите зборуваат?. Затоа што имаат крстови или други знаци, а на тие крстови или други знаци е напишано името и родот и семето на оној што почива, а на други места брз нив се издигнати цели палати, а во нив лозата на родот... Кај нас не велам гробобите молчат. А што значи да молчи гробот? Животот да остане нем... Велиш, не бевме наивни. Море бевме наивни, и тоа многу. Не натераа да чувствуваме исто како нив или не? И сигурно е така. Се втурнавме во нивните пароли затоа што неќој друг така рекол и ние рековме - амин. Па секогаш ни велеа:

- Борејќи се за оваа татковина, се борите за вас.

И се боревме. Се боревме за нивната големина, за нивните големи зборови. И тоа е вистина. Ама вистина е и тоа, Пандо, дека туѓата чизма секогаш прво нас не газеше, прво преку нашиот праг поминуваше...

- Е, затоа - го пресече Пандо - ние први го облекувавме нивниот шинел, ги обувавме нивниот цокули и на капите го носевме нивниот знак. Како и да речеш, тоа го правевме и за нас. Ти сам рече, Нумо, дека, борејќи се боревме и за нас. И ти и јас сме биле во војна. До мене гинеа Грци, како што до нив гинеа нашинци во истиот ров. Сум изнесувал осакатени Грци, ми умираа на раце, во прегратка; ги закопував како да ми беа најблиски; јадев со нив од една порција и со една лажица; лежев со нив во една ќелија; се пржев со нив на истс карпа... И многупати ми се чинеше дека во изгорот на стремежот се сродивме, ама кога им кажував кој сум и што сум, тогаш се мрштеа и понекој од нив, небаре како за инает, ѓомти не ме гледа, зад мојот грб потпевнуваше: “Елада му то мегалио су василема ден ехи…” (Грцијо моја, твојата величина нема зајдисонце...)

Се прашував: зошто? И си велев: ако, нека си пее, но зошто, мајка му, токму тогаш кога јас му велев дека сум тој и тој, дека тој си има дома, а мојата дома ми ја одзеле и ме натерале да сакам туѓа дома? Затоа, Нумо, велам, дека ние не сме биле наивни. Само не сме имале

ум. Секој таму се наведнувал каде што му ветувале, а никако да мрдне со својата мозговница, да се чукне по чело, по теме, а секогаш дозволувал други да го чукаат по теме... Ете, затоа, велам, има во мене и во тебе, и во сиве овие тука и каде ли уште не - војна. Трае таа, пустата, и си мислиш дека ќе ја снема, дека ќе умре со мојата и со твојата смрт? Не! Ќе трае и во моето и во твоето колено и во копената на копената наши се додека ќе бидеме вакви, без дома, или, како што се вели на митинзи и свечености – без татковина... Та затоа, Нумо, секогаш кога спиеме, дали по сонце или во темнина, под сенки букови или дабови, крај изворче или поточе, во ров ипи во бчнкер, на осојница или на припек, дење или ноќе, да сонуваме секогаш еден сон. Еден, ама заеднички...

- А јас пак ќе речам - се одгласи Нумо по подолго молчење - дека кај нас гробовите молчат. Сум читал или сум слушал некаде дека онаму кај што молчат гробовите, го снемува животот. Дека, ако сакаш да видиш колку е достоинствен и горд, еден народ тогаш оди и види му ги гробиштата. А нас, Пандо, не ни дозволија и мртвите да си ги почитуваме. Зошто?...

- За да заборавиме се, - отсечно рече Пандо. - Се! Зашто, штом човек заборава се, нема свое достоинство, а народ што нема спомени, полека овенува и умира... Умира, Нумо, умира...

Замолкнаа. Секој во, себе прежвакува понешто што се уште го нема речено, нешто што го дави како коска во грлото.

Нумо подигна поглед и рече тивко, колку за себе:

- Ете го, пак кружи...

- Кој? - праша Пандо.

- Соколот... Го гледаш? Секој ден кружи над Прењес. Дали тука ја бара својата жртва? И знаеш што, Пандо? Кога гледаш орли, соколи, секогаш си помислувам на спивтиена крв, на мртво. И чудна мисла ме фаќа. Зошто ли некои народи како симбол на своите грбови ги имаат орлите, лавовите?...

- Па, мислам затоа што тие животни се силни, достоинствени, горди...

И крвожедни, нели?

- Така нешто, - рече Пандо и го закова поглелот, во соколот што кружи над Прењес. Овој како да претскажува смрт, Нумо. Можеби таму од горе, гледа мртво, гледа снеможено, гледа папсано... Соколот има бистро око, остар клун и сетило за мирис... Не само што ја гледа мршата, ами ја чувствува и смртта...

- Лани на Грамос, откако одлетубаа авионите, од своите карпи полетуваа орлите. Со писок или со пискливо лаење, да, тие кога пискаат чиниш лаат, се довикуваат. Ги гледавме како кружеа над боиштето. Ранетите се прибираа под дрвјата или се криеја во земјанките. Но не пукаа во нив. А тие, орлите де, со секој круг беа се

пониско. Ќе стрелаш во нив, ќе си го откриеш местото и непријателот пука во тебе или по радио повикува авиони и поиува, толчењето. Вивнува орелот повисоко, небаре на оние од другата страна им го покажува местото каде што држиш позиција. А по некое време таму некаде далеку грмнува и, кратко потоа, фучење и трештат топовски гранати. А потоа јуриш. Напаѓа непријателот и дури до зајдисонце на обете страни паѓиаат мртви и викаат ранетите. А со изгревот на сонцето пак почнуваат да кружат орлите. Живите, клекнати во рововите, во митралеските огништа, држат око на нишан и се подготвуваат да сеат смрт. Така катаден... А еден ден, штом се зазори го товарив другар ми на една маска. На болничарката, седумнаесетгодишно девојче, и го врзав ќемот за рака и тргна таа да го однесе во лазаретот. По некое време го слушам она пискливо лаење на орлите, а потоа викање, крик. Скокнав од ровот и трчаничкум накај лелекот. Орлите го напаѓаа не само окрвавениот другар кој, врзан за самарот, не можеше да се брани, ама и болничарката. Истрелав во воздух, ама ништо. Орлите удираа со крилјата и со клуновите. Маската рикаше жаловито и се фрлаше на сите страни, влечејќи ја девојката. Удирајќи по нив со стап, ги испадив. Крвта, Пандо, има некаква чудна моќ... Еднаш, тоа беше одамна. Дете сум бил. Татко ми го закла телето. Вечерта, кога говедарот го дотера во селото добитокот од пасење, пред нашата порта се собраа говедата. Почнаа да копаат со предните копита и да рикаат на цел глас, ама толку жаловито, чиниш плачеа. Зошто ли крвта толку влече, а?

Соколот го прави својот нареден круг над Прењес, следен од Пандо, чии очи гледаат и онаму, далеку, каде што завршуваат темните грбови на планините. Тој го следи кругот што го прави соколот и кога неговиот поглед заскита над ридот малку понадесно од Ќафасан рече:

- Ене, таму, - покажа со очи подигајќи веќи - зад планината е големата вода. А зад неа се гледа уште една планина зад која, велат, пак има голема вода. А натаму планини, планини, велат...

- Бела Вода е таму, Превалот, Врба, Малимади, Вичо е таму... - болно рече Нумо.

- И нашите опожарени куќи, - прифати Пандо - нашите ниви што ги поплати троскот, нашите лозја што ги испржи болест и нашите мисли и надежите наши... – тој не доврши. Во грлото му се скрши гласот и од старечкото око потече солза - лута, горчлива, болна, густа, распалена, жешка, срдечна и тажна, во која потона зеницата и само за миг го снема ридот зад кој е големата вода, па планините, па пак големата вода и преку неа...

Се откина солзата од старечкото лице и исчезна во испржената и изгазена трева. Таа е само дел од големата болка, но и лута како

отворена рана. И кога по неа набабри втора врз зеницата на Пандо, се подигна старечката рака и дланка рапава, жилава, ковчеста, но бодра, ја откинува за да не остави лишај на пониженост. Но и во поодминатите човекови и машки години има мигови кога солзата не е нишан само на слабост, на болка, радост, тага и гордост, ами и нишан на очовеченост.

И така, во намисувања за деновите на пониженост и миговите на гордост заради тоа што се успеало да се опстане и да се пркоси на се што било туѓо, немило и недраго, омразено и мрачно и што било судбина натурена со туѓа рака и волја, си тече животот во тесната котлинка меѓу коњушниците, подгниените бараки, трите казани, прашливото џаде, камионите што двапати на ден пренесуваат ранети и оздравеници, лелеците и тажалките, полудените, падавичарите и црневицата расплакана, болна од чемери и исчекување. Си тече животот пркосејќи му и на ветерот што го разнесува црвеникавиот прав меѓу ридиштата над кои катаден кружи црниот сокол, на матната вода по дождовите, на плачот и непреболот...

Сенката од ридот веќе ги назјаса гробиштата и полека се спушта над покривите на бараките. Од кај кујната се слуша ѕвонење на шина. Пандо рече:

- Па, ајде на вечера, Нумо...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 10

ЛУЃЕТО како сенки излегуваат од бараките и во долги нерамни редици се редат пред трите казани. Жени облечени во црно, старички снеможени и ниско наведнати, старци потпрени на своите патерици, вдовици со доенчиња, со едногодишни и двегодишни дечиња, парталави и расплакани. И тие во програтките и во пазувите на мајките ја споделуваат судбината на понижени испадени и со широко отворени очи гледаат како исплашени пилиња. Небото, сино и длабоко, се огледува во нивните зеници. Во изгор, со голем бавеж се движат редиците. Ако погледнеш од горе, гледаш само црневица од забрадени, бабуњосани, свиткани и стуткани сенки како врват со наведнати глави и со одвај видлив чекор, една до друга покрај казаните и, без да погледнат во чинијата, во војничката наполу ‘рѓосана порција, во бакарното котленце, во исчаденото тенџерче, во лименката од празна конзерва, тргнуваат со уште порастреперен чекор кон своите рогозини во старите италијански коњушници во кои никој не успеа да го сотре мирисот на коњската моч.

Нумо, потпрен на патериците, стои настрана. Гледа во црневицата и длабоко вовлекува од смрдливата цигара. Кога покрај него застана Пандо со полна лименка и со две парчиња сув пченкарен леб, Нумо, рече:

- Добро велиш, Пандо, дека тука, во Прењес, не може човек дури и да полуди... Стојам јас тука, настрана, и гледам и срцево небаре ќе ми се откине, гледајќи го ова и слушајќи и дење и ноќе олелии... И се чудам, како ли досега срцата не им препукнаа? И си велам, ете, само тие, единствено тие мошат да кажат како човекот го преживува и го поднесува поразот, каков треба да е во битисувањето човеково и во битисувањето наше, во непреболот наш и како треба да издржува страдајќи. А за многу од овие жени, колку што знам јас, немало младост. Одвај ја завршувале жеснаесеттата, седумнаесеттата, ретко некоја дваесеттата, небаре праски што окапале цут, па почнувале да раѓаат, береќет да собираат и во покорност да ја премолчуваат својата љубов и својата тага. За некои од нив само неколку ноќи биле заеднички со мажот... Јас, Пандо, со мојата имав само две ноќи што ми беа мои и, нејзини... Триесет и осмата ме подбраа и дури четириесет и седмата се видовме. И пратив збор по еден мој познајник и таа дојде во шумата каде што се одмораше нашиот одред. Тогаш го видов и синот, збиено момченце, капка од мене, и оттогаш не сум го видел. А кога лежев в болница осакатен од едната нога, до креветот ми застана еден мој братучед, и откако ме распраша за здравјето и ја исплакавме мојата нога, ми рече:

- Е, сега браче, ќе дадеш мужде?

- Зошто, бре? - го прашав.

- Како, бре зошто? Ќерка имаш, браче, ете зошто.

Се расплакав од радост и од мака. Ја соблеков кошулата и му ја дадов:

- Ете ти, браче, земи ја кошулата, ќе ти притреба. Ти си веќе здрав и наскоро ќе се вратиш на фронт. Носи ја со здравје...

Се разделивме и само толку знам за моето второ дете, а за сите три – ништо... Одвај, Пандо, седумнаесеттата, осумнаесеттата, ретко дваесеттата... Потоа? Потоа чекаа писма од Америка, од боиштата, од затворите, од камените и суви острови на Егејот... и го проколнуваа векот. А сега? Што сега? Им гинат децата на Грамос, на Вичо, им умираат по болниците во туѓи поднебја, а тие чекаат, се надеваат... Кој ли, те прашувам, ќе најде ред и кој ли ќе го најде местото каде што се фрлени нивните коски? Далу некој утре или друг ден ќе ги спомне и ќе побара нивните коски или ќе ги изброи безимените гробови? А тие, жените де, сега стари, неспособни за бој и за раѓање, а толку силни во себе што и каменот се сотрива под нив кога почнуваат да ги оплакуваат своите загинати... А тие, пак, велам за жените... На, свиткај ми една... Ги гледам како им зграгоруваат срцата во оплакување на загинатите, во трепет и страв за се уште живите и во несигурна надеж. А долнакот кога ќе повее, ги растажува и тогаш од стегнатите усни, тивко, жаловито протечува песна... И тогаш ми се сака, ете, така, клинкајќи на овие патерици, да им пријдам и на секоја по ред да им погалам глава, да им го бакнам челото во брчки, тивко да им шепнам: - Пеј, мила, липај мила, плачи мила, ако тоа ти е за олеснување, а и за мене мевлем... Ете, некни поминав покрај едни и ги прашувам: - Што ви е, мили, како сте, што ве боли, што ве мачи, а тие место збор - уште повеке замолкнуваат, повеќе ја стегнуваат црната шамија, пониско наведнуваат глави, пониско спуштаат очи, посилно им стежнуваат срцата... И ми се пристори дека во нив сосем ја снема радоста... И си велам, цврсти сте вие затоа што болката ви е голема... Ех, Пандо, Пандо. Со нив, а не покрај нив тече животот и времето си одминува со сето свое, бреме, не покрај нив, ами заедно со нив... Ќе прашаш ли какви се, ќе прашаш ли кои се? Страдалнички, Пандо, во молкот, наситени со отровот на пониженоста, а сепак толку достоинствени... А гледај ги... си сркаат од манџата со ниско наведнати погледи, тие довчерашни домаќинки што знаеја за три села, гозби да зготват и секому в очи да погледнат со гордост. А сега? Гледај, Пандо, како трепери лажицата во домаќинската рака... Пелин во устата им е лебот...

- Доста, - рече со тивок глас Пандо. - Седни да јадеме, а потоа да одиме да видиме како му е на девојчето...

- Кое девојче? - праша Нумо.

- Снеможено е, кутрото, и веќе цел месец не стана од рогозина. На, јади... - Пандо му подаде парче пченкарен леб и почнаа двајцата

да сркаат од војничката порција од која Нумо се разделува само кога Пандо треба да стои во редицата пред казанот.

Заоѓа сонцето, - се одгласи Нумо, - Уште малку и луѓето ќе излезат на џадето. Ти, Пандо, оди кај тоа девојче. Јас и денес ќе останам крај џадето. Ќе чекам. Мајка му еден ден ќе ме забележи Трпо шоферот, ќе подзастане и ќе ме земе...

- Извади си го тоа, Нумо, од глава. Ти си го отпеа своето и седи си мадро. Можеби ќе се најде нешто и за вас, осакатените. Можеби ќе ве соберат во некој дом или нешто слично...

- Нумо ја избриша порцијата со лебот што му остана, ја обеси на појас и рече:

- Пандо, мене многу ме одвраќаа, ама никој не ме врати.

- Ти си тврдоглав, човеку...

- Нека биде и така, Пандо. Зло од тебе не паметам, само добро.

Се разделија во мракот. Накај џадето се повеќе луѓе навираат, излегувајќи од долгите коњски бараки. Една група старци држејќи ги во шепите цигарите свиткани од весникарска хартија и крупно дробен тутун, расправаат за нешто. А други, пак, одат де ваму, де таму, гледаат долу, кон фурните. Крај џадето, од обете страни, навалицата станува се поголема, се поцрна.

Пандо бавно се доближува кон бараката каде што лежи болното девојче. Во неговиот џеб секогаш има понешто за понадица, колку за радост, колку за да види блескот на жарче во неговите очи, колку за да се растегнат неговите усни во блага насмевка. Вратата од бараката стои ширум отворена. Во крајниот агол, каде што лежи девојчето, е тивко. Оттука ништо не се слуша, ама колку поблизу доаѓа Пандо, толку појасно го слуша тешкото дишење на девојчето.

Кој е? праша мајката и се подигна.

- Јас сум, Костовице, јас, Пандо. Како е, подобро ли му е?

Костовица запали свеќа и ја стави во чашата.

Широко отворените очи гледаат папсани од битисување и горчина. Така ден за ден, под овие подгниени покриви и меѓу ѕидовите што мирисаат на коњска пот и моч, се топи нејзиното ќеркиче. Русите косички, наводенети од трескевата и студена пот се залепени за бледото високо чело под кое полека гаснат големите сини очи. Матно гледаат во таванот. Погледот, закован во една од многуте греди, станува матен. Бавно се подигаат градите, се слуша тешка воздишка, а потоа со јазичето си ги навлажнува испуканите усни кои притоа се собираат во болен грч. Од аголот на левото око потекува солза и се разлева низ образот во танок сребрен конец. Грч на болка го стресува целото тело, затреперува белото брадиче, танките усни, што ги разјала треската, испуштаат тивко, одвај чујно липање. Уште еден грч го стресува телото, се слуша воздишка и очите почнаваат да добиваат боја на матно стакло. И такви остануваат.

Пандо спушти дланка врз бледото лице и, колку што можеше понежно, му ги затвори очите на русокосото девојче. Потоа од џебот ги извади своијте бројаници, клекна и полека, небаре да не го разбуди русото, му ја поткрена главата и му ги стави на вратот.

- Ѓердан невестински нека ти се присторуваат, мило... Ѓердан... а руба невестинска дека нема да облечеш... така ти било пишано, мило...

По лицето на Пандо, кое сега уште повеќе го ишараа брчки, потекоа солзи. Тој се прекрсти и, оставајќи ја Костовица сама со нејзината болка, излезе.

Цела ноќ, под светлото на месечината, Пандо копа во тврдата скрка. Со изабената лопата ја исфрла црвеницата и кога во градите чувствува празнина, запалува од својот тутун. Кога се зазори, тој имаше ископано гроб длабок до неговата половина. Ги собра со раце последните грутки од дното на гробот, и излегувајќи, рече:

- На детето не му треба подлабоко да почива...

Го донесоа завиткано во војничко излитено италијанско ќебе. Пандо со растреперени раце го стави на дното и излезе. Се тргна потаму и дури кога се навали врз големата карпа, слушна плачење. Повлече длабоко од цигарата во која имаше ставено од своите тревки, седна полека и се загуби.

Кога се поврати, сонцето веќе беше високо. На гробиштата нема никој. Покрај свежо, покриениот гроб, стуткана седи Костовица и ги пали свеќите чии пламенчиња треперат во нејзинатаг дланка...

Ни шепот, ни плачење... Молк. Замолкнаа и птиците, стрништето, онемеа штурците жетвари...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 11

НАВАЛИЦАТА што трчаше зад камионите го турна и така остана до првото птичјо пеење. Вслушан во завивањето на последниот камион, што со мака ја фаќаше змиестата угорнина, ги преџвакуваше пцостите за се што е живо и што се движи и за се низ што помина. Ги пцуе сите свои паѓања и ретки издигнувања и радости, пониженоста и честите судрувања со лошото и злото и празните ветувања. А кога престана брмчењето на моторите и во котлината се врати тишината, тој се загледа во sвезденото небо и се почувствува уште поосамен. Му се чинеше дека е сосем загубен во тој огромен и недофатлив свет, но одеднаш слушна викања а потоа одвај чујно брмчење на камиони. Од горе, откај свијокот што почнува надолу од превалот се нададе камион. Излезе од ендекот и, кога камионот се најде на стотина метри, тој ја подигна патерицата. Шоферот му мавна со рака и продолжи накај Прењес, од каде веќе трчаа луѓе и се слушаа викотници. Зад последниот камион се појави стариот џип со вообичаените патници. Кога се доближи до Нумо, џипот застана и од него излезе оној што викаше дека некој му го украл пиштолот. На неговиот колк висеше нова футрола. Тој му се доближи со бавен чекор на Нумо и, без да се поздрави, праша:

- А ти скиташ, скиташ, братче, а? Не знаеш ли каде ти е местото? Зар не ти било речено да седиш таму каде што те одредиле и да не скиташ по околината? Или сакаш да те вратиме онаму од каде што те извлекол албанскиот пријател? Бери си го умот зашто, ако те пратам уште еднаш таму, тогаш ни Христос бог, еба ти го, нема да те извлечи оттаму. Каталавес? (Разбра?) А сега - марш!...

Нумо се наежи, уште поцврсто се потпре на својата патерица, се навали на дрвената нога и развлечено исцеди:

- Јас моето го измаршировав, и тоа добро. Толку добро што во тоа измарширање ја загубив дури и едната нога... Само ти гледај во твоето марширање да не си ги извалкаш чизмите. Е, така да знаеш, а ако сакаш повеќе да знаеш, тогаш јас можам и на друг начин...

- Молк! - му викна и му се доближи толку многу што Нумо почувствува мирис на евтина колонска вода и брилјантин. - Молк! И да се јавиш во управата, каталавес?! Таму ќе се разбереме!

- Што има таму да се разбереме кога се е јасно. Веќе се разбравме, а во управата јас не влегувам. Си имам четириесет сантиметри широка, рогозина во коњската барака меѓу падавичарите и тоа ми е доволно. А доволно ми е и тебе што те гледам...

- Ти, никаквецу, како можеш! Знаеш ли... - човекот се фати за футролата, Нумо во тој миг го извади ќесето со тутун, косо погледна кон другите двајца во џипот и тивко рече:

- Господине, не фаќај се за пиштолот. Тој за тебе е само украс. Колку си јунак, покажи се таму, - Нумо подигна очи и покажа на исток - таму покажи се, а не тука, далеку од боиштето! Зошто ти е вакво позирање? Зошто ти е вакво јуначење?

- Ние ќе се видиме и тогаш ќе зажалиш!

- Нека е по твоја желба, ама биди сигурен дека нема да видиш како ќе жалам... и тргни ми се од пред очи... Јас сум падавичар и можам да те повредам...

Офицерот го праша со строг глас:

- Ти си член на партијата?

- Не.

- Цела среќа за тебе...

- Штом тоа го велиш ти, јас верувам дека е среќа, - му се оџвари Нумо.

-Ти си дрзок...

- Јас сум падавичар. Што сакаш од еден ваков како мене. Да стојам пред тебе во став мирно? Би стоел, ама таму, - Нумо пак покажа со глава горе кон превалот. - Таму би стоел, ама тука не! Такви јунаци сум видел и на друго место. Туку оди си, човеку, зашто те чекаат другарите... Оди си...

Кога офицерот се качи во џипот, до ушите на Нумо допреа зборовите:

- Што се расправаше со сакатиот?

- Ќе го научам јас него...

Нумо се искашла и со десната рака го погали пиштолот што го грееше во пазувата.

Камионите веќе поминуваа по Прењес. Од сите страни трчаат и викаат луѓето. Над нив летаат бели ливчиња, пликови, ветрот ги разнесува настрана, преку ендекот, и ги сее во бурјанот. Кога Нумо се најде во близината на првите коњушници, лелеците веќе се пренесоа од џадето во бараките. Таму жените гласно редат, ги оплакуваат своите. Старците, седнати на камењата пред бараките, повлекуваат од цигарите и јавно си ги бришат солзите. Тука, во Прењес, никој не се срами од солзите. Тие им личат и на најстарите и на најтврдите. Секој ден им станува век во исчекување на најлошото. Во плачот и лелекањето, во истоштеното липање ретко некој се надева на добра вест. А оттаму, од боиштата само потајно се надеваат дека ќе стигне добра вест, но таа е обвиткана во трепет, во страв, во бледа надеж, во долги ноќни молитви...

Нумо седна на каменот крај џадето. Ја спружи здравата нога покрај дрвената и гледа во бурјанот. Меѓу луѓето што чепкаа во високите треви го препозна Пандо. Ја подигна патерицата и викна:

- Пандо, еј, Пандо !

Пандо подигна глава и кога виде како Нумо му мавта со патерицата, се упати кон него.

- Еве ме, Пандо, пак не успеав, - рече Нумо кога Пандо застана пред него. - Не успеав, велам.

- Гледам...

- Слушнав, умрело девојчето. Го погребаа?

- Готово е...

- Го погребаа, русото, значи? Му ставија ли нешто на гробот? Или така, само земја, само куп земја, а?

- Така, Нумо...

- И тоа е судбина. А јас, Пандо, кога ќе ме нема, не би сакал врз мене да има само земја...

- Да не сакаш турско кубе?

- Не, сакам секој што ќе ми дојде на погреб врз мене да фрли камен. И секој што потоа ќе доаѓа на мојот гроб, да фрла по еден камен. По години, по многу години врз мене ќе има цел куп камења. Собрани од камењар, од планина, од река, од потоци, од каде било и од кај ти не. Знаеш, секој камен си има своја судбина. Не по свој пат се тркала, ама не и по своја волја, ами по туѓа. Некој друг му го одредува местото, намената, значењето. Ете, замисли, еден куп олкав разни камена врз мене. Таков, само таков гроб би сакал да имам... Само камен над камен врз мене и така врз гробот мој каменот да порасне како рид... Нека нема натпис. Но да има многу камења. И секој што ќе помине и без да сака ќе се запраша: кој ли лежи под ридот од камења? Ете, Пандо, барем ќе се запраша или ќе праша некој друг. И гробот мој нема да молчи. Ќе зборува преку камењата...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 12

ВО ДОЛНИОТ ДЕЛ на Прењес веќе втор ден пред изгрејсонце, построени по четворица, со строев чекор и песна, маршираат војници на ДАГ. Така ги викаат оние од командата на Прењес, а оние од бараките и коњушниците велат: - Излегоа децата. А Пандо и Нумо ги викаат: нашите деца.

- Види го она малендавото, испиеното, како удира со поткованите цокули, - му се обрати Пандо на Нумо: - Оп, за малку што не падна. Се сопна, кутрото. Цокулите, гледаш, му се големи. Ама, види го како удира, а?

- Иии, мајката, а бре тие се сосем деца! – вчудовидено рече Нумо. - Зар полуделе оние од горе што ги собираат во строј и децата?

- Полуделе или не, како што гледаш, тие се деца. Кога ги гледав некни, на полноќ, како ти растовараа од камионите, си помислив дека донесоа падавичари. Ама кога видов во мракот детски лица, и јас се стаписав. И вчера, кога тие со својата песна ги разбудија сите, нешто ме сечеше тука... и јас сум бил војник во три војни, ама гласот ми беше машки, силен, моќен, а дека ми трепереше, што можев. Не пеев нашинска песна, не чекорев под нашинско знаме... Во Втората балканска, облечен во грчка униформа, пеев како петел на низок плет. А во Првата светска, кога малку научив грчки, морав да пеам малку погласно зашто, во спротивно, паѓаше ќотек, некој ден затвор или, како за нас, незнамитите, и казнена чета. А во малоазиската, кога не подбраа Турците, море какво пеење...

- А пред тоа? - го прекина Нумо.

- Пред тоа, знаеш како е, Турчинот бегаше пред нас, а ние под грчка команда песната ја дигавме најгоре. Си мислеше тогаш Гркот дека тргна по трагите на Александар Велики и не тераа да пееме небаре нашиот чекор веќе се слуша отаде Турција и веќе и се заканува на Персија и преку неа на Индија. Знае Гркот убаво да пее кога му оди, а уште потажно кога не му оди. Море тој на тамбура место жица влакно од коњска опашка врзува. Само да има на што да та-на-та-на-на-на.

Разговорот им го прекина гласна команда:

- Стој ! На ле-е-е-во!

- Сега, Нумо, ќе им одржат говор и ќе ги пуштат - рече Пандо. - Така направија вчера. Јас цело време ги гледав. А ти, ти кој знае каде скиташе.

- Се расправав со оние од џипот.

- Што, пак ли бараш да те пуштат долу?

- Тоа, ами што друго. Јас реков дека можам и ќе одам. И пак велам: што е, бре, за еден сакат еден бункер, стомна вода, пешник леб, два-три сандаци муниција и, еден митралез? Не оти јас ќе одам

да освојувам ридови? Не оти ќе одам во напад? Ќе си ја ставам настрана патерицата, ќе се потпрам на кундакот од митралезот, и ќе жнеам, ќе жнеам со кратки ем долги рафали. Ех какви песни би пеел, Пандо. Зар многу барам?

Кон нив се доближува војниче. Има широки, за неговите куси нозе и тесно газенце, необично долги, два или трипати подвиткани војнички панталони, цокули долги и широки како лопата, војничка блуза до над колената и капа што му се потпира на ушите. Место војнички појас, обичен ремен. Ракавите широки и нерамно потсечени. Само чекорот му е сигурен.

- Добар ден, - рече.

- Добар ден, - одговори Нумо.

Пандо се поднамести, ја присобра полата од своето палто и, без да се поздрави, праша:

- Ќе седнеш?

- За седење ќе седнам, ама ако може една цигара?

Нумо се загледа во него и праша:

- Колку години имаш?

- Петнаесет и кусур...

- Па, штом си голем за да облечеш униформа, не си мал за да запалиш нели? - рече Пандо. - Да ти ја свиткам јас или сам ќе си ја свиткаш?

- Можам и сам.

- А како се викаш?

- Јас ли? Кирче... Киро, дедо. А ти?

- Панденце... Пандо, синко - потсмешливо одговори Пандо.

Кирче го зеде ќесето, извади од џебот весник, откина парче, го намести меѓу палецот и показалецот на десната рака и со левата нароси тутун. Го стегна како фишек и, откако го излижа со врвот од јазикот, го залепи. Запали од цигарата на Нумо и, откако повлече, се закашла, плукна настрана велејќи:

- Ама што е серт и штипе како да е од лескови лисја... Куф-куф, пфу, мајката, вистинска леска, - рече Кирче со насолзени очи.

Нумо го зеде весникот и почна полека да го прелистува.

- Читаш? - праша Кирче.

- А ти?

- Не. Не сум неучил грчки. А што пишува?

- Ете, тука пишува лека се објавени декрети (Станува збор за декретите 13 од 1947 и МН од 1947 и 1948 година.) според чија сила тебе, Пандо, како симпатизер на ДАГ, а мене и тебе, Кирчо, како учесници ни се одземаат имотите и грчкото државјанство...

- Ништо не разбирам, - рече кашлајќи Кирчо.

- Што им треба тоа? Зар имаат нешто подобро за работа...?

- Од каде ти е весникот?

- Го фрлаат од авионите, а добро ни доаѓа хартијата за цигари.

- И тоа го направија, - рече Нумо.

- Не бери гајле, - доврши Пандо. - Тоа е, можеби, почеток. Ќе направат и друго. Ќе видиш. - И му се обрати на Кирчо.

- А од каде си, синко?

- Од Кукавичино Село, - надуено одговори Кирче. - Ако сте биле војник, знаете што е воената тајна, нели?

Нумо тажно се насмеа и рече:

- На ми ти цигара што не штипе како лист од леска зашто ти си веќе возрасен и голем, иако униформата, гледам, ти е уште поголема...

- Море, - го прекина Кирче - каква униформа имав јас! Мислиш специјално за мене ја шиеле. На цаката од панталоните мувата крилце би можела да си пресече. А нова - право од под игла.

- А каде ти е сега? - праша Пандо.

- Па, па... кога решија да не враат, ни ги зедоа и ни ги дадоа овие партали.

- Значи, бевте мали за на бој, нели?

- Море, како мали! - подвикна Кирче. - Не зедоа како големи, ама таму, во Преспа, кога излеговме така убаво униформи, се во ново, море и чевли, и чорапи, та и кошули и ремени и автомати ганц, знаете, со строев чекор, по четворица, само правот – пуф, пуф под нашите нозе. И песна, а потоа удри да свири марш воениот оркестар на Главниот штаб. Како свеќи, море, стоеја луѓето од вчудоневиденост. Каква ли е таа нова војска? - прашуваа нивните очи, а кога се доближивме до жените, тогаш некоја викна: Коле!!! Коле маршираше пред мене. Ене, оној таму долу, оној де, со лопатата. Не го гледаш? Е, оној сега што ја подигна лопатата. Викна мајка му. А потоа почнаа да викаат и други мајки... и...

- И? - праша Пандо.

- Што и?...

- Еј, Кирче ! - викна некој од војниците. - Ајде, бре доста седиш таму! Дојди, те бара командирот.

- Е, сега морам да одам. Белки нема да ме казнат затоа што се оддалечив без прашање?

- Види што е и дојди на муабет...

И на цигара, - дофрли Пандо.

- Ќе дојдам... и ќе ви раскажам како беше...

Отстрана, од зад, карпата, се појави Кузе и, без да се поздрави, рече:

- Ве гледам цело време и се чудам ! Ти, Пандо, стар, осивен човек, седиш и кој знае што зборуваш со војникот и му свиткуваш цигара. Зар не се срамиш? А ти, како ти е, името, бре, што по цели денови клинкаш де ваму, де таму, место да седиш во бараката како што седат

сите падавичари, и ти како овој, муабетиш со војникот и кој знае дали не му го матиш умот! А?

Нумо позелене од злоба, ама кога го виде погледот на Пандо, се созеде и, плукајќи настрана, рече:

- Да ми беше жената тука, ќе си седев покрај неа. Да бев такво лижигазе како тебе, ќе седев или ќе се вртkав кај командантот на Прењес. А вака, ете, ни жена, ни мерак за да свиткувам 'рбет... А бре, Кузе, знаеш ли ти, - се налути Нумо - дека јас немам 'рбет, ами стожер што не се свиткува?

- Е, па затоа те бркаат и викаат по тебе како по бескуќно...

- Марш, серко! - викна Нумо и ја подигна патерицата.

- Мене ли марш? - се ококори Кузе. - Мене ли? Веднаш ќе одам кај командантот, та ќе видиш ти!

- Таму, ами каде на друго место ќе одиш, бре ебиветерко!

- Прибери се, Нумо, и остави го Кузета, кутриот, намира. Човекот сака да се заслужи, а ти го спречуваш. Зар не гледаш дека гори од желба некого да поткаже? И ќе рече некој дека е нашинец. Пфу! Овој, Нумо, би ти ги ископал очите подлабоко од секој друг само затоа што е нашинец. Зар не ја знаеш онаа, старата? Тргнал некој слеп на питање, та попат го сретнале некои мажи и го прашале: а бре, кој ти ги извади очите? Брат ми, - рекол слепиот. Е, затоа ти се ископани толку длабоко... Пушти го и не терај инает. Кузе си е Кузе. И без да дигнеш рака на него, тој ќе каже.

- Пандо, ти да молчиш, - подвикна Кузе - и да си седиш мирно, зашто...

- Ќе ми се фатиш за обесениот, Кузе. Е, море, кокошкару, зар не гледаш дека од мојава ќелезанка влакно не може да падне, а камо ли главата?

Кузе им сврте грб и тргна накај фурните.

- Како загар се вртка секаде, - рече Нумо. - Само ми се чини дека некја ноќ ќе го изеде мракот. Луѓето веќе почнаа да не се трпат. Премногу голема им е болката за да имаат уште некого на грб.

Пандо сврте глава кон реката, каде што жените переа волна, и рече полека:

- Ајде, Нумо, да си одиме зашто тука остана смрдеа.

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ – 13

- МАЈКА не прегрна и, молчејќи долго не држеше во својата прегратка. Сите тројца се сместивме во прегратката на нејзините куси раце. Не стегаше, а солзите и капеа, та и капеа по нашите образи. Ми се чинеше дека цел век останавме така, сите сторени едно. Мајка ја разлабави прегратката и, небаре плашејќи се да не се разбегаме како пилиња, рашири раце и не поттурна во толпата деца. Тргнавме на зајдисонце. И со песна. Тогаш си помислив дека, ете, и ние сме веќе големи штом тргнавме по непознат пат. Не знаевме колку долг ќе биде патот пред нас. Ни рекоа: само да се смири малку, да ги отфрлат владините војски некаде таму, кон Олимп, да ин ги уништат аеродромите и авионите, та потоа ќе се вратиме дома, ќе учиме нема да се криеме по шумите, да спиеме под голо небо или во пештери. Тргнавме, велам, во мракот во кој не можевме да го здогледаме тоа непознато што допрва не чекаше. Бевме многу, многу деца. Кога свртев глава за да видам колку е долга колоната видов како на ритчето, скраја од ѕалето, се собираа жени. Меѓу нив ниска, со стегнати прибрани рамена, со куси раце, како многу други, облечена во црно, беше и мајка. Ја препознав. Чудно, нели ? Тоа беше мајка. Мавташе со едното крајче на црната шамија, а со другото си ги имаше покриено очите. Си помислив: зар, мајка не сака да гледа како и каде одиме? Не, не беше тоа. Мислам дека таа така, со затворени очи сакаше да не зачува за секогаш. И штом помислив така, се почувствував мал, зашто одеднаш пред мене чиниш се појави таа и ме гледа со своите големи сини , тивки и насолзени очи; ја чувствував топлината и горчината на мајкините солзи, Многумина како мене свртеа гдави и многумина како мене се засркнаа од липање. Моето сестриче, држејќи се за полата на моето палто, плачеше гласно. Помалото, тригодишниот Коста, гледаше зад себе и, често сопнувајќи се, низ плачот викаше : “Мамооо!” Се обидував да го смирам, ама не можев зашто не знаев како да ги скријам моите солзи. А кога ќе ме погледнеше, така насолзен, уште погласно плачеше. И кога сосем падна мракот, јас престанав да си ги бришам солзите. Предводникот викна: - Песна! Песна да се ори! И запеа прв. Многумина ја прифатија песната. А многумина плачеа гласно. Некој рече: “Ја поминуваме границата”. Тогаш свртев глава, ама ридот веќе не се гледаше. А јас бев сигурен дека таму, сосем улуглава, стои мајка ми и мавта со црната шамија.

Пред да ја поминеме границата, дојдоа неколку мажи јавнати на коњи и со автомати на градите. Нешто зборуваа со предводникот. Тој се качи на еден голем камен, од своите дланки направи инка и рече: - Тука покрај мене, оставете ги торбите со лебот, ќебињата и фанелите. Во Албанија ќе добиете се што е потребно. Така останавме без леб. А

тие со автоматите го собираа лебот во вреќи и го товарија на коњите. Цела нок и целиот следен ден останавме во една рамнинка. Ноќта запаливме големи огнови, но албанските граничари дојдоа, се развикаа и ни ги угаснаа. Мислите дека ние, поголемите, заспавме? Не! Скитавме се до границата. Сакавме да се вратиме дома. Не фаќаа албанските граничари и не враќаа. Некаде пред да изгрее сонцето, кога онаму, далеку над планината, кај Костур, почна да сивее се слушна бучава на авиони. Се растуривме кој каде што можеше. Авионите направија еден-два круга покрај албанската граница и ги снема. Кога изгреа сонцето, наспроти лединката, можеби час и половина пешки пат, убаво се гледаше Крчишта. До црквата, на старите гробишта беа насобрани луѓе. Си помислив: сигурно меѓу нив е и мајка...

Кога добро се раздени, видов колку не имаше на рамнинката. Тука беа децата од Косинец, Лабаница, Крчишта, Долно Папратско, Езерец, Галишта Брештени и уште од некои села од Костенаријата. Цел ден скитавме по околината, па некои дури се обидоа да се вратат дома, но Албанците добро чуваа. На зајдисонце стигнаа големи камиони. Не товарија и тргнаа. Каде? Ноќе стигнавме во Корча. Не воведоа во една голема, осветлена куќа. Долги ходници, големи, широки, празни одаи. Меѓу нас почнаа да се врткаат албански младинци. Некој се качи на една маса и рече на грчки, а потоа на македонски: - Вечер и утревечер и понатаму ќе спиете по куќите на младинците што ќе ве земат.

А младинците, чупи и момчиња, одбираа. Земаа кого сакаа. Уште што не ни гледаа в заби. Ми падна да ноќевам кај добри луѓе. Ме однесоа две чупи. Нивниот дедо зборуваше македонски. Добри беа луѓето. Домаќин немаа. Рекоа дека го стрелале Италијанците. Неговото кадро висеше на челниот sид, над оџакот. Домаќинката, дебела жена, имаше добродушно и мирно лице. Кога преку дедото и кажав дека немам татко, сираче сум, реков, таа ме гушна и почна да плаче. Утредента чупите ме зедоа за раце и ме однесоа в дуќан. Ми покажуваа и топки и мали пушки и автомати, ама јас постојано им велев: сакам да си ги видам сестричката и братчето. Не се разбиравме. Ме вратија дома и преку дедото расчистивме. Запишаа како се викаат и едната излезе. Се врати по половина час и рече, пак преку дедото, дека во Комитетот рекле дека моите се таму и таму и дека ќе одат да ги земат. Така за ручек сите три се најдовме покрај една маса. Попладнето чупите ми рекоа да одиме на прошетка. Првин во паркот. Убаво место. Високи дрвја, чисти патеки и многу ружи. И за мое вчудовидување сретнавме деца од моето село.

Еден ден се најдовме на едно игралиште крај реката. Тука се собиравме и се разделувавме само за јадење и за спиење. Одевме и во болницата. Многу деца таму си ги најдоа своите татковци или

постари браќа и сестри. Кога одевме таму, велевме: одиме кај партизаните. Плачевме заедно со нив, делевме по парче леб. Мојата домаќинка секогаш ми даваше парче пченкарно лепче, по некое бонбонче, а јас им ги давав на партизаните што лежеа во болницата. Го гледате оној таму, долу, што мавта со рацете?

- Оној високиот? - праша Пандо.

- Не. оној до него, де?

-Да...

- Е тој. Еден ден ме викна и ми рече: - Слушајте деца. Од денес ќе направиме театар. Сите партизански песни што ги знаеме ќе ги препееме, на два гласа. Како партизанскиот хор што пееше во нашето село. Секој да си спомни по една стихотворба што ја учевме од учителот. Потоа ќе си спомниме како ја играа партизаните свадбата. Кире да наговори некоја од чупите да биде Цвета. Јас ќе бидам Спасе, - рече.

Во болницата одевме секој ден и на ранетите им пеевме песни и им рецитиравме стихотворби. Со “Македонската крвата свадба” не стигнавме. Еден ден, вечерта, денот беше страшно врнежлив, некако на брзина не собраа, не товарија во камиони и - на пат. Со моите добри домаќини не стигнав дури ни да се збогувам. Ноќта не раздени покрај море. Сите и се чудевме на големата вода, а не знаевме дека тоа е море. Не сместија во двокатни куќи на стотина метри, од водата. Местото, како што велеа готвачите и човекот што носеше храна, се викаше “Бањи”, а градот што беше во близината Дуреси. Околу куќите и далеку, далеку покрај водата - песок. Сличен на брашно и жолт. Дење не можеш да стапнеш. Жежок. Ние местото го нарековме “Песоците”.

“Мајките” - така ги викавме жените што се грижеа за нас – ни рекоа:

- Деца, оттука нема повеќе каде да се оди. Ќе стивнат борбите, нашите ќе ги истераат кралските војници од нашето место и ќе си одиме кај мама и тате.

- А кога ќе биде тоа? - прашувавме.

По дваесет дена, - велеа тие.

И така тие дваесет дена ни поминаа во големата радост и желба за поскоро враќање. Кога влеговме во наредните дваесет дена и кога видовме дека не доаѓаат камиони за да не земат, овде-онде почна да се слуша липање, главно плачење. Помладите, оние што имаа по две - три години најмногу си ги бараа мајките. А тие, “мајките”, што беа со нас, не собираа околу себе, ни пееја песни, ни раскажува приказни, измислуваа разни игри и занимања. Се само да не мислиме на нашите мајки, да не тагуваме и да не сонуваме авиони, камиони, вооружени луѓе, ранети...

Ние често прашуваvме: - Каде е нашата дома ? - Онаму, - ни велеа - каде што изгрева сонцето.

Оттогаш малите, кога си играа во песокта, одеднаш велеа: мама е онаму каде што изгрева сонцето. И мојата мама е онаму каде што изгрева сонцето.

Се препираа чија мама е поблиску до сонцето, бараа да видат каде изгрева сонцето. Кога една од мајките рече: - Сонцето изгрева онаму каде што расте големото дрво, - многумина тргнуваа накај големото дрво што растеше на високиот рид и велеа: Одиме кај мама. Нашите мајки се онаму кај големото дрво.

Колку погледи, колку воздишки праќавме накај големото дрво! Колку солзи беа изронати, колкупати рачињата се подаваа кон големото дрво!

И секогаш сонцето и дрвото и ритчето ни беа сон, ни беа мајките...

Чупињата одеа во тревите што растеа покрај џадето и собираа цвеќиња, плетеа венчиња, во песокот правеа бавчи, а ние, машките, градевме крај брегот ровови, бункери, урнати куќи. Тоа знаевме. Еден ден лојде мајка Евгенија и почна да не кара. Таа беше вдовица. Коста, маж и, де, загинал над Прекопана. Стар партизан. Костовица, сакам да речам мајка Евгенија, имаше четири свои сираци. Беше задолжена за дваесет лруги деца од две до четиринаесет години. Ама таа се грижеше за сите шеесет деца од нашето село. Останатите две мајки беа млади и немаа свои деца. Како што реков, мајка Евгенија ни се развика. Оттогаш во песокот градевме воденици, мостови, градевме железничка линија што поминуваше отаде џаде и задолжително трите вагони и локомотивата. Еден ден од силното сонце се разболеа неколку деца и од Драч дојде лекар. Човекот виде што правиме во песокот, се насмеа, ја остави чантата и почна да прави некаква чудна куќа со дебели ѕидови, високи кули, широки врати, со стражарници, со топови, оградена со вода, ја правеше и ни раскажуваше за некои кралеви, во стари времиња, за маѓепсани принцези, за змеови. А се ни преведуваше една од мајките што знаеше албански. Беше од Јановени. Слушавме со отворени очи и усти. Заборавивме дека околу нас постои море, недогледни песоци, никој не спомна дека сака да јаде и да пие. Заборавивме дури да истрчаме за да го пречекаме возот. Не го слушнавме дури ни свирењето на локомотивата... А пред тоа? Пред тоа по сенките на липите што растеа на брегот знаевме кога ќе помине возот и штом ќе слушневме свирење, трчаница накај пругата. Ама додека стигнавме до џадето, локомотивата со трите вагони ја снемуваше во полето накај Драч. Како што реков, занемени слушавме. Лекарот, довршувајќи рече дека во палатата е затворена убавата ќерка на кралот, дека ја маѓосала некоја лоша вештерка и дека спие. Татко и и мајка и умреле од голема тага. Вештерката пред

големите порти врзала два змеја кои од устата исфрлувале пламен, за да чуваат да не влезе некој и да ја спаси принцезата. Лекарот си отиде, а ние се вдадовме во градба. По цели денови се валкавме во песокот. Море какви патишта не изградивме, какви не лоши стапици не и измисливме на вештерката... Цел брег, до онаму долу, се само палати, бавчи, градини. Се ситевме со таа игра, ама не и со парчето пченкарно лепче и сувата коцка мармалад. Ете, по толку. Исто и за појадок и за вечера. А за обед само супа. Јадевме на долги маси од неизделкани штици под сенките на тополите. Во стари италијански порции ни тураа жешка супа - понекое зрно ориз и многу зеленило. Еден од моето село, него го собраа со првите и загина на Буковик, откри дека зеленилото е од липови лисја. Мајка Евгенија не молеше да не кажуваме. Не ја изневеривме. Не кажавме. На "мајките" најтешко им беше со малите. Тие разбуди се ноќе - мамо, текни им дење - мамо. А кога тоа "мамо" го извикуваа надвор, тогаш пред сите куќи, покрај морето и ливадите каде што се наоѓаа малите, се слушаше едно заедничко пискливо, болно и тажно МАМО. Си ги триеја очињата со валканите тупанички, барајќи ги своите мајки. Чупињата на наши години ги смируваа, ама и тие плачеа. Ние, машките, на почетокот бевме меки, ама откако почнавме да градиме палати во песокот, каков натпревар беше тоа чудо. Но како да го заборавивме светот кога на околу илјада метри далеку од куќите откривме еден мал расипан тенк. Е, тогаш почна војната. Пропаднаа палатите, ја заборавивме лошата вештерка, престанавме да водиме грижа за маѓепсаната принцеза која имаше толку ликови колку и градители на песочни палати. Почна војна за тенкот. Море за тоа старо рѓосано железо и крв ни течеше од носовите, се враќавме со шинати раце и изместени прсти, со модрини под очите... Секоја група сакаше да го има во свое владеење. Но и таа игра заврши, кога вратата му ја фати ногата на едно момченце. Одвај ја отворивме. Ама ногата си отиде. Остана момченцето сакато. Тенкот го замразивме. Никој повеќе не се доближуваше до него. Одевме намуртени, небаре сите бевме виновни за несреќата...

Еден ден седевме покрај џадето и чекавме да помине возот. Точно знаевме кога поминува од Драч за Тирана и обратно. Вангел, момче од нашето село, и тој загина со првите деца, стана и тргна кон џадето. Од спротивната страна доаѓаше еден маж носејќи на рамо огромен сноп праз. Вангел покажа кон својот мев и кон празот. Човекот извлече еден корен праз и му го даде. Сите се стрчавме кон Вангел. Арно ама не виде мајка Евгенија и викна да одиме кај неа. Таа го зеде празот, си ја одврза престилката, ја посла на тревата и со ножето почна да го сече на мали еднакви делови. Откако го исече рече:

- Викнете ги сите деца од селото.

Кога се собравме, мајка Евгенија му рече на Вангел:

- Бељо, сврти се! - така го викавме зашто имаше руса коса и бели трепки. - Сврти се - пак рече мајка Евгенија.

- Ова за кого?

- За мене! - викна Бељо.

- Ова за кого?

- За Коста!

И така по ред, на шеесет деца. Мајка Евгенија стана, си ја пристегна под брадата црната вдовичка шамија, ги погали по глава оние што беа најблизу и се оддалечи. Видов како и затреперија раменета. Плачеше. Ние сите стоевме со парчето праз в рака и гледавме како се оддалечува мајка Евгенија. Јас отидов малку потаму и легнав во високите тревишта. Си ја покрив главата со трева и почнав да липам, Ја викав мајка ми, ама таа не слушаше, беше далеку, а јас липав, липав, липав и престанав кога врз рамото почувствував допир.

Покрај мене клечеше моето сестриче и, голтајќи си ги солзите, ми рече плачливо:

- Брате, Кирче, не плачи. Мајка Евгенија се врати и рече дека утре ќе си одиме дома...

Кирче замолкна и се загледа во ридот што се извишува над Прењес. Врз трепките како бисери му светеа две големи солзи. Се откинаа и му се стракалаа по лицето.

Пандо го фати за раменета и му рече:

- Синко, носиш војничка униформа, па затоа не ти личат солзите. Војниците не плачат, нели?

- Не - рече Кирче, бришејќи си го носот со широкиот лошо скроен војнички ракав. - Не – повтори шмркајќи. - Така некако само ми дојде плачењето.

Нумо му ја подаде својата полуиспушена цигара.

- Повлечи, Кирче, повлечи. Што и да ти дадам, тагата нема да ти ја намалам... И што стана потоа?

- Утредента не разбудија рано. Каква радост, какво скокање, какво палавење... - Не построија по двајца, ни рекоа да се држиме за раце и тргнавме... по џадето. Свртев глава и видов долга редица. Дури сега забележав дека колената ми беа голи, дека панталончињата на моето братче светеа со газенцето, дека фустанчето на сестричето на две места беше скинато, дека бевме парталави. Мајките не крпеа, ама не престигнуваа. Не бевме едно... Одевме и одевме. Сонцето печеше. Беше почетокот на мај и беше многу жешко. Попладнето влеговме во градот. Луѓето излегуваа и не гледаа вчудовидени. Бевме уморни и жедни. Малите плачеа. Поминавме по една долга, калдрмисана улица, потоа влеговме во една тесна и тука ни рекоа да застанеме. Не распоредија во десетина куќи. Ниски, со широки цветни дворови, со

по шест и повеќе одаи. Само на две улици имаше две улични чешми. Се до наредниот ден не мрднавме од умор.

Никој не ни бранеше да шетаме по градот. Мајките ни рекоа:

- Деца, да не се слушне лош збор за вас. Да не се пожали некој дека крадете... - Тоа, мајки, не, - рековме и така секој ден го шетавме градот. Се враќавме на ручек, на вечера и на спиење. Арно ама, некои не си останаа на зборот. Некои крадеа на пазар портокали или лимони, други го поганеа местото таму каде што им доаѓаше. Трети пак, влегуваа по бавчите. Албанците се пожалија во Комитетот. А тие, таму, во Комитетот решија да ги оградат улиците со бодлива жица. И ги оградија. Немавме излез. Двете чешми не беа доволни ни за пиење, а камо ли за миење и за перење? Фативме вошки. Тесните улици, бавчите пред куќите и дворовите ги испоганивме. Секаде нечисто и реа. А топло, каменот пука. А бевме многу. Повеќе од илјада деца. Никој не знаеше да чека ред. Многумина сереа крв. И кога се слушна дека умреа дванаесет деца, решија да не префрлат на друго место. Од моето село не се разболе ниту едно дете. Мајка Евгенија ги викна поголемите девојки и тие, заедно со неа без прекин переа, ги бањаа малите, нас не истрижаа до гола кожа, ноќе ги вареа парталите што останаа врз нас. По еден месец не пренесоа во едни големи куќи. Од морето не делеше само џадето. Тоа беше крајот на градот. Зад високите куќи имаше многу убави бели куки на два ката. Околу нив високи железни огради. Тонеа во портокалови и лимонови и смоквини дрвја и во палми. Во една куќа живеевме децата од Крчишта, Езерец, Граче, Чука, Шак, Ребани, Галишта, Јановени, Долно Папратско и Желегоже. Веднаш до џадето и до касарната на албанските морнари живееја Маџирчиња што ги најдовме таму. Клозетите – дрвени шупи – беа изгадени тукуречи над морската вода. Вода имаше само во дворовите. Од источната страна - фабрика за кожи и цигари, од северната убаво широко џаде, од обете странии парк – само ружи. Џадето оди угоре и води кон палатата на кралот.

Неколку дена откако не сместија надвор од градот, каде убаво се гледаше пристаништето и морето, дојдоа две млади жени. Едната беше Маџирка. Ја викаа Маријанти. Другата наша, Македонка од Рупишта. Се викаше Евдоксија. Маријанти рече дека ги пратил генерал Маркос. И и ставија крај на нашата слобода. Најпрвин побараа од албанскиот Комитет железни колци и бодлива жица. Нас, постарите, не натераа трите влеза да ги заградиме со четири реда бодлива жица. Откако ја завршивме работа, Маријанти најде друго. Во средината на кругот од куќите во кој бевме сместени имаше една урната куќа, а до неа широко разгранета врба. Падна наредба да го расчистиме просторот и да направиме игралиште. Илјада и петстотини деца со голи раце и неколку лопати, камче по камче, парче по парче скршено стакло го исчистивме и го израмнивме

теренот. Направивме убаво игралиште. За награда добивме две фудбалски топки со кои ги заменивме крпениците. Го расчистивме и теренот под врбата.

Ги исчистивме визбите на куќата каде што живееше Маријанти и таму ја сместивме трпезаријата. Потоа таа не построи сите, и мали и големи, и ни рече:

- Од денес почнуваме нов живот. Станување во шест часот наутро, во седум појадок, во еден ручек и во седум вечера. Пред секое јадење ќе се постројуваме на ова место. Станавме еден баталјон. Децата од секое село прават чети и водови... Нашиот поздрав беше: "Ме то Марко емброс." (Со Марко напред.)

И почнавме да живееме. Секаде каде што одевме - само во строј по четворица и со песна. Пред секое јадење и по јадење, секогаш моравме да ја чекаме Маријанти. Никој не смееше да допре ништо. Стоевме во став мирно и ја чекавме неа. А таа неуморно едни дочекуваше, други испраќаше од мензата, секогаш со грчкото "Со Маркос напред." Сето тоа некако го издржувавме. Но тешко ни беше со утринската гимнастика. Маријанти им се восхитуваше на албанските морнари кои точно во шест часот наутро излегуваа на рамнинката и десетина минути вежбаа со пушките. Еден ден на собир ни рече:

- Од утре натпревар со морнарите.

И го почнавме натпреварот. Станувавме во пет вежбавме до шест. Секогаш мораше да се слуша еден чекор, вежбите беспрекорни. Трчавме угоре до железната порта на палатата, а потоа по џадето пред куќата во која живееше таа. А таа стоеше на балконот, гледаше од високо и даваше оценка која чета и вод најдобро вежбаа, трчаа, маршираа. Од неа зависеше која чета ќе влезе прва во мензата.

Еден ден, тоа беше по утринската гимнастика, таа забележа дека една од четите нема рамни редови и не се слушна еден одглас на чекорите. За казна не врати три пати да трчаме по угорнината. На командантите и нареди да ги тепаат оние што ќе трчаат лошо и што нема да држат еднакво растојание. Оф колку ме болеа бочините од трчањето. Не можевме здив да прибереме. Кога застанавме и се построивме под врбата, дојде Маријанти. Се качи на бината и почна да не срамоти дека не сме достојни за своите татковци, браќа и сестри што се борат на Грамос. Потоа почна да дава команди: мирно, слободно, налево, надесно, и одеше ла гледа од секоја страна дали стројот е рамен. Мораше да се слуша едно "крап", мораше од сите страни да се гледа само едно чело. Откако го постигнавме бараното, ни нареди да пееме борбени песни. Тоа утро никој не доби појадок. Не бевме доволно достојни за парче пченкарно лепче и коцка сув мармалад.

Зборното место го викавме “Под врбата”. Таму задолжително се собиравме трипати дневно. Најтешко ни беше пладневното собирање. Дента кога започна офанзивата на Грамос, Маријанти ги замоли албаннските морнари на врбата да стават звучник. Секој ден во единаесет и пол куциот чувар, некој Грк од Северен Епир, удираше по шината. Тоа беше знак дека треба да одиме под врбата. Трчавме кој побрзо ќе стигне. Цела работа беше да ја фатиме сенката. Маријанти, како што реков, уживаше во егзерцирот. Се уште го слушам оној нејзин малку зарипнат глас со маџирски акцент и тоа непрекинато “мирно”, “слободно”, “налево”, “надесно”, “едно чело да гледам”, “песна”. Половина час. Точно во дванаесет кутијата што беше обесена на една од гранките на врбата почнуваше да трешти, да кркори, да свечка и веднаш потоа, чиниш низ карпи, ридје, шуми, бури и ветришта се провлекуваше и мачно излегуваше од кутијата мелодијата на “Емброс ЕЛАС ја тин Елада”. (“Напред ЕЛАС за Грција”, химна на ЕЛАС со која ги почнуваше своите емисии радиостаницата “Слободна Грција”).

Стоејќи во став мирно, ги, следевме вестите. Ние, Македончињата, тукуречи ништо не разбиравме. Како ќе разбереш кога не им го знаеш јазикот? Но стоевме мирно зашто стравот од будното око на Маријанти го одржуваше редот и рамниот строј. А Маријанти, во својата откопчана англиска хаки блуза, војничките цокули над кои имаше превиткано бели чорапи и кусата здолница, стоеше на бината и занесено слушаше. А сонцето печеше ли печеше. Не смееш, браче, со прст да си ја избришеш потта во која ти се дави окото. За неа ништо не значеше тоа што некои деца паѓаа од жештината. Крекливото свирење на кутијата ни беше олеснување. Маријанти набрзина ги даваше командите и, онака испотена, ја снемуваше. Но не и нас. Ние чекавме на ред за в менза.

Еден ден долго чекавме. Маријанти беше ги собрала во мензата сите мајки и бараше од нив да речат дека во оваа средина не сакаат да ги имаат мајка Евгенија и една мајка од Брештини. Еве во што била работата. Мајка Евгенија и рекла на Маријанти дека не смее од децата да прави војници, дека не смее да држи таков ред каков што воведе. Ниту една од мајките не се согласи со Маријанти. Повеќе не ја, слушнавме мајка Евгенија да прозбори со Маријанти. А таа си остана на своето. Кон крајот на јуни почнавме да одиме на работа. Така го нарече Маријанти собирањето на класје. Надвор од Драч имаше една огромна нива посеана со пченица. Од бура или ветар исполегнале класјата, а машината за жнеење лошо ги собрала. Е, што не собрала машината, собиравме ние. Таму работевме петнаесетина дена. Клас по клас. Натпревар кој ќе собере повеќе. Собиравме цели купишта. Ние, поголемите работевме и на вршачките. Во нивата беа поставени две машини за вршење. Да не беше жешко и да имаше

вода, се би било иѓра и радост. Некои што не издржуваа скришум одеа во бавчите што се наоѓаат над џадето и пиеја вода од бунарите. А отаде бавчите има една бела и убава куќа. Оттаму секогаш допираше танко и плачливо пеење.

- Тоа е лудница, Кирче, - го прекина Нумо.

- Да, така велеше и нашиот интендант, единствениот Албанец во логорот. Еден ден Маријанти дојде на нивата и фати неколку момчиња што се враќаа од вода. Во џебовите им најде диви сливи. Кога се вративме и се построивме под врбата, таа ги викна на бината, почна да ги срамоти, а потоа ги затвори во една шупа. Ги казни и со еднодневно одземање на храната. А на сите им нареди да одат и да ги плукаат затворените. А тие внатре молеа, плачеа...

Откако ги собравме класјето, Маријанти ни рече дека мораме да им помогнеме на нашите партизани во болниците. Одевме доста далеку од Драч. Огромно поле. Цвеќиња, маргаритки повисоки од нас. Ги собиравме белите листенца и полневме цели кошови. Велеа: ги варат и со сокот на партизаните им ги мијат раните...

По ручекот најчесто не носеа на кино. Небаре салата беше само за нас. Влегувавме во два часот попладне, ги затвораа вратите, а филмот почнуваше по два или три часа. Што правевме? Спиевме, мочавме, серевме... Тоа правевме кога не можевме да излеземе. Гледавме само руски воени филмови. На почетокот, додека не сфативме дека сето тоа е платно, бегавме или се криевме под столовите. Гледаш од далеку јури локомотива право кон тебе, а ти, да те нема. Или војникот го свртува митралезот кон тебе и дечињата во плачење и врескање бегаат, се кријат.

Од авиони, пушки и митралези премногу бевме преплашени во нашето место за да можеме да го издржиме и тоа од филмот.

Еднаш, пак гледавме некоја руска приказна. На платното се појавија огромни маси. Претоварени со грозје, леб печени прасиња, кокошки, патки... Купишта месо и леб. Слушам зад мене си шепотат две дечиња: “Ти чувај да не ме види некој, - вели едното – а јас ќе одам да земам еден леб. - Оди, - рече другото. Ама се запали светлото и детето си остана со подигната рака кон белото платно.

Построени, со еднаков чекор и песна се враќавме под врбата, дваесетина минути не вежбаше Маријанти рамен строј и чекор, а потоа добивавме чинија макарони (секогаш за ручек и вечера макарони), јадевме набрзина и одевме на спиење.

Спиевме по 15-20 души во една одаја. На бетонски под. Под на едно ќебе и над нас едно ќебе. Така си легнувавме еден до друг и до утринската гимнастика во пет часот сонувавме митралези, авиони, ранети и убиени Германци, гласот и пцостите на Маријанти, лицата на нашите мајки и леб. А ако некој од нас се разбудеше, тогаш можеше да слушне тешки воздишки, тивко липање, довикување на

мајката. Време за тагување немавме. За тагување крадевме од ноќта, од сонот. Се преправевме дека спиеме. И молчејќи, загледани во тавано што не се гледаше во мракот, си гог гледавме нашето место, си разговаравме со нашите најблиски и оддеднаш некое од децата не издржуваше и гласно плачеше. Тогаш од другата одаја доаѓаше мајка Евгенија, легнуваше де меѓу нас, де меѓу други милно не галеше, не бакнуваше в очи. Секој сакаше барем за миг да го почувствува допирот на нејзините прсти, топлината на нејзината воздишка. Дури и ние поголемите. Мајка Евгенија спиеше во една одаја со најмалите. Вратите ги држевме отворени. Така сакаше мајка Евгенија. А и нам ни беше најдобро така. Кога во ноќта го слушавме нејзиниот глас, бевме посигурни по мирно спиевме. Мајка Евгенија често ни раскажуваше приказни, не тераше да пееме наши, македонски песни. Ни раскажуваше за селото, за луѓето во постари времиња. Најмногу ги слушавме приказните за Крали Марко. Само вечерите и ноќите беа наши. Сапто во мракот си бевме со нашите најмили и најблиски. А денот беше на Маријанти, на Маркос. Дење се правевме за Маркос - за него пеевме, за него собиравме класја, за него трчавме по угорнинката со сонот во очите, за него на морнарите им ја заземавме лединката, за него со боси стапала удиравме строев чекор по жешкиот асфалт, за него стоевме под жешкото сонце, за него го голтавме првиот сув пченкарен залак. А тој, во валкани чизми, со левата нога малку свиткана, со десната рака зафрлена зад колкот на кој му виси пиштолот, потпрен на стап, стегнат во половината со широк појас и со два ремена препашани крстум на градите, таму, од бината, не гледа онака намуртено, под мустакот, и како да ни вели: “Бидете мирни, пезевенци, и слушајте ја Маријанти”...

- Мирисот на морето го чувствувавме и дење и ноќе. Кога дуваше силен ветар, и тоа најчесто наутро, солени капки ни ги, оросуваа лицата. По тоа знаевме дека морската вода е навистина солена. Живеевме само стотина метри од морето, а прст во него не ставивме. Ама едно утро, додека стоевме построени на ширинката. Маријанти со некаков свечен глас рече дека ќе одиме на екскурзија. По појадокот се построивме и тргнавме. Одевме по калдрмисаното џаде. Лево морето, водата мирна, десно планина со лозја по падините. Заврши калдрмата. Загазивме во песокот, ситен како брашно и жолт.

Пред нас огромна рамнина од песок. Пуста. Само бели мали бранови го мијат песокот и полека се враќаат, се тубат и веднаш излегуваат нови и нови. А песокот, ситен, се претура под нашите боси нозе и не можеме да држиме рамен чекор. - “Стој!” - викна Маријанти и се качи на еден камен така што ја гледавме сите. Си ги стави рацете на половината и онака, со подигната брада, прво не погледна нас, а потоа некаде таму, далеку зад нас, каде до недоглед имаше само вода и вода... Тишина. Само водата тивко плускаше; само бранот морски

одвај чујно се прекршуваше врз друг бран... Свртени со грбот кон водата, гледавме во зелените падини на планината.

- "Мирно!" - вресна Маријанти. Кога ќе свирнам еднаш, - рече - тоа ќе значи "мирно", двапати - "слободно", едно по друго - "марш". И почнавме да маршираме по песокот, а таа само "тр-тр-тр". Одново не собра сите и, мавтајќи со рацете, ни објасни:

- Еки та корицја, авту та педја, (Таму девојките, ваму момчињата) И соблечете се Голи!

Се соблековме. И одеднаш еден свиреж. Се знае. Застанавме во став "мирно", со оптегнати раце крај телото. Притоа со дланки удиравме по голо и мораше да се слушне едно "плас". Ако некој задоцнуваше, тогаш од почеток. Откако се изнаслуша дека добро удираме, Маријанти отиде кај девојките. Нешто им зборуваше. Потоа дојде кај нас и ни рече:

- Еден свиреж значи влегување во вода. Долг, продолжен свиреж – излегување од вода. Оној што нема да излезе навреме, нема да добие ручек и вечера. Јасно?

- Јасно! - се слушна во еден глас.

- Симјотон (на место марш) – викна таа. Го мешаме песокот со босите нозе.

Еден свиреж, како полудени се стрчавме во водата.

Плитко. Трчаме, паѓаме, се плискаме и плукаме, солена вода, смеа, довикувања... долг свиреж и крај на радоста. Трчаница се враќаме на брегот. Стој. Два свирежа – слободно - брзо се облекуваме, еден свиреж - мирно, - продорен свиреж - брзо постројување, свиреж без прекин - напред марш; кратки испрекинати свирежи – лева-десна-лева-десна.

Во логорот, како секогаш, влеговме со песна. Вод до вод, половина час удиравме "симјотон" и ги израмнуваме редовите. Едно чело, една линија. Потоа трештење на кутијата што е обесена на врбата, најновите вести од Грамос и со "Маркос напред" јадевме макарони. Неколкумина од нас што не успееја навреме да излезат од водата "Со Маркос напред" останаа без ручек и вечера.

Утредента, по утринската гимнастика, стоевме на плацот и ја чекавме Маријанти. Но неа ја немаше. "Мајорот" отиде кај неа и се врати намуртен. Тогаш ноќниот чувар (децата стражареа само дење), Гркот од Епир, кој од старо време живееше во Албанија, ни рече дека Маријанти спиела со Албанецот. А тоа беше Алија, кој не снабдуваше со храна. Во логорот, освен него, други Албанци немаше. Нам тоа ни беше доволно. Од викање под нејзитните прозорци заборавивме дури да одиме на појадок. "Да бегаш, да бегаш" - скандиравме. Неколку дена по ред продолживме да викаме. Таа не излегуваше од дома. Најстарите меѓу нас не бодреа и ни велеа и

понатаму да викаме. И, ете, еден ден, гледаме, таа со две куферчиња излезе од логорот и отиде по џадето накај градот. Маџирите почнаа да плачат. Тие ја сакаа. А ние рикавме, божем ни е многу жал дека си оди. Си отиде. Го протераа и Албанецот. Чуварот ги виде, а за нас беше сеедно каква беше причината. За нас беше важно неа да ја нема. Откако си отиде Маријанти, Евдоксија нареди на утринска гимастика да одат само постарите деца и времето го скрати на десет минути, храната се подобри, почнавме секој ден да одиме на плажа, на стадион да гледаме фудбал, ни купија неколку топки. Ни дадоа чевли, по една кошула и панталони. Стражарите од влезната врата ги снема заедно со пушките. Ја снема и бодливата жица. Можевме да излегуваме во групи во градот. Дојде и есента, а заедно со неа ветровите и студот. Ви спомнав дека во близината на логорот има фабрика за преработка на кожи? Е, солта, или што беше не знам што остануваше, ја фрлаа покрај морето. Одевме ранорано и ја палевме. Избувнуваше жолт, висок пламен, а ние се греевме тукуречи цел ден. Далеку на планинските врвови наврна снег. Ни беше се постудено. Наутро веќе не станувавме да одиме на гимнастика. Лежевме стуткани еден до друг.

Тие денови во Драч секоја недела пристигаа руски бродови. Далеку од пристаништето, на отворено море, повеќе од една недела стоеше еден голем бел брод. Велеа дека е романски. На помали бродови товараа сандаци и дури како што велеа, кога бродот стануваше полесен, впловуваше во пристаништето. Една вечер Евдоксија помина по сите ќуки во кои бевме сместени. Рече: големите деца да се соберат кај врбата. Се собравме, ама не се построивме. Чекавме во толпа. Дојде Евдоксија, се качи на бината и рече:

- Деца; Ги видовте ли големите бродови?

- Ги видовме! - викнавме во еден глас.

- А знаете ли зошто толку долго чекаат?

Не! - се разнесе како блеење.

- Чекаат затоа што нема кој да ги растовари. Албанската младина ударнички ја гради железничката линија Драч-Тирана- А во бродовите има пченица и 'рж и нема кој да ја растовари. Се е за нашите партизани. Има ли доброволци што сакаат да одат да растовараат? - праша Евдоксија, а потоа слезе од бината, отиде потаму во игралиштето и викна:

- Доброволците да се постројат по двајца покрај мене!

До еден, и момчињата и девојчињата, сите застанавме во строј. Евдоксија застана пред стројот и ја даде командата:

- Мирно! Надесно! Добро, деца – рече. - Сега, полека, како на прошетка ќе одиме во пристаништето. Слушајте што ќе ви кажуваат

таму луѓето. И знајте, колку побрзо ќе ги растоварите бродовите толку побрзо ќе стигне лебот на Грамос и Вичо.

Тргнавме. Првпат без строев чекор, и без борбена песна.

А во зорите се вративме товарени со пченица. Полни ни беа џебовите, ракавите, ги скинавме астарите, ги наполнивме полите. И почнавме да ја вариме пченицата. Крај морскиот брег палевме оганчиња и во кутии од конзерви и ‘рѓосани италијански шлемови ја варевме руската пченица. Ја делевме, се разбира. Им дававме и на малите. А тие, кутрите, клечеа покрај оганчето, обрабено со две тули или камења, дуваа во него и со валканите рачиња си ги бришеа насолзените очи и размрсулавените носиња. Само очите им светеа. Оганче до оганче. Брегот чадеше. А ние ја голтавме пченицата уште недоварена, жешка. Слатка - мед! Така се додека не ги растоваривме бродовите. Тие отпловија, а ние си останавме крај брегот со празните кутии од конзерви и со италијанските шлемови. Првпат бевме наситени. Првпат не сонувавме леб.

Не поминаа ни десетина дена и почнаа да ни даваат 'ржен леб. Едно лепче, големо како моиве две шепи за појадок и за вечера, а за ручек макарони. Беше добро. Вечерта се собиравме на собиралиштето крај врбата и игравме оро. А пред легнување мајка Евгенија не собираше сите во ходникот. Седнувавме на бетонскиот под, а таа почнуваше од најмалите:

- Како се вика мајка ти? Како се вика татко ти? А дедо? Баба?

Одговараа сите. По ред. Потоа прашуваше за имињата на браќата и сестрите, за презимето, за селото. И потоа големите чупиња почнуваа да пеат. Тие секогаш знаеја многу песни што дома ги слушавме од нашите баби и мајки. Истите песни ги пеевме и ние, далеку од дома. А топку ни беа блиски, толку не топлеа. А потоа мајка Евгенија почнуваше да ни раскажува за селото, за ливадите, за лозјата, за чешмите. И секоја вечер така “за да не заборавите, деца, од каде ви е коренот”, - велеше таа. Потоа не погалуваше по глава, ги кореше немирниците и не праќаше на спиење. Никогаш никого не искара, секогаш беше добра. А зборот нејзин за нас беше се. Таква беше таа наша мајка Евгенија.

Еден ден во логорот влегоа два камиона. Растоварија цели купишта војнички блузии. На секој ни дадоа по една. Немаше што да се избира. И за нас беа големи, а камоли за помалите. Ракавите ги сечевме или ги подвиткувавме неколку пати. На помалите им се влечеа. Се завиткувавме во нив, ги врзувавме со телефонска жица што ја наоѓавме во ѓубриштата покрај морскиот брег. Блузите беа војнички. Издупчени и окрвавени. Во џебовите наоѓавме писма, слики на војници, деца, жени, девојки. Писмата беа пишувани на грчки. Децата што знаеја да читаат, ги читаа по цели часови. Некои

писма беа тажни, полни горчина, жаловити, некој весели и полни шеги. Понекогаш плачевме, де тагувавме, де се смеевме...

Кире замолча, воздивна длабоко, и го откопча десниот џеб од својата војничка блуза. Извади купче испишани листови и почна едно по едно да ги одвиткува.

- Војничките блузи што ни ти дадоа беа од убиените војници од Грција што загинале по албанските планини за време на грчко-италијанската војна... Знае ли некој од вас да чита грчки? - праша Кире и му подаде на Пандо едно писмо. - Читај, ако знаеш грчки, - замоли Кире.

Пандо го зеде писмото, го разгледа, ја стави цигарата на каменот и рече:

- Да. Ова е на грчки. Да видиме што пишува.

“Моја најмила,

Пред една недела ти пратив писмо и верувам дека стигнало до твоите раце. Сакав да ти се јавам веднаш, меѓутоа, дури пред малку здивнавме од секојдневните борби. Седам покрај распалените цепеници и, додека другите војници од водот дремат покрај оганот, јас на светлината од растреперениот пламен со вкочанета рака ти го пишува писмово. Верувај ми, во секој напишан збор е животот зашто во овој пекол ретко се избегнува смртта. Денес останав жив можеби затоа што постојано мислев на тебе... Над мене се извишуваат високи борови и се чини дека го допираат небото. Горе, меѓу нивните врвови, завива ветрот, го истресува снегот, крши гранки и стенка меѓу дебелите стебла. Се чини дека се е наопаку. Единствено вистинско и нормално е тоа што се уште можам да мислам на тебе... Во оваа вејавица, под лудите завивања на ветрот, во овие диви планини што лежат под дебел снег, под постојан дожд од топовски и минофрлачки гранати и непрекидно кракање на митралезите и денес јас сум жив.

Моја единствена, таму, во топлата одаја, клекни пред иконата на Богородица и моли ја да ти се вратам. Не знам зошто, но често се замислувам како плачам ничкум, со лицето во снегот, замрзнато и... и си мислам дали, ако останам вака, ќе ми ја одземе некој мојата љубов? И се прашувам дали се уште ти чуваш оние исушени ливчиња од ружи?

Трепери пламенот во моите изморени очи, клепките ми натежнуваат. Ме совладува сонот. Морам да прилегнам, зашто не знам каква ќе биде ноќта и како ќе заврши денот... Те бакнувам најтопло. Утре ќе го предадам писмово. Добра ноќ, љубов, добра ноќ, животе мој”...

Пандо го зеде второто писмо, се загледа во него, подигна веѓи и полека, замислено рече:

- И ова писмо војникот не стигнал да го прати... А еве што пишува: “22 ноември 1940 година, на позиција.

Драги и почитуван мој професоре,

На штик и нож падна под нашите нозе Иван Планина. Го совладавме непријателот. Многу наши од Леринско, Воденско и Костурско засекогаш ќе останат тука.

Сега, кога веќе излеговме победници, се прашувам за чија татковина вака јуначко се бориме? Се прашувам, поради што пред една недела уапсија дваесетина момчиња. Зарем само затоа што во рововите зборуваа македонски? Денес ја славиме големата победа. Истиот ден нашите единици влегоа во Корча. Прекинувам зашто водникот нареди да се вкопуваме...

Се префрливме на Ѕвезда. Цела ноќ копавме ровови и земјанки. Сега велат дека утре ќе тргнеме во напад. И така секој ден. Денес сум капнат, небричен. Ноќта е ведра, стегна цикна, на снегот се огледува месечината. Прстите се повеќе ми се вкочануваат. Велат дека во текот на ноќта педесет наши момчиња ги нападнале италијанските батерии. Се зборува дека никој не се вратил... Толку за денес. Во наредното писмо чекај нова вест. Мојата почит и поклон пренеси им ги на твоите најблиски.

Останувам со топол стисок на дланката засекогаш, твој...”

- Ова е со грчко писмо, ама на наш јазик. Многу пати сме го читале, рече Кире и му го подаде на Пандо.

“Мил и сакан мој домаќине, - почна со зарипнат глас Пандо. – Писмото го добивме и сите се радуваме што си здрав и жив. Во селото стигнуваат се повеќе вести за ранети и убиени. Господ нека не чува од лошото и што побрзо да те врати дома. Два дена по Митровден дома дојдоа од асфалијата (полицијата) и го одведоа тате во Костур. Таму го претепаа затоа што прозборува нашински. Стрико Доне се жалеше, ама му рекоа да си седи мадро.

Тате го пренесовме на коњ и го завиткавме во кромид и кожа. Сега е добар. В црква не оди. Седи дома, пцуе, се држи за градите и многу кашла.

Син ти Ристе само прашува за тебе. Излегува на балконот и те чека. Ристевци и Петревци те молат да се распрашаш за нивните и да ни напишеш како се. Од нив долго време нема писма.

Прими поздрави од твоите најмили. Секој ден со мајка се молиме пред Богородица за да те врати здрав и жив. Чувај се. Те сакаме сите.”

- А ова, Кирче го прекина молчењето е поголемо писмо. Го најдов во внатрешниот џеб од мојата блуза. Астарот од десната страна цел е црн од крв. Во џебот ги најдов и овие слики...

Нумо ги зеде сликите и долго гледаше во нив. На поголемата, на која се гледаше убава млада жена на чии колена седеше момче, пишуваше:

“На нашиот Тато со желби брзо да ни се врати.”

На друга слика со убав калиграфски ракопис:

“На нашиот драг и почитуван учител кој херојски се бори против глупавиот Мусолини, неговите ученици”.

И долу дата: 20 декември 1940 година.

Пандо ги погледна сликите, а потоа, без да рече збор почна полека да чита:

“16 ноември 1940. Сорович. Тука почна да се формира нова дивизија. Многу, многу наши. Ноќта тргнуваме. Пешки до Корча. Мојот баталјон доби заповед да држи позиции меѓу Требезина и Бубези...

На позиција, 9 декември 1940 година. Нашата западномакедонска армија веќе со денови се окопува меѓу Подградец и планината Камија. Со денови исто: тие ќе се појават, ние ќе припукаме. И потоа низ дуљбија гледаме како си ги прибираат ранетите и убиените. Кога излегуваме да сечеме дрва за покривање на земјанките и за горење, ни грмнуваат тие со топовите и, место дрва, во шинелите ги носиме нашите ранети. Убиените ги закопуваме ноќе. Денес ни го убија Ставро. Човек во години. Еден негов соселанец од Леринското село Турје на лош грчки јазик постојано вели: О, сироти шест деца...

Денес дури можам да одбележам што се случи во изминатите денови. Од 29 декември до 25 јануари во непрекинати борби со црнокошулашите успеавме да го заземеме врвот Требезина. Гол. Ни грмушка. Копаме ровови. Ветрот навејува снег. Пред очи ништо не се гледа. Студено. Дланките се лепат на железните делови од оружјето. Ископавме мали земјанки. Клечиме во нив еден до друг и се загреваме со сопственото дишење. Вкочанети и раце и нозе. Станавме некако рамподушни. Топла храна нема.

Изгледа господ се смилува. Добивме наредба да се повлечеме на источните падини на ридот. На пладне не нападнаа алпинисти. Се држиме жилаво. Но, и покрај тоа, не потиснаа. Дури вечерта пристигна зајакнување и со јуриш се најдовме горе, во длабокиот, снег на Требезина. Не ги закопуваме ни нашите, ни нивните. Лежат замрзнати под дебелиот снег. Во овој пекол само живите се за жалење...

Зората ја дочекувам навален со плеќите на замрзнатиот рововски ѕид. ова што го гледам пред мене е како во бајка. Во тишина се разбудува денот. Гледам на исток и онаму, далеку на врвот на планината, полека побелува мракот, добива белузлинаво-жолтеникава боја што преминува во срамежливо руменило, се повеќе поцрвенува небото и црвенилото над гребенот станува се посилно, чиниш врвот пламнал, гори снегот. Црвени, румени и сребрени одблесоци на снегот. Парче изеденка, потоа се поголем и посветол се извишува

дискот на сонцето и пред очите пламнува некаква радост, некаква музика, што вдахновува, ненаситна желба да се живее...

Морам да прекинам. Пискливиот глас на водникот ја пара утринската тишина. Одиме во напад...

Пладне е и врне снег. Лапавица. Уморен сум. Папсан. Ја кршиме замрзнатата земја за да ги закопаме оние што паднаа во јуришот. Им фрламе врз лице и очи замрзната земја измешана со снег. Нивните вкочанети тела никогаш нема да ги стоплат тажните звуци на војничката труба и солзите на некои од нас што стоеме улуглави над гробовите..."

Нумо подигна рака и немо се загледа во ридиштата отаде река. Во неговите уши, кој знае по кој пат, одекнуваа тажните звуци на војничката труба. Му се чинеше дека пловат над него, се прекршуваат во снежната виулица, го стегаат срцето, воскреснувајќи од заборавот.

Пандо го сврте испишаниот лист, ама Нумо пак подигна рака. Брадата му трепери и на левиот образ му игра мускулот. Челото се грчи во брчки и го оросуваат ситни бисери пот. Врз нив се разигрува зракот сончев. Нараснуваат, се слеваат во едно и, небаре орајќи меѓу брчките, се губат во густите веѓи. Брчките се искривуваат, се вдлабнуваат и се почесто затреперува левиот образ...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 14

ГОРЕ, каде што се наоѓа управата, се одгласи шината. Остро, брзо, расечувачко звонење. Нумо се стресе, чиниш се ослободи од некој долг, мачен сон, и со глас натежнат од спомени, рече:

- Рано е за обед... Рано е и за да слушаме радиовести, - сврувајќи глава кон зборното место, довршии: - Да одиме. Изгледа сакаат нешто важно да соопштат...

- Седи, - тивко изусти Пандо. Што и да е, нема да биде за тебе, ниту за мене. Твоето се знае и моето се знае...

- Ако не е за нас, барем да видиме што е за другите. Ајде... А ти, Кирче немој да не заборавиш. Дојди пак. И чувај ги писмата. И сликите. Кога ќе не видиш тука, дојди да ни раскажеш што стана натаму со тебе... Ајде, Пандо, гледај, луѓето се собираат.

Нумо и Пандо добро видоа како од џипот слезе оној со чистите чизми, ама не слушнаа ништо од онашто им зборуваше на собраните мажи во години. Од толпата прв се оддели Кузе; крадешкум, како да газеше на трн со гола нога, и колку повеќе се оддалечуваше од зборното место, толку побрз стануваше неговиот чекор.

- Мобелизација! - и шепна на жена си: - Мобелизација! Ќе не соберат сите! Сите што можат да држат пушка, да копат и да терат маски и магаринја. Сите на фронт! Што да правам? Да се скријам? Каде? Па утре сите на собир!

Кузевица е присебна жена и, за такви каков што е Кузе, необично снаодлива. Чепка во торбата, во чиниче измеша во вода од расипаното брашно и му го подаде на Кузе, велејќи му со глас на бајачка:

- Изеди го ова и фрли го појасот.

Пред полноќ Кузе излезе од бараката, ама не стигна до клозетите. Чучна меѓу коњушниците и, повремено поместувајќи се, дури в зори се врати кај Кузевица. Но, колку што прилегна, небаре надвор заборави нешто вредно, вјасавица стана и со зајачко потскокнување, чиниш џебовите му се полни јајца, излезе. Чучна на неколку чекори од портата, зад аголот на бараката.

- Оф, проклето брашно, - воздивна гласно и се помести, зашто во тој миг спроти него полека доаѓаше ноќниот чувар.

- Ши, ши, ѓаволски, - викна налутено Кузе.

- Што е, Кузе? - праша чуварот.

Стаорец! Олкав, мајка му, олкав, ѓаволскиот! - болно рече Кузе и двапати измери на sидот со педата. - Ете олкав! - повтори, придржувајќи си ги бечвите, со другата рака.

И овојпат Нумо не успеа да се качи на еден од камионите. И овојпат не го сретна својот пријател шофер.

Излегува сред џаде, раширува нозе и подига и рака и патерица. Сноп светлина фрла врз него камионот и профучува оставајќи го во облак прав. Помина првиот, десетиот, наближува последниот и остава прав зад себе. Osверен е од лутина. Нумо се тргнува од џадето и, во бозјакот што густо расте во ендекот и вслушан во завивањето на последниот кемион што тешко ја фаќа кривината угоре, погледнува ту во sвезденото небо, ту во угорнината што ја пресечуваат долгите светла на капионите, ту долу, во бараките и коњушниците, во кои блеснува притулена светлина од свеќа и кандила. Вгледан во светлата што де се појавуваат де се губат како пот на вжарено чело, и го варакосуваат запрашеното џаде и шумата што брзо потонува во мракот, кој знае кој пат се забива, се вгнетува, се вгледува одново и одново во патот што го помина и се повеќе се вгнездува во него, зашто на него порасна и, иако е сакат, се храни со надеж дека, дури и дооден, ќе го дооди. Се вдена во него и вдадено се моли, ете толку години, како веда. Ете, за мапку ведрина, тој без веднење дури и сега е готов и во ведина дупка да се втурне затоа што има свое верују. Веровит е патот, што го изоди дотука и за вероотстапник него не го бива. Не дека ништо не го ветроса. Го ветроса, ама преку тоа тој се вживи, се вжили и се вжешти, се вsвери. Така откако се замолчи, без замолчување по истиот пат. Исправен, без занеменост, без заостанување, узреа. За избав никого не молел. Идолопоклонички пред никого не неведнал глава. Не извалкал образ. Го делкале неговото стебло, но глужд до глужд останало црно, испупчено. Врз него се напишани имињата на логорите и затворите и останале лузни од зараснати рани. Затоа имела не го удира. И во најлошото. Искован, исткаен и скроен од вековите поминати во црнина, го разјадувале црнила. Ни искорнат, ни исплевен, но најмногу понижуван. А сега е како камен кој, помрднат од своето место, не фаќа трева. Така едноног, сакат, седи во бозјакот крај прашливото џаде, испоганет од погани усти, но не испостен. Се уште верува, се уште гледа и се вгледува во ноќта. Осамен е тој во мракот, во тој прав без дно, сам е со своите желби и надежи.

“Ќе се истргнам и од овој мрак, ќе го истресам правот што овојпат и на овој пат легна врз мојов шинел, ќе се истурам на широк мегдан, ќе исчекнам и не итаница, ами полецка ќе стигнам онаму кај што ме чекаат другарите. Не како алчен јадач, ами во првиот ред за в бој...”

Пребледе, посиве небото. Беловина се појави на врв рид што вишнее отаде шума. Врз дрвената нога капки роса. Во првите зраци на младото сонце одблеснуваат бисери. Прекршен, наведнат синчец рони солзи роса.

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 15

ПО ПОЈАДОКОТ, пак удрија на шината. На собиралиштето построени мажи, потаму жени во молк.

Високиот со чистите чизми врши преглед. Кузе, со главата стуткана во тесните рамена, стои пред него кисел и овенат.

- А тебе што ти е, бре, што си толку блед?

- Стомакот, стомакот, другар, - прошепоти Кузе и тој миг му закркорија цревата.

- Што ти е?

- Дезентерија... – прошепоти срамежливо тој и со крајот од окото погледна во високиот.

- Марш, серко! Посрани борци не ми требаат!

Кузе не чека да му повторат. Држејќи се за мевот, вјасаница потскокнува и го снемува во бараката. Легна на својата сламарица, се покри со козинениот покривач и зајачи колку што можеше поболно.

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 16

ОД КОЊУШНИЦАТА, во која се сместени падавичарите, тивко, молбено, жалосно, набожно и трепетливо се шири пеење:

Црнеј горо, црнеј сестро
Заедно да црниме…

Појот паѓа како да се губи во некоја глува шума и наскоро, чиниш од далеку, испрекинато, нескладно, длабоко, осамено, преполнето со солзи и пејовито се премотува непремолчано, се прекршува, се пренесува и пронижува преоѓа во тажновито, молбено и осамено битисување:

Твојте лисја, горо сестро,
Пак ќе ти се вра-а-а-тат,
А мојата младост, горо,
Нема да се вра-а-а-ти-и-и...

Ветрот што дувна ја растури песната по сите бараки и коњушници и ја пренесе отаде бозјаците. Реткото пеење во Прењес е како сновидување. Тука песна се слуша само од звучниците. Доаѓа некаде од далеку, осакатена, кркорлива, некако скршена од планинските врвови и долови, од ветриштата и виулидите; во неа има нешто кобно, зашто, откако замолкнува звучникот, во бараките и коњушниците почнуваат намнисувања, плачења редења:

Твојте лисје, горо сестро,
Пак ќе ти се вратат...

допира гласот на падавичарите и веднаш носи со себе тага и болка за загубеното. Тенорот го подига последниот збор и гласот останува за миг да виси во растрепериот ноќен воздух и секнува песната колку за да чукне срцето посилно, градите да се наполнат со воздух.

А мојата младост, горо сестро,
Нема да се вратиииии...

Се пренесува појот и растура зад себе тага. Во бараките и коњушниците длабоки воздишки. Во бранови надоаѓа болка Старци со цигарите в шепи, седат на праговите, гледаат во небото, навезано со звезди и воздивнуваат... Кратката тишина што настанува од еден до друг збор, од една до друга воздишка, ја пресечува високиот тон на тенорот кој најдолго ги влече зборовите “нема да се врати...”

Страсната тага по оставената младост во карпите, ридиштата, доловите, осојниците, припеците, шумите и снеговите на Македонија, се прекршува во зарипнатите и гладни грла на падавичарите.

Ноќта мириса на правот што пред зајдисонце го дигнаа камионите и луѓето што трчаа зад нив. Во воздухот се уште се чини дека висат викотниците и лелеците. Врз изгазената и исушена трева, врз топлите покриви и врз калдрмата и бозјакот легнува свежа роса. Отаде река заквилува ноќна птица, меѓу бараките прелетува лилјак. Високо полна месечина. Над Прењес ведрина, во Прењес тага, болка и чемер... А појот, ту близок, ту далечен, ту длабок и растреперен, нескладен и испрекинат, се растура во ноќната тишина тажновито и пејовито, потсетувајќи на еднаш изминатото време што наврапито го однесоа и го однесуваат времињата крвави и мрачни... И се оддалечува појот, се подалеку подалеку...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 17

ПАНДО И НУМО седат скраја од полјанката и, влечејќи го сертиот чад од крупно дробен тутун, ги гледаат момчињета како вежбаат.

- Налеооо круг! - командува високо и суво момче во долги војнички панталони и широка блуза со ракавите искинати на лактовите. Свртуваат и рамномерно удираат строев чекор. Од под искинатите цокули пуфка прав. Исправени и загледани пред себе, маршираат занесено. Ешалон зад ешалон, во рамни редови, свртуваат и се посилно се слуша нивниот чекор.

Од долу, откај тунелот, над џадето се дигна прав. Само неколку мига потоа на свијокот се појави џипот. Се дотркала до полјанката и застана. Штрака моторот.

Високиот исправен со цела висина, стои, држејќи се со едната рака за предното стакло.

- По-оо-здрав!!! - викна суволикото момче.

Водовите секавично свртуваат глави кон џипот. Промаршираа со оптегнати раце крај телата, со закован поглед во двајцата офицери на ДАГ. Шоферот, навален со десниот лакот на воланот, ја ниша левата нога што му виси надвор од џипот и сосила се обидува со плунка да го погоди каменот што лежи на два-три метри потаму. Откинува ново стракче трева, го џвака и, откако устата му се наполнува плунка, ги токми усните и, како гуска што тешко голта, ја подава брадата, си го оптегнува вратот и исплукува низ заби.

Високиот му се обрати на сопатникот без да го гледа:

- Одлично, нели? Рече дека ги има илјада и двесте, нели?

- Толку.

- Кој беше тој глупак што нареди да се вратат? Па тоа е цела бригада, нели? И сега, кога најмногу ни треба војска, некој таму, нетокму човек, нареди да ги вратат и да маршираат на полјанкава?

Шоферот пак плукна низ заби и полека исцеди:

- Водачот, другар, наредил, водачот...

Високиот сврте глава, косо погледна во шоферот и просаска:

- Ти многу знаеш...

- Знам, зашто бев таму.

На полјанката се појавија нови четири ешалони. Се доближуваа со маршов чекор до џипот. Одеднаш зад нив се нададоа нови ешалони и до Нумо и Пандо допре песна. Оние од џипот се погледнаа в очи и високиот праша:

- А ова што е, пак?

- Песна, - рече шоферот.

- Знам дека е песна. Не сум глув. Песна, ама каква?

- Војничка, а во случајов парадна... Нумо се наведна кон Пандо и полека му рече:

- Пеат слушаш, нели?

- Слушам... Првпат ја слушам.

- Маршот на осумнаесеттата бригада...

- На онаа во која има најмногу наши?

- Аха! - потврди Нумо.

- Туп-туп-туп! - удираат момчињата загледани пред себе. Командирот што маршира отстрана, не заповеда "Поздрав". Високиот и овојпат стои исправен и војнички поздравува.

- Одлично! Одлично! Одлично! - се восхитува. Овие уште денес би ги пратил на Вичо. Уште денес... Цела бригада... Одлично! Браво!.. А што е тоа? - му се обрати на оној што стои до него.

- Што? - Тој си ја покри устата со дланката. Се кикотеше.

- Виде ли?

- Видов... Се сопва момчето, што да му правиш...

- Не смее да се сопнува. Тој е во строј, нели? Не смее, велам, да се сопнува. Командирот на четата вечер да се јави кај мене на рапорт. Како смее никоквецот, да дозволи да му се сопнуваат војниците во марш а?

Со нашиот командант Војната,
Со нашиот македонски дух, дух, дух!...

Ечеше Маршот на Осумнаесеттата бригада на ДАГ. Високиот намршти веќи. Му се обрати на шоферот:

- Ја истрчај и пренеси им ја наредбата да престанат да пеат.

Шоферот мрзливо се помрдна и во тој миг одекна команда:

- Батаалјон! Стој!!! Нале-е-е-о!

- Да одам? – праша шоферот.

- Не треба – рече високиот. Слезе од џипот и мрзливо, со чекор на овца болна од шап (го стега левата чизма – "Тој пезевенк шофер-аѓутант, мајка му, пак не ми ги измачка чизмите со лој" – просаска) им се доближи на челите.

Нумо истиот миг му рече на Пандо:

- Ајде да си одиме. Не би можел да ја слушам оваа позадинска вошка.

Високиот се сврте и му даде знак на шоферот да го следи со џипот. Застана и чекаше додека не стигна возилото. Откако се качи рече:

- Поефектно ќе биде да им речам неколку зборови оттука, отколку од долу...

- Секако. Кога доаѓаат зборовите од повисоко паѓаат подлабоко...

- Или ги однесува ветрот - дополни шоферот.

Високиот не издржа и налутено подвикна:

- Слушај, Коста. Ти со тие твои глупави дофрлувања ми одиш веќе на нерви. Претпоставен сум ти или не? Сум! Те доделија од командата како мој шофер или не?

- Како шофер да, ама не и како слуга...

- Не слуга, туку аѓутант.

- Море остави ги ти аѓутантите. - Тој плукна настрана, ја забави брзината и додаде: - Доста ми е ова возење од болница до болница, од кујна до кујна и...

- Да го сметам ова за непослушност? Така? Ако е така, тогаш уште денес, со првата колона можам да те пратам на фронтот. И да знаеш дека, откако ми го снема пиштолот, јас не те гледам благонаклоно. Замисли си - му се обрати на сопатникот од кола да ти го земат пиштолот, а овој си мисли дека го имам само за мустра... Застани токму до оној камен, слушна?

- Не сум глув.

Коста веќе четири месеци му е доделен на овој човек кој за фронтот знае онолку колку што чита во весниците и колку што му раскажуваат оние што се враќаат оттаму. Чист, секогаш избричен и, веројатно поради неговиот начин лесно да воспоставува контакти со луѓето, а уште повеќе да ги загрева со својот богат речник и одлично глумена гестикулација, направија од него политички работник. Претходниот шофер (се зборуваше) не издржал со него ниту еден месец. При првата можност се качил во Сук на камионот што враќал оздравеници на фронтот. Коста, кога дозна од командирот на втората механизирана колона со седиште во Корча, дека ќе вози некој офицер на ДАГ, замоли:

- Другар, командир! Ве молам, не правете ми го тоа. Ќе ми се смеат другарите.

- Зошто? Зошто да ти се смеат другарите?

- Па јас, возач на десеттонец натоварен со топовски гранати, со илјадници фишеци, со нагазни, рачни противтенковски и што знам какви не други мини и гранати, да возам, да талкам од логор до логор, од болница до болница и да слушам како се лигави некоја заднинска гнида... Немојте, другар командант, не правете ми го тоа... Што, сакате да ме острамотите? И верувајте, ама навистина верувајте, јас не знам да возам џипови. Воланот ми се лизга од прсти... Кој слушнал, Коста, значи јас, да вози гниди, а?

- Наредбата е потпишана, Коста, и не расправај се со мене. На извршување!

- Разбирам! - подигна рака за поздрав и, откако постоја уште малку, рече: - Разбирам, ама да знаете, другар командир, дека јас таму нема да бидам добар шофер...

- Тоа ти е воена задача, разбираш?

- Разбирам, ама мене не ме бидува за таков возач. Другар командир, а знаете ли зошто Сотир е в затвор? - и без да чека дозвола, Коста продолжи: - Затоа што не можел да ја трпи таа гнида што ја возел. Од него направиле прислужник. Чизмите, Сотире, коланите, Сотире, брилјантинот, Сотире, јајцето, мајката твоја, е тврдо, а сум ти рекол да биде меко, и на човекот му дошло преку глава и му го попарил скутот со жешка вода небаре котлето му паднало од раце... А тој, гнидата, го набедил човекот и ете сега, како што слушам, седи во затворот во Нивици и изнесува и истура во езерото кофи лајна... Зар и јас до таму да дотерам?

- Ако бидеш будала како него, можеш и подалеку да дотераш. Биди умен, па нема да изнесуваш кофи...

- Нема да изнесувам кофи, ама цела кола лајно ќе возам. Е, море, Јован, командире мој. Ние сме едноселани, а ти ме праќаш таму. Зар мене најде да ме избереш? Што сум ти згрешил, а?

Јован му се доближи и, фаќајќи го за рамената, му се загледа в очи и му рече:

- Коста, послушај ме и нема да зажалиш. Нема да се влечеш по цели ноќи со тој твој десеттонец. Барем си заслужил и под сенка да седнеш и во чиста постела да легнеш...

- А ти мислиш дека тоа е награда за мене? Колку пати те молев да ми дозволиш да одам на линијата, во бој, а ти - молчи и молчи, тука си попотребен, шофери немаме, шофери ни требаат, борба се води... И таму со тој расклатен џип да талкам по патиштата на Албанија и да ми се смеат луѓето. А знаеш ли што ми рече вчера еден од оздравениците? Не знаеш? Е, па слушни. Вие, вели, со камионите само ту-ту ваму ту-ту таму, кокошка на пат ќе згазите сосе пердуви ја јадете, та затоа газиштата ви се толку дебели. Таму, таму да ве видам, а не Корча-граница-граница-Корча. Само рачишта и газишта имате, а ум ниту драм. Од седење вели, газиштата ви окапаа, од вртење на воланот, вели рацете како на мајмуни ви се искривија пфу! Како во лице да ми плукна. А ти ми велиш дека јас сум заслужил да возам џип... за да ми прди зад грб некоја заднинска вошка. Тоа ли ми го сакаш, а? Така ли ми се зблагодаруваш? Па знаеш дека јас сум те извлекол од бункерот што гореше. А ти, побрза да кажеш дека сум бил шофер и сега ете, на! Ме пикнале во кабина. А знаеш ли дека секој ден цревата под грло ми висат од тоа тресење? Ти седиш тука, командуваш, си плукаш на моливот и пишуваш кој каде, кога и што ќе пренесува.

Јован седна на клупата запали и рече:

- Истресен си, Коста, и ми се чини нетокму си.

- Ете, сега и луд ме направи...

- Да не зборуваме повеќе. Ти си одреден. Преземи ја должноста и збогум.

- Што? Зар нема да се видиме?

- Кој знае... Војна е... И јас одам долу, на линијата. Успеав да добијам прекоманда. Всушност, ме сменуваат од оваа должност. Ми предложија и натаму да останам во колоната, ама јас побарав да одам на линијата. Ми одобрија. Вечерва заминувам со првата група камиони. Затоа те праќам таму... Остани некој месец и побарај прекоманда. И немој да лудуваш. Не се знае кој ќе ти падне да возиш. Гледаш, никој не ги носи еполетите. Може да е некој мал по чин, а може и некој голем... Чувај се... А сега, да се збогуваме и на извршување.

Се прегрнаа, потоа силен стисок на рацете, војнички поздрав. Коста, пред да ја затвори вратата, слушна:

- Аха, слушај, ќе заборавев.

- Кажи, - рече Коста.

- А знаеш ли како се вари меко јајце?

Обајцата се насмеаја гласно. Само една недела подоцна Коста и Јован се сретнаа во болницата во Елбасан. Коста како возач на Високиот, а Јован закован за креветот.

- Ете, - прошепоти Јован – стигнав и јас.

- Многу си удрен?

Ме прожица во дебелото месо. Добро што коската не е повредена. Велат месец или два и пак долу. А ти, како си ти?

- Ете, ја возам гнидата...

- А ремените, чизмите, јајцето?...

- Доста, жити Бога... И тоа го правам, ама обратно. Се наопаку. Тој почна да се нервира и верувам дека наскоро ќе ме испади, и тоа со лоша карактеристика. Значи, право на линијата. Држи се. Таму ќе се најдеме. Денес одиме за Сук. а утре, можеби на враќање, ќе го наговорам да навратиме тука. Ќе се погрижам да ти донесам цигари или тутун.

- Слушај, Коста. Минатата недела, кога поминувавме по Прењес, знаеш кого видов? Нема да веруваш. Нумо.

- Кој Нумо? Чекај, чекај... Да не е Нумо... Нумо Дамовси?

- Да, Тој.

- Ајде, де?!

- Го видов од камионот. Клинка човекот, се потпира на патерица и нешто вика. Камионот помина покрај него и го познав по гласот. Ист, бре. Знаеш каков глас имаше. А како пееше!...

- Чекај, бре Јоване. Јас често сум во Прењес и како да не го препознам? Велиш со една нога? Море ми се чини дека секогаш гледам еден таков. Не сака пред себе да го види Високион. Ене, оној таму, што зборува со сестрата. Го гледаш? Е, ако успее да ја

наговори, уште во текот на ноќта ќе бидеме тука. Тој штом ќе се загледа во некој, како куче е. Ајде, остани ми со здравје... А искрено, да ти кажам, требаше главата да ти ја прониже, а не дебелото месо. Најде каде да ме пратиш. А Нумо ќе го побарам, задолжително ќе го побарам.

Возејќи сега кон ешалоните што стојат построени, Коста ги пречвакува овие разговори и веста дека Нумо Дамовски е во Прењес и размислува што да направи наопаку за да го слушне од својот претпоставен она "Ај сиктер, паљопедо" (уличар, арамија) и барем половина час да биде слободен.

- Вози и ти како да си на парада! Заповеднички му се обрати Високиот на Коста.

- Разбирам, другар, ами од кај да знам како се вози на парада, кога никогаш не сум возел?

- Исправи ја тиквата, достоинствено гледај пред себе и не туку треси го џипот.

Коста ту го притиснува, ту го олабавува педалот за гас и притоа џипот потскокнува или сосем се смирува, а Високиот не може да си ја одржи рамнотежата.

- Застани ! - нареди Високиот кога се доближија на десетина метри.

- Значи, слободен сум за час-два? - праша Коста.

- Не! Веднаш тргнуваме за Елбасан!

Коста се навали со десната рака на воланот и мавта со левата нога што му виси надвор од џипот. И тивко, колку за себе, слушајќи го говорот на Високиот, вели:

- И така натаму и така натаму... куцо петле на ист плет пее и на исто буниште чепка... Амин! - рече кога двајцата се качуваа во џипот. Му се обрати на Високиот:

- Ама говорче, топ!

- Јас можам и подобро, ама што можеш на дечишта да им зборуваш?

- Дечишата, велиш, а пред малку им се восхитуваше и сакаше да ги вратиш на линијата, па и идиоти ги нарече...

- Сказмос, ре пусти! (молк, педеру) Ако слушнам уште еднаш да ми зборуваш вака, не на фронт, туку во лудница ќе те пратам. Каталавес! Сказмос! (Разбра! Молк!) Пали го моторот и вози назад во Елбасан.

Коста го сврте клучот, моторот се искашла и престана. Пак го сврте клучот и пак истото.

- Што му е, бре, мајката? Нели беше одличен?

- Им реков јас на оние во Граждано (село во Преспа каде што беше сместен Главниот штаб на ДАГ) дека не можеме да ја добиеме борбата со стари, американски џипови. Им реков, и тоа двапати. - Се

сврте кон момчињата. Тие веќе беа растурени по полјанката и се оддалечуваа накај своите шатори. - Е, педја! Педја! (момци! Момци!)

Никој не сврте глава. Високиот викна уште неколкупати и, откако виде дека напразно вика, му се развика на Коста:

- Толкупати сум ти велел џипот да го вардиш како сопствените очи! Што ќе правам сега без џипот, а?

Коста си ги собра рамената и тивко изусти:

- Па, да турнете малку, можеби ќе запали...

Двајцата офицери слегоа и почнаа да туркаат. Џипот полека тргна напред, тешко потскокнува по нерамнините, Коста го свртува клучот, моторот закашлува.

- Побрзо, побрзо, - вика Коста, држејќи ги нозете сплетени под своето седиште. - Уште малку, уште малку! Побрзо! Побрзо! - Во тој миг го сврте клучот, префрли во втора брзина и, штотуку забрмче моторот, тој исклучи. – Ама, реков, другари побрзо. Зар не видовте дека запали штом се зголеми брзината? Ајле одново. Сега, уште, уште, побрзо, побрзо...

Излегоа на џадето. Високиот ја симна капата, си ја брише потта, плука настрана и пцуе.

- Арно реков јас уште вчера да те прекомандувам, туку си реков, нека остане. Стигнавме ли во Елбасан, по телефон ќе му се јавам на командирот на втората колона во Корча да ми прати друг шофер. А ти на линијата, на фронтот!

Коста се сврте, рашири раце и полека, цедејќи го секој збор, рече:

- Ебати ја УНРАТА што прати такви џипови... Зошто ли ги заробуваат нашите, самиот не знам. Вистинска тенекија, а не џип за офицери. Пфу!

- Сега што правиме, а? - праша висовикот.

- Ајде уште еднаш да се обидеме со туркање, - рече Коста. - Да ја претркаламе угорнинкава, па по удолнинката полесно, ќе биде да туркате...

- Зар сакаш цел пат да туркаме? - праша вториот офицер чие име Коста досега не го слушна, а лицето му го виде дури вчера во болницата во Елбасан.

“Си ги згоивте газиштата, вошки ниедни, тука, во албанското, а сега потуркајте малку, - си велеше Коста во себе и го фаќаше бес, гледајќи ги онака испотени како се бришат со бели шамичиња. - Само за говори ве бидува, за пароли, за мамење. Таму да ве видам, на линијата...

- Ајде, другари, ако сакате денски да стигнеме во Елбасан, потурнете. Сигурно ќе запали. Само да ја превалиме угорнинката, а удолу сам ќе се тркала. Готови? Сега! – викна Коста и нагази на сопирачката.

- Ајде, ооооп! Уште малку - ја попушти сопирачката, џипот се дотркала до половина угорнинка и запре. Коста полека ја стегна сопирачката а оние одзади го ораат патот со чизмите.

Непознатиот се исправи и рече:

- Ај сиктер, панталоните ми пукнаа! Погледни!

Високиот, бришејќи си ги дланките, погледна и, како да не беше ништо, рече:

- Да... Во Елбасан ќе добиеш нови, не грижи се. Ајде уште малку, белки ќе запали, ѓаволокиот.

Запнаа. Џипот полека се помрднува, уште чекор, два и ја превали угорнинката.

- Сега надолу, другари, како во, напад, напред, другари!!! - викна Коста, држејќи ги нозете под седиштето. – Уште малку, уште малку и победата ќе биде наша... – се смееше тивко.

- Доста, - рече Високиот. - Коста, ти слези и зафати се со поправката на џипот. Јас и другарот ќе одиме до кај командантот на Прењес. Штом го поправиш, дојди таму. Само гледај што побрзо.

- Одете, другари, а јас белки дотогаш ќе успеам да го поправам.

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 18

- ДОБАР ДЕН... - поздрави Кире. - Трчав, та затоа сум вака...

- Уморен, нели? – го праша Пандо. - Да седнеме, што велиш, Нумо, а?

- Да седнеме, - одговори и почна да го бара најудобното место во камењарот.

- Ве гледав цело време. Седевте скраја од полјанката нели? А јас си мислев, штом ќе заврши вежбата, веднаш ќе одам кај нив. Ве видов уште сабајле и тешко ми дојде кога забележав како си одите. Си мислев, кој знае кога ќе ги видам пак.

Откако седна и си ја стави патерицата настрана, Нумо му се обрати на Кире:

- А што ви зборуваа оние од џипот?

- Многу не пофали Високиот. Ни рече такви како нас, орли, соколи, кажуваше и некои други имиња на пилци, сме само за на фронт, дека ние сме дораснале да ги замениме нашите татковци и браќа што останаа на Грамос и на Вичо, ама имал добиено строга наредба да не не враќа иако тој со големо задоволство би извршил уште една голема задача спрема револуцијата праќајќи не нас на боиштата. Меѓутоа, рече, ние мораме да учиме. А знаете ли дека вчера ни пратија учители? Дојдоа од Сук. Едниот има едно око и е наглув, а другиот една нога. Читавме од “Непокорен” и “Нова Македонка”. Ни рекоа дека наскоро ќе почнеме и да пишваме и дека на секој ќе ни дадат по половина молив и по една тетратка. Така ни дадоа во Романија...

- Како? Што рече? – праша Пандо. – Што сте барале во Романија?

- Зар не ви кажав дека бевме во Романија? - вчудовидено праша Кире.

Пандо го погали по глава и рече:

- Не, синко, ништо не си ни раскажал...

Кире се поднамести. Во неговите очи има блесок на дете, а не на војник. Голобрадо и бледо, во широката излитена униформа како да е загубено, откинува синчец и долго го врти во прстите.

- Ви кажав како си отиде Маријанти?

-Да.

- А за Ѓорѓи? За Ѓорѓи не ви кажав?

Пандо климна одречно со глава.

- За “Песоците” надвор од Драч ви кажував, нели? Таму беше и Ѓорѓи. Суволико, бледо, испиено момче. Не знам од кое костурско село беше. Главата голема, истрижена до кожа. На нозете само волнени чорапи, ама стапалата и прстите голи. Секогаш, каде и да одеше, беше сам. Прстите, собрани во тупанички, си ги држеше под брадичето. Имаше големи, секогаш исплашени и широко отворени

очи, а усните секој миг му трепереа од липање. Никогаш никој друг не го виде да се смее. Никогаш не трчаше како сите други за да ја види локомотивата со трите вагони. Секогаш осамен и секогаш страв во очите и на лицето. Не се смееше, не беше палав како неговите врсници и другите деца. И лошо што се најде таков меѓу нас. Ние го задевавме, го поттурнувавме, му се смеевме, а тој, навален на ѕидот плачливо викаше:

- Мамооо! Мамоооо! Овие ќе ме тепаат!

Секогаш држеше камче во џебот. Кога му се доближуваше некој, брзо го извлекуваше и, држејќи го во подигнатата рака и гласно плачејќи, се фалеше:

- Бегај! Ќе те удрам, ќе удрам...

Најчесто се бранеше плукајќи. А кога дојде Маријанти, штом го виде таков рече:

- Ова дете е будала, - и го прати во лудница. Оф, како плачеше Ѓорѓи кога тргнуваше пајтонот. А најмногу викаше "Не сакам" кога се затвори зад црниот пајтон големата двокрилна врата од неизделкани дрва и испреплетена со бодлива жица. Ние, стотици деца, застанавме крај оградата и, држејќи се за сребрестата жица со остри боцки, го слушавме пробивниот и пис клив ту покорен, ту испрекинат, жалосен и молбен глас па Ѓорѓи и бавното суво и едностојно клопотење на тркалата и коњските копита по нерамната калдрма. Се чинеше дека брзо го заборавивме Ѓорѓи. Но есента кон крајот на ноември, кога ни рекоа дека ќе заминеме за Романија, еден ден, попладнето, во големиот двор, што го викавме плоштад, некаде во средината, застана пајтонот. И се слушна глас: "Дојде Ѓорѓи будалата" и сите истрчавме и се собравме околу пајтонот. А Ѓорѓи не сакаше да излезе. Пајтонџијата го фати за рамо, ама момчето, цврсто држејќи се за наслонот од седиштето, клоцаше и викаше:

- Не! Не сакам тука! Не сакам!

Не сакаше да биде со нас. Изгледа ја претпочинуваше лудницата каде што го прати Маријанти.

Кире наведна глава, долго се загледа во тревата, си го подигна чорапот и, држејќи се за коленото, замолча. Пандо и Нумо се погледнаа. Нем, вчудовиден, гневен, тврд, пронижувачки, суров, студен, презрив поглед.

- Па, - прозбори Кире - кој знае дали онака, како што живеевме со Маријанти, кој знае дали ние бевме во лудница или Ѓорѓи?

Една од "мајките" се проби до пајтонот и со молење успеа да го, поведе Ѓорѓи со себе. Арно, ама, утредента, кога се качувавме во камионите, него го прибра еден од албанските шофери. Додека ние цел ден мрзневме и не јадеше студениот ветар што дуваше од заснежените планини, Ѓорѓи патуваше на топло и меко. Вечерта стигнавме во Елбасан. Преспавме во една сала. Кој на под, кој на

клупи. И во зорите пак на пат. Штом излеговме од градот, колоната застана. На патот стоеја многу, многу луѓе и други доаѓаа од горе, каде што се наоѓаат неколку бели куќи. Кој крив, без нога, со една, па и со две патерици стегнати под мишки, потпрени еден врз друг, со преврски на главите, на рамената, со празни пачовици и ракави... Се наполни џадето. Одеа од камион до камион, викаа плачеа. Плачевме и ние... Знаете...

- Да, Кире, - рече Нумо. Тоа беа нашите ранети партизани во болницата...

- А од горе дојде еден куц и со викотници и пцости почна да ги растерува од џадето. А тие, кривејќи, влечејќи се и плачеиќи се собира крај џадето и оградата и, бришејќи си ги солзите, викаа:

- Добар пат!

- Сто кало! (добар пат!)

Камионите тргнаа. На свијоците ќи броевме. Дваесет и пет. И додека си ги бришевме солзите и престанавме да липаме, штом го поминавме тунелот, слушнаме пробивен и писклив женски глас:

-Доаѓаат!!!

И црневица се растури накај џадето, Турмата како диво надојдена река, црна, огромна, разофкана и развикана, расплакана и разлелекана - надоаѓа, надоаѓа, се згустува; истечува од горе и дотечува, бучи, завива, вие, тупа, дига облак прав, го наполнува просторот, се влева во ендеците, се втиснува и се растура меѓу камионите, ги опкружува, се збива, се рои, во бранови се фрла, трча, клокоти, врие и вика гласно, болно, продорно, пронижувачки, жаловито, галежливо, тажовито, испрекинато, молбено и шепотливо:

- Е-е-е-е-е!!!...

Имиња, имиња, имиња. Извикувани со плач, со љубов, со надеж, со болка, со топлина и со солзи во очите. И во ниеден глас нема радост.

- Е-е-е!!! - се разлеваше, а мене во ушите ми одзвонуваше:

Кире-е-е!!!

И од камионите пискливо, растреперено, плачливо:

- О-о-о-!!!

- Мамооо!!!! – викна момче од камионот што возеше пред нас.

- Митре! - молскавично се пресече глас.

- Мамооо!!! - Мамооо!! - се развикавме.

Стоевме на нозе и викавме, викавме, мавтавме со раце, викавме до зарипнување: Мамооо!!! Мамоо!!...

Пред моите очи сал непознати лица. Сестра ми ме повлече за полата и низ плач ме праша:

- Бате, Кире, ја гледаш ли мама? Ја гледаш? Викни ја, Кире, викни ја...

Со шепите направив инка, собрав воздух и викнав:

- Мамооо!!! - повторував и гледав како трчаа жените, како се туркаа и викаа, ама во таа викотница, во таа бура име не се слушаше.

Сестричката пак ме повлече за полата и рече:

- Ја нема ли мама, бате Кире?

Се качив на покривот на кабината, пак ги составив дланките во инка и на сет глас извикав:

- Ма-мо-о-о-о!! Ма-мо-ооо!! Ма-мо-о-о!

Гледав во црневицата, во толпата, во шумата црна и чемерна и никаде не можев да ја видам мама...

Се скрши гласот на Кире. Замавна со раката пред очи, чиниш со тоа движење растера сениште. Наведна глава и шмркна. Пандо слушна како голтежот му забулготе во грлото. Го фати за брада и, откако му се загледа в очи, му рече:

- Горе главата, војнику...

Кире, со клечка долго чепка и рие во земјата.Инаетливо ги расфрлува грутките, удира по нив, ги дроби, ги растура. Воздивнува. Шмркнува. Одеднаш подигна глава, сврте опуљ кон горната страна на Прењес и низ липот прошепоти:

- Свијокот, онаму горе, - покажува со рака - го гледате?

- Аха! - потврди Пандо.

- Е, таму ги одделија луѓето од камионите и... нас од луѓето... Ние, нагоре, а жените и старците стоеја на џадето... Улуглави, едни мавтаа со црните шамии и капи, други си ги бришеа солзите и си ги криеја лицата со црнината што ја држеа в раце. Камионите набираа брзина, кркореа на кривините, а ние, стоејќи, викавме и плачевме. Од долу не се слушаше ништо, зашто нашето викање и плачење ја заглушваше и бучавата на камионите... И кога стигнавме горе, забележав дека сите околни планини и ридишта лежат под снег. И на патот имаше снег. И на полјанката каде што застанаа камионите. Ни рекоа да не зборуваме. Замолкнавме. Војници, тукуречи во слични униформи шетаа по партините. Некој рече дека тука е границата. Се подигнав. Војниците имаа обесено на врат руски и германски автомати. Натаму, во шумата, се гледаа свежо ископани ровови. Одеднаш на полјанката надојдоа многу камиони. Двајца офицери нешто зборуваа и покажуваа со раце. Потоа слушнав на Македонски:

- Свртувајте назадечки и преземете ги децата!

Камионите се растресоа, лево-десно, па напред и назад и застанаа назадечки. Откај ридот дувна ветар и почна да паѓа снег. Ветрот ни го фрлаше в очи, во ракавите. ни го пикаше зад јаките.

- Едно, две, три... - и кога изброи до дваесет, офицерот викна: - Тргнувај!

Последно дете што прескокна во југословенскиот камион беше моето братче, Коста. Тој викна, се расплака, подаде раце кон мене,

ама двајца војници ја подигнаа задната штица и, уште недобро затворена, камионот тргна.

- Чекајте, чекајте! - викав. Никој не ме слушна. Лапавицата ми го зграпчи гласот и кој знае каде го однесе. И така - не префрлија од албанските во југословенските камиони кои веднаш ги снемуваше. Лапавицата се згусти и ветрот со брзината на возењето се зголеми и беше многу студен. Ленка, сестра ми, ја држев во мојот скут, со половината на блузата ја имав покриено. Таа, целата вгушната во мене, со главчето под мојата брада, трепереше, се тресеше од студ и шепотеше:

- Кире, зошто ја немаше мама со другите мајки? Кире, зошто ни го зедоа Коста? Ако ја видиме мама, што ќе и кажеме за Коста, а?

Си зборуваше Ленка така се додека не заспа.

Камионите јуреа по удолнината. Снегот паѓаше се поретко и се подиво виеше ветерот. Се прибравме еден до друг, во едно купче до кабината. Дуваме во прстите, си ги триеме рацете, се топлиме со воздишките. Фативме рамнина. Поминавме низ еден град и веднаш патот се влечеше покрај езеро. Пак низ град. Камионот нагло сврте, излезе на прав пат и кратко потоа ја фати угорнината и одново снег. Шумата бела. На врв рид два камиона стоеја скраја од патот. Шоферите се вртеа околу нив. Ние полека поминавме и одеднаш во купчето деца што седеа вкочанети во едниот од расипаните камиони, го видов Коста. Викнав. Ништо. Глас не му слушнав. Кривини, а снегот врз нас порасна цела педа. Не го тресевме. Така некако ни беше потопло. Пак град. Не застанавме никаде. Пак угорнина над која ниско висат облаци со боја на олово. По кривини слегувавме надолу и одеднаш камионот застана. Го отфрлив снегот, подигнав глава и погледнав. Двајца мажи во црни униформи и со автомати на рамо и со пиштоли на појас нешто зборуваа со шоферот. Едниот од нив погледна во камионот. Брзо го повика другиот. И тој погледна. Слушнав:

- Излези!

Шоферот излезе. Момчето што беше до мене подигна глава и веднаш прошепоти:

- Кире! Хорофилаци!(множина од грчкиот-хорофилакас- жандари) И зборуваат македонски...

- Деца, - викна едниот - ви студи?

- Аха - изустија неколку замрзнати усти.

- А зошто, бре, неранимајко, - трас - се слушна шлаканица и пцост - те прашувам тебе, никаквецу, си ги замрзнал децава, а? Зар не можеше да ги покриеш со церадата? Марш, говедо едно, да ги покриеш и брзо вози за Битола, право на железнизничката станица!...

Шоферот на две на три ја префрли церадата врз нас. Пред да ми ја покрие главата, успеав на таблата што стоеше крај патот да прочитам: “Кажани”. Камионот тргна и јуреше потскокнувајќи по калдрмата. Момчето што седеше покрај мене се поднамести и, шепотејќи, пак рече:

- И и и, мајќата! Хорофилаците, ги слушна ли? Македонски зборуваа...

Ветрот сега не не јадеше, ама не дојадуваше студенилото. Снегот што беше врз нас почна да замрзнува... Во мракот влеговме во град и низ тесни улици камионот излезе на рамнината над која високо се дигаше чад. Сврте. Шоферот ја спушти задната штица од камионот и викна:

- Деца! Ајде, мили, слегувајте и право во вагонот!

Одвај станав. Нозете ми беа вкочанети. Дојдоа некои жени и мажи и не пренесоа во вагонот. Топло. Седнав до прозорецот, до мене Ленка. Две девојки, облечени во бело, влегоа во купето. Од голем ѓум тураа млеко во лончиња и ни ги пикаа под нос.

- Млеко, момче, млеко. Топло е. Земи... – ми рече едната. Море, какво млеко, си реков. Не бев ни жеден, ни гладен. Ми се спиеше, многу ми се спиеше. Погледнав кон другите деца. Спиеја. Девојките во бело излегоа. Слушнав гласови:

- Ги нахранивте?

- Не сакаат, Спијат...

- Спијат. - слушнав глас и се разбудив: Веќе беше ден и сонцето светеше високо. Станав и сакав да го отворам прозорецот. Не попушта. Се обидов со вратата. И таа заклучена. Погледнав на другата страна. Горе натпис “СКОПЈЕ – SKOPJE”.

Не префрлија на друг колосек и, откако ни изнапумпаа ДДТ во градите, плеќите, панталоните и каде ли уште не, возот тргна. Каде? Никој не кажуваше. Најчесто долго стоебме на станици. Пред зајдисонце возот застана. Ни рекоа да слеземе и да преминеме од другата страна на шините. Пред нас долг воз. На ниската бела зграда над вратата пишуваше “Врање”. Ги памтам имињата на сите станици по кои поминавме. Влеговме во возот на чии вагони беше нацртан голем црвен крст. Секој си доби креветче и така цели денови и ноќи патувавме, а најмногу стоевме, чекавме и гледавме како поминуваат други возови...

- А братчето Коста? – праша Нумо.

- Не знам што стана со него... А ние долго патувавме. Една ноќ, по долго стоење на некоја станица, името не и го знам зашто не го видов, не префрлија во воз со дрвени седишта. Мажите и жените што не пречекаа и не сместија во вагоните, откако тргна возот не прашуваа:

- Шти романешти? Кунте кјама? (Разбираш романски? Како се викаш?)

- Значи, ве однесоа во Романија? - праша Пандо.

- Да, во Орадеа. Два месеца останавме во хотел. На еден кревет спиевме по четири и по шест деца. Надвор не излегувавме. "Мајките", се разбира, беа со нас. Само една ги напушти своите деца и слезе во Скопје, каде што остана кај некои свои роднини. Другите "мајки" велеа за неа:

- Ами како ќе им погледне еден ден в очи на мајките и на татковците? Па тие и ги дадоа децата да им ги чува и заради тоа не отиде на фронтот, а таа ги напушти... - така велеа. А нејзините деца ги прибра мајка Евгенија. И немаше ден мајка Евгенија да не не собере. Најчесто тоа го правеше по вечерата. Се собиравме некаде во ходникот на хотелот, подалеку од џагорот. Таа сакаше да знае како учиме, кој што направил, дали сме здрави, ни ги прегледуваше главите... А потоа, велеше:

- Коле, кои луѓе од нашето село живеат во долното мало?

А Коле како пушка:

Нановци, Дамовци, Ристовци, Шишковци...

- Ристе, - велеше мајка Евгенија - во горното мало?

- Пандовци, Петревци, Наковци...

- Како се викаат чешмите во нашето село, да каже Маре.

- Нова чешма, Лаброва чешма... Изворчето, Кочанка, Под липките.

Доста, Маре. Кире да каже... - и така кажувавме како се викаат местата каде се наоѓаа нивите, лозјата, кои од нашето село се во ДАГ, како се викаат старите луѓе, какви дрвја и цвеќиња растат во нашето место... А потоа почнуваше да ни раскажува за старите времиња поминати во нашето село и во Костурско. Тоа што сама го знаеше и што и имале раскажано други, постари од неа. Тешко се разделувавме од неа. Потоа долго во ноќите, гледајќи во мракот, ги гледавме лицата на нашите најблиски, ги гледавме нашите ливади, кориите, ридиштата и планините, чешмите, лозјата, реката и сонувавме, сонувавме и плачевме во сонот... Во јануари не пренесоа во еден голем манастир. Надвор од градот. Изгледа оттаму ги протерале калуѓерите или калуѓерките и не сместија во големи одаи со кревети на кат, по дваесет и повеќе деца. Тука продолживме да учиме само македонски. Учителот, висок, со очила, Коста го викаа, на стара машина за пишување по цели ноќи препишуваше од една стара книга македонски народни песни и на четири деца ни даваше по едно ливче. Од тоа ливче учевме да читаме. А во меѓувреме, ја расипаа црквата што се наоѓаше во манастирот и од неа направија клуб. На местото каде што се наоѓаше олтарот поставија голема сцена со црвени завеси. Почнаа прво грчките деца да поставуваат скечови, а потоа и ние. И додека тие таму, на сцената, се будалеа, јас гледав во таванот. А таму, високо, цел свет - животни што првпат ги гледав. Учителот им кажа дека тоа биле лавови, слонови, тигрови, камили. Се беше

многу убаво нацртано во бои. И небото, и облаците, и пустињето, и витезите, човекот што го носеше крстот на грб, и шумите, и карпите, и разни дрвја и цвеќиња. Убаво, многу убаво изгледаа, особено кога зајдуваше сонцето. Зраците ја осветлуваа големата просторија и таванот добиваше некакви чудни бои. А сликите тоа беше вистинско чудо. Изгледа поради тоа што беше висок таванот не успеале да ги избришат како што ги имаа избришано оние по ѕидовите.

Кога малку се потстопли, почнавме да излегуваме во големиот манастирски двор и да шетаме по паркот, па одевме дури до долу, до манастирските гробишта. Уште првиот ден го слушнав писокот на локомотивата. И така еден ден, додека другите играа топка, јас се искрадов низ оградата и по писокот ја најдов железничката станица. Си реков: ете оттаму дојдовме. Па ако тргнам по шините, тогаш ќе стигнам до Битола. Па нели од Битола до Орадеа дојдовме по шини? Па штом одам обратно по шините, ќе стигнам до Битола, а таму ке се распрашам како да стигнам дома. И тргнав...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 19

- ПАК ЛИ ТИ лигавко! - му подвикна Нумо на Кузе кога забележа како им се доближува со чекор на загар.

- Де, де, човеку. Ти веднаш да навредиш... А јас дојдов да ти кажам дека некој те бара. Вели: да не познавате некој со една нога, Нумо Дамовски, вели, се вика. А јас си мислам со мојот ум и си велам: сигурно е тој што ми окара мајка и ме нарече ебиветерко кога му реков да не го расипува детето давајќи му ситно дробено тутунче... Така си реков и веднаш поитав де ваму де таму де те побарам за да му помогнам на човекот...

- На кој човек, бре? - посмирено праша Нумо.

Кузе се сврте и откако се загледа во горниот дел на Прењес, рече:

- Тој е шофер на другарите...

- Марш, серко! - му подвикна Нумо и ја подигна патерицата.

- Немој ти мене да ме викаш серко и пониско патерицата. Море, да не е шофер на другарите, на што ќе те барав, - рече налутено и со дланката се удри по внатрешниот дел на лактот така што раката одеднаш му се подигна и кога се најде до носот, Кузе ги стегна прстите во тупаница.

- Ме бара, велиш, шоферот на другарите? А зошто? Не знаеш?

- Не ми кажа. Убаво ме замоли другарот шофер: Најди ми го Нумо Дамовски вели и доведи ми го жив или мртов, вели. И ете, јас, како што гледаш, со добро ти велам дека те бара, а зошто, изгледа само тој знае.

Нумо се подигна, ја стегна патерицата под мишка, си ги истресе тревите од панталоните, а потоа рече:

- Ајде, води ме кај тој другар шофер на другарите...

Тргнаа. Кузе напред, по него Нумо. Удира патерицата по калдрмата. Тропа едностојно и поткованата цокула. Од спротивната страна се појави Коста. Носи преграб ролни од хартија. Тропаат поткованите цокули на Коста, шушкаат скинатите опинци на Кузе. Уште неколку чекори и застанаа еден спроти друг. Се гледаат и молчат. Коста ги фрли ролните под нозете на Кузе, велејќи му:

- Земи ги овие и брзо залепи ги, ковај ги, беси ги по ѕидовите. Викни и други. Тргнувај!

- Коста, - тивко рече Нумо откако се оддалечи Кузе.

- Нумо - тивко изусти Коста и си го стави прстот на усните. - Прави се дека не ме познаваш. Жив си, жив си, Нумо! Јован ми кажа дека си тука. Тој е во болница. Го памтиш ли Јован?

Нумо климна со глава. Пред неговите очи почнаа да се појавуваат лицата на момците со кои ги помина годините со пушка и во униформа. Го памтеше Јован, како не го памтеше. Другари од детството...

- Коста, - повтори тивко Нумо - и ти си жив. А што е со Јован, каде е тој?

- Во Елбасан, в болница... Не возбудувај се, смири се, Нумо, мораш да се смириш и не подавај ми рака. Слушај и прави како што ќе ти речам. Високиот се сомнева дека си му го украл пиштолот. Се договара со командантот на Прењес да те претресат. Ако го имаш пиштолот, те молам, кога ќе стигнеме до грмушкана, фрли го во неа. Тие сега не гледаат од прозорецот. Грмушкана ќе не скрие. Фрли го таму, а јас ќе го земам. Високиот се фали дека, ако најде пиштол кај тебе, ќе те прати пред воен суд или во лудница. Прави како што ти велам и оди пред мене...

Нумо послушно тргна. Праша:

- А како се момците од нашата чета?

- Малкумина останаа. Кој загина, кој сакат седи во Сук... И командантот, фалбаџијата, загина. Го распарчи граната. Ех, колку момчиња и девојки изгинаа, Нумо... Фрли го сега пиштолот...

Нумо подзастана, полека сврте глава и рече:

- Не мисли дека јас му се плашам на Високиот или треперам од страв да не одам пред воен суд или во лудница. Не, не се плашам од тоа. Во сламата во коњушницата имам друг пиштол. Туку, кажи ми, те молам, дали е вистина дека формираат позициони баталјони и дека примаат вакви како мене?

- Оди полека, Нумо... Вистина е... Примаат едноноги и еднооки, се само да можеш да пукаш... Што, да не сакаш и ти?

- Затоа те прашувам. А како се стигнува таму, на зборното место? Кому да се јавам?

-Високиот е за таа работа...

- Аха, - прошепоти Нумо. - Тој е, а? Тогаш нема да го фрлам пиштолот...

- Застани, застани, Нумо, - брзо прозборе Коста и го фати за рака. – Застани и послушај... Зар навистина сакаш да одиш на линијата?...

Нумо го забави чекорот, сврте глава и глуво праша:

- А што друго би очекувал ти од мене? Да се уништувам тука, во овие коњски бараки? Да битисувам како сиве овие што битисуваат катаден на овој припек, под овој црвеникав прав? Што мислиш ти, каде треба да сум јас? Можеби и ти мислиш дека најмногу ми прилега да скитам по Прењес, по оваа калдрма, или лудница? Или да и се покорам на судбината и да си останам да клинкам вака, со една нога? Па нели ми рече дека примаат и едноноги? Зар мислиш дека јас заборавив како се држи митралезот? И ќе ги кажам, Коста. Цел ден ја газам оваа калдрма и ноќе излегувам дури горе, на раздрумот, со надеж дека некој од шоферите ќе ме земе. Ти, изгледа, добро се чувствуваш во џипот. Не те врне, не те кисне, не те мрзне, порцијата секогаш ти е полна... Ми прилегаш на куче, Коста...

- Доста! - викна Коста. - Секој на свој начин се бори...

- И твојот Висок, а? Сигурно, мора некој и таа работа да ја врши... туку како? Те знаев сосем друг. Те знаев оној Коста што никогаш не се плашеше китката гранати да ја спушти во бункерот преку пушкарницата и кој прв стигнуваше до непријателските жици... А сега го гледам Коста како му служи...

- Јас не му служам на Високиот, како што мислиш ти. Ми наредија и готово...

- Готово, Коста не значи крај, - просаска Нумо и со тежок разлулан, но сигурен и достоен чекор продолжи пред себе.

- Зошто ми се лутиш и зошто ме обвинуваш? - му се оџвари Коста в очи.

- Прости ми Коста. Лутината ме спобудале. Си имам некои несредени сметки со Високиот. И ме убива сево ова што го гледам тука. Зар ова треба да биде плодот на нашите мечтаења, на нашите желби и убедувања? Каква слобода им донесовме на овие луѓе? Каква слобода имаат тие тука, протерани од своите огништа? И кој е тој што може да ме убеди дека утре ќе се вратат и со радост ќе ги пречекорат местата каде што беа праговите од нивните домови? Зошто дојде до ова? Не, не чекам одговор од тебе, а и од оние што седат високо. Во овие времиња и тој што прашува, и тој што бара одговори, и тој што ги дава можат еднакво да одговораат за предавство. Така е полесно да се одговори на немоќта и, кој знае, можеби и на неуспехот. Ете, гледај, - Нумо покажа со патерицата настрана. - Гледаш? Кузе ги кова хартиите. Ајде да видиме што е тоа.

- Ти оди и види, - рече Коста. - Јас сум се нагледал. Ги има изналепени и заковани во Корештата, во Преспа, на ѕидовите по болниците, на стеблата од буките, дабовите и боровите на Вичо. Сум се изнагледал и на тие...

- На кои? - се сврте Нумо.

- ... на тие што копаат, носат камења, трупци, градат бункери за да...

- Чекај, - шепна Нумо. Двајцата застанаа пред големиот црвен плакат. Момче и девојка во униформа на борци на ДАГ, со автомати в раце, зад нив планини, бункери, експлозии, а под нив и над нив со големи букви: “Непријателот на Вичо нема да помине!” и “О оехтро сто Вици ден та пераси!” (Непријателот на Вичо нема да помине!)

Кузе застана отстрана и, небаре восхитувајќи се не толку на она што се гледаше на плакатот, ами на тоа како беше закован на ѕидот од бараката, одолговлечено викна:

- Их! Јунаци! Види ги, мајката!

- Само тебе што те нема меѓу нив, Кузе, - му рече Нумо.

- Е бре, Нумо, ти во устата немаш човечки јазик, туку змија! Пфу! Зар не гледаш дека правам што можам? Погледни, - Кузе ги подаде

прстите - си ги исчукав со чеканот. Мајката, будали оние од управата, бре. Зар со вакво чеканиште коваат вакви шајчиња? Разбирам да е шајка, ја гледаш и знаеш на што удираш... Убави цртежи. Ама пред малку, кога еден старец ме праша што е тоа откако му објаснив, ми рече: "Во мое време, во Илинденцкото немавме такви работи. Да не им е ова некое знаме, а? "Их, мајката, и старецот во оваа црвена хартија гледа знаме. Види го ти него, слепецот...

- Ајде, Кузе, ковај, - му рече Нумо. - Овие повикуваат за бој. И ти, Кузе, со ова повикуваш за бој, разбра?

Кузе се доближи до наредната барака и почна да ја кова плакатата. Покрај него застана старец и праша:

- Што е ова?

- Повикало, - одговори Кузе држејќи неколку шајчиња со забите - Повикало. И јас повикувам на бој. Разбра сега?

Нумо и Коста свртија и се упатија накај управата. Кога влегоа внатре, од канцеларијата на командантот допираше гласот на Високиот:

- Штета. Голема штета. Не ни текна порано. Јас лично би се заложил кај албанските другари. Тие сигурно би ни обезбедиле комплет инструменти. Каква штета... Замислете: дувачки оркестар во марш свири маршови тука, во Прењес... И не само во Прењес. Јас би го одвел и во болниците, и во Сук... и секаде каде што имаме логори со бегалци.

Коста чукна на вратата и, без да чека одговор, ја отвори и влезе. Зед него Нумо.

- О, - се подмрдна Високиот. - Какво изненадување. Место ние да те бараме, ти дојде сам. Сам или ти го доведе, Коста?

Нумо удри со патерицата по подот, застана во став мирно, се исправи, подигна глава и, гледајќи некаде пред себе, војнички рапортира:

- Пушкомитралезецот Нумо Дамовски се јавува доброволно за првата линија... - прекина, тешко си ја голтна плунката што му застана во грлото. Сите станаа. Нумо ја стегна патерицата, поцврсто се навали на неа и рече: - Во позиционите баталјони... Кога да се јавам на зборното место?

Тишината ја нарушуваат мувите што удираат по прозорското стакло, се одбиваат, прават кругови по просторијата и одново атакуваат на прозорецот. Високиот направи чекор напред и рече:

- Пушкомитралезецу, оди во својата барака и чекај повик. Браво, паликари! Левенди! Ќе те пратиме со првата група. А ти, Коста, што направи? Го поправи џипот?

- Пред еден час. Ако сте готови, можеме да тргнеме.

Нумо излезе. Во неговиот чекор нема разлуланост што е толку својствена на луѓето со една нога. Чекори сигурно. Само дрвената

нога некако посилно му удира на калдрмата. Кога се најде меѓу бараките, се загледа наоколу. Сите ѕидови беа покриени со црвените плакати. Повикуваа на бој. А долу, кај фурните и на полјанката, се постројуваа две чети. Со строев чекор тргнаа накај џадето и, кога загазија по калдрмата, се слушна громко и младешко:

Во борба, во борба, во борба,
Македонски народе!...

И плакатите и момчињата, облечени во стари излитени, искинати, долги и широки чешки предвоени униформи, повикуваа на БОЈ!

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 20

НУМО И ПАНДО се сретнаа дури по зајдисонце. Седнаа под стреата на коњушницата и гледаат горе, во голиот и карпест рид. До нив не допираат извиците на луѓето што трчаат зад камионите. Ова е првпат тие да не се најдат на џадето.

- Рече дека одиш? - се одгласи Пандо.

- Не велев напразно. Ќе одам... Каков друг избор ми останува? Таму барем се знае: борба. Цело попладне го поминав со Коста. Многу работи ми раскажа, многу. Што знаеме ние тука? Ништо, Пандо. Вели, по офанзивата на Грамос, иако не не уништија, не чека нова. На Вичо. Фронт, вели, решиле тие горе да отворат. И затоа ги изналепија црвените плакати. “На Вичо непријателот нема да помине”, - викаат тие. А ако помине, Пандо, за нас тогаш е крајот...

Пандо молчи, влече од цигарата, погледнува високо во небото, свртува глава кон планината, над која бледо свети кривиот рог на месечината. Горе, на свијокот: се проби во шумата сноп светлина од фарот на камионот предводник на колоната. По долгиот блескот ги бројат камионите.

- Кој ли е овој по ред? - одвај чујно праша Пандо.

- Што рече? - му се обрати Нумо.

- Гледај горе, на свијокот... Кој пат ли по светлината ги броиме камионите? И секогаш на иста кривина... И, ете, јас сега си мислам, на каква ли кривина сме сега, на каква ли кривина се најдовме? И, како што велиш, ако поминат таму, на Вичо, тогаш на каква кривина ќе се најдеме? По какви ли кривини ќе не води патот? Можеби и патиштата? - Пандо ја изгаси цигарата од каменот и праша: - А зар не е време да се подготвиш за пат?

- Што има да се подготвувам? Само ременот да си го стегнам, патерицата под мишка и ајде. Ни шинел, ни капа, ни ќебе...

- Имам два шинела и нешто од долна облека, па земи нешто, - понуди Пандо.

- А од каде ги имаш?

- Ги оставиле оние што лежат горе. Пред да ги приграбат други, јас ги прибрав. Ајде, да одам да ги донесам. Ти чекај тука.

Пандо се врати со вреќа в раце. Ја стави на земја и, откако седна, рече:

- Тука имам два шинела и нешто од долна облека.Имам и нешто од облеката на син ми што умре во болницата во Елбасан. Земи ја, Нумо, ќе ти притреба.

- Сполај ти, Пандо, ама ништо нема да носам со мене. Па нели ти велев дека мене не ми треба ништо, освен бункер, митралез, два-три сандака муниција, троа леб и едно стомне вода? А сега ти - на ти облека. Зошто?...

- Земи ја барем фанелата. Волнена е, од син ми. Земи ја, - Пандо ја извади од вреќата и, држејќи ја во растреперената рака, замоли, - Земи ја... Како на син ти ја давам... Тебе ќе те топли, а мене ќе ми олесни, можеби. Кога ја гледам, секогаш ми се чини дека ќе ми се врати синот... а знам дека нема да се врати. Земи ја... Ако не ти треба тебе, ќе му ја дадеш на некој друг. Ги гледав во болницата во Елбасан голи и боси. А и момчињата, падавичарите, де, велеа дека дури и зиме во бој оделе боси... Земи ја.

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 21

ПРЕД ЗОРИ Нумо влезе во бараката каде што спиеше Пандо. Полека помина меѓу заспаните луѓе. Со патерицата го допре по плеќи, велејќи:

- Пандо, ej Пандо... Ќе станеш?

Пандо си ја отскри главата. Во сивиот мрак одвај го препозна Нумо. Го отфрли покривачот и стана. Излегоа.

- Значи... - рече Пандо.

- Да. Време е. Пред половина час ме разбудија. Зборното место, рекоа, е кај првиот свијок. Таму, рекоа, чека камион.

Во очите на Пандо - страдање, измачување. Во погледот - горчина, немоќ, болка, немир и над нив танка мрежичка од надојдена солза.

- Значи, одиш... - тивко изусти Пандо. – Што и да ти речам, - се одгласи по подолго, молчење - ништо нема да вреди. Товарот со кој си се нагрбил сам мораш да си го носиш. И навредите, Нумо. Тие се впиле како лишај во сите нас... Имавме и имаме толку збогувања, што зборовите ни се излитија во устата. Само се збогуваме, само испраќаме... Па, со здравје Нумо... Добар пат и чувај се.

- Остани со здравје и сполај ти.

Се прегрнаа. Треперат плеќите на Пандо. Некој помина покрај нив и рече шепотејќи:

- Ајде, да не не чекаат. Побрзо, додека не се разбудиле луѓето.

Малку подгрбавен, потпрен на патерицата и тешко накривувајќи, тргна Нумо пред себе. А на Пандо во тој миг му се стори дека почна да се расплетува и расткајува заедно плетената и ткаена горчлива и чемерна судбина, сега небаре потсечена со срп. Уште неколку чекори и Нумо застана. Се сврте. И за првпат откако е дојден во Прењес на неговото лице само за миг се појави насмевка; му ги разбразди брчките, му ги издолжи усните и врз челото и образите му фрли малку ведрина и згасна како блескотот на светулката што одеднаш се губи во крајпатните грмушки. И пак нешто го стегна во градите, нешто тврдо и студено, стопоти, го жегна како бодеж. Се навали на патерицата и, одвај видливо дигајќи ја левата рака, замавна. За збогум. Пандо одврати со лесно климање на главата и остана крај патот да гледа се додека двата камиона не исчезнаа зад вториот свијок. Ја снема бучавата: правот полека легнува врз шумата и калдрмата. Над ридот, зад кој ги снема камионите, сивата боја на небото премина во белузлава и полека почна да се заруменува и, само миг потоа, Прењес го облеа црвенило. Крај Пандо нешто блесна. Погледна. Меѓу два страка висока и исушена трева - пајажина. Врз танките сребрени конци блескаат бисери роса. Во нив, во свежата зора се мени првичниот зрак на сонцето.

Од бараките осамено и молчешкум излегуваат луѓето. На полјанката, до фурните, се постројуваат ешалони облечени во стари и излитени чешки униформи... Над Прењес почнува делникот обременет со чемерот на испадените, раскуќените, раздојдените, разнебитените и размеѓените...

Пандо стои скраја од џадето. Во грлото небаре има грутка. Од пазуварката го извади ќесето, свитка цигара од тутунот измешан со тревки и коренчиња. Запали. Повлече. Со бавен чекор се тргна нагоре. Под карпата, до гробиштата, седна, се навали и заплака...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 22

УТРЕДЕНТА Пандо се сретна со Кире.

- Јас и вчера те барав, дедо, ама никако да те најдам. Каде си бил?

- Го испратив Нумо и така некако осамен седев, - рече Пандо.

Кире не праша каде отиде Нумо... Неколку од момчињата кои во текот на ноќта ги будеа доброволците го видоа Нумо кога стигна до камионот. Му кажаа на Кире дека и неговиот едноног пријател замина.

- А ти, Кире, не ми докаже до каде дооди по шините? Стигна ли во Битола?

- Во Битола стигнав... и малку понатаму, туку пред тоа ме фатија и ме вратија во големиот манастир. Не, не ме казнија. Учителот Коста ме повика, во својата соба и ми рече дека сме многу далеку од дома и да не правам такви глупости другпат. И ми рече уште дека еден ден сигурно ќе се вратиме, ама не така како што си посакав јас. По една недела, дедо Пандо, вечерта не собра нас, поголемите, во салата што порано беше црква. На сцената, високо, со големи букви пишуваше: "Оли ста армата, ола ја ти ники!" (Сите на оружје, се за победата!), а подолу: "Сите на оружје се за победата". На грчки и македонски. Низ големата врата влегоа двајца мажи, а зад нив, кривејќи сдеше млада жена со нагрдено лице. Тие се упатија кон бината на сцената, а таа се пикна во вториот ред. Непознат маж, откако се качи на бината, рече:

- Драги младинци и младинки. Денес меѓу нас се наоѓаат претставници на Главниот штаб на ДАГ... - така некако. Не паметам точно. Жената со нагрденото лице скокна од местото, се качи на столот и почна да извикува пароли во чест на ДАГ и на борците, а потоа почна да вика:

- "Ние сме готови! Ние сме готови! Ние сме готови!"

Салата прифати. Сите ние станавме и како маѓепсани викавме на сет глас дека сме готови. Повисокиот од тројцата ги подигна рацете и, мавтајќи, одвај не смири. Рече:

- Драти деца на херојските татковци и мајки, борците за слободата и напредокот... - така некако зборуваше долго и прекинуван од нашето урнебесно викање дека сме готови. А жената со огрденото лице шеташе меѓу редовите и, кога паѓаа зборови за борбата, за водачот, таа извикуваше соодветна парола и се дереше со пискливиот глас дека сме готови. "Молк!" се слушна глас зад мене. Се свртев. Една од мајките, беше облечена во црно, ја фати за рамената и, откако ја седна и се вдаде в лице: "Молк, скитничке! Седи тука и да не станиш, колеро една!" Жената и се откина од рацете и, кривејќи, излезе од редовите, застана пред сцената и викна:

- Синдрофе! Его име проти! Грапце ме, синдрофе! Его име проти! (Другар! Јас сум прва, Запиши ме, другар, јас сум прва!)

Високиот извади од чантата тефтер, го лизна моливот и, откако ја залиша, исправи глава. А таа, куцата, викна и подигна раце:

- Педја! Ти применете? Имасте етими! (Деца! Што чекате? Ние сме готови!)

Еден по еден, стоејќи во редица, се запишувавме доброволно. Пред нас стоеше сликата на Грамос и на Вичо што красноречиво ја опиша Високиот, слика многу поголема отколку што беа нашите мечти, а во ушите имавме одзвук на бомби, митралески и автоматски рафали. Се запишувавме, викајќи пароли, а најмногу дека ете, сега, веднаш, сме готови да одиме да се бориме. Ноќта ни остана непреспиена. Не прекинаа разговорите, не стивнаа гласните мечтаења, не секнаа борбените песни. Следниот ден другите деца, малите, оние од две до тринаесет години, ја дознаа големата вест – големите одат на фронт!

Ленка, мојата сестричка, притрча до мене, и плачејќи, ми рече:

- Бате Кире, и ти ли ќе, одиш?

-И јас, -реков.

- Ами јас како ќе останам сама?

- Нема да си сама. Види колку девојчиња има...

- Бате Кире, не оди. Јас не сакам тука да останам без тебе...

Не знаев како да ја смирам, како да ја тешам. Го извадив шамичето и долго и ги бришев солзите, ја галев по глава, два - три пати и ги расплетов плетенките и пак и ги сплетов. Потоа се гушнавме и плачевме се додека не се слушна од звучниците:

- Внимание! Внимание! Доброволците да се соберат во мензата! Доброволците да се соберат во мензата! - повторуваа кутиите.

Ленка ми се обеси на вратов и не со глас, ами со липање молеше:

- Не, не, бате Кире! Не. Не оди, не оди, не оди...

Тргнав... И ноќе, без да не видат помалите, ние доброволците, построени по четворица, облечени во топли војнички униформи, со ранци на рамената, затропавме по асфалтот. Се момчиња од Костурско, од Леринско, од Воденско и понекое од Епир и Тесалија. Цврсто удиравме на асфалтот со новите војнички цокули. Шинелот ми беше малку долг, ми се плеткаа полите меѓу нозете, ама го држев чекорот. Така, трап-трап-трап низ градот. Свртевме и, пред да излеземе на право, го загубив чекорот. Го акнав по глуждот оној што одеше пред мене, а тој ми се сврте и, држејќи се за удреното место, плачливо праша:

- Копиле, зар не знаеш да маршираш, а?

- А ти, што не држиш лева, бре? - му се оџварив.

Стигнавме пред станицата. Удиравме “наместо марш” околу три минути. Падна команда “стој”, а потоа ни наредија по водови да се качуваме во возот. Локомотивата, загреана, офкаше мачно. Во

другите вагони се слушаше песна. Од сите романски градови каде што имаше наши деца се собравме во Орадеа. И тргна возот.

- Илјада и двесте доброволци - го слушнав гласот на Високиот - по два дена ќе имаме во Берковица (гратче во Бугарија, западно од Софија). Таму ќе стигнат и оние од Унгарија и Чехословачка. Само Полјаците, реакционери, не дадоа да собереме доброволци. Еден висок, та ќелав, мавтајќи ми пред очи со големото рачиште ми рече дека...

Не слушнав што му рекол ќелавиот Пољак на Високиот. А кривата девојка со нагрденото лице што најмногу викаше и која најмногу беше готова да се бори повеќе никогаш не ја видов.

Ги затворија вратите од вагоните. Локомотивата свирна и тргнавме по шините по кои јас појдов пеш. Се побрзо и побрзо итавме на југ. Не чекавме многу на станиците. Другите возови не чекаат нас, не препуштаат. Стигнавме во Берковица. Два дена останавме таму. Потоа ноќе од бугарските на југословенски камиони. На границата. Читав: Крива Паланка, Куманово, Титов Велес, Прилеп и... и Битола. Пројуривме низ неа. И замисли, дедо Пандо, по еден саат возење - Кажани. Она исто Кажани што го видов лани, во ноемери. Си спомнав за шофсрот и за двајцата милиционери. Се погледнав себе си. Сега јас сум облечен во униформа. Ама не е црна. Хаки. Се искачуваме по кривините, а потоа удолу, свртуваме лево и од десната страна над планината црвено, големо сонце, а допу руменото огледало на езерото. Кога стигнавме до брегот, сонцето го снема. Со притулени светла полека се движат камионите удавени во прав. Десно езерото, лево високи, шилести врвови. Застанавме веднаш до езерото.

- Слегувај! - викна водителот, пристар човек, облечен во воена униформа, ама без чин.

Скокавме долу и веднаш мочавме на патот. Мрак. Ништо не се гледа. Водителот ја крие запалената цигара во шепата, нешто се договара со еден висок офицер.

- Строј се! - се слушна тивка команда. - Брзо!

Се построивме. Чекаме. Тишината ја прекинуваат езерските бранови. Лево, над високата планина, од зад облакот излезе месечината. Почнавме да се препознаваме во нејзината бледа светлина. Во езерото – долга светла опашка се прекршува, се свиткува. Разбранетата вода си игра со месечината.

- Мирно! - пак се слушна команда.

Изгледа водителот заборави дека стоиме мирно. Четата што стоеше пред нас тргна. И нашата зад неа. Прво одевме по калдрмисан пат, потоа излеговме на песок свртевме во една нива и фативме по нагорнинката. Кога почнавме да навлегуваме во шумата, ни рекоа да застанеме.

- Момци, тука ќе спиеме.

Беше март и ноќта беше студена и влажна. Половина ќебе послав под мене, половина над мене. Лежев на плеќи и гледав во ѕвездите што мижуркаа. Заспав со ѕвездите во очите. Во зорите не разбудија. Се собравме до црквата. Едно момче од Желево викна:

- Деца! Па ние сме во Преспа! Еј! Ние сме во Преспа! Ова место се вика Горица, планината наспроти е Врба, оваа лево е Германската планина... А селото што го гледате се вика Раби, погоре е Герман... А она спроти нас е Медово, натаму е Штрково, па Рудари, П'пли... Ние сме во Преспа. Стигнавме, деца, стигнавме!

Уште првиот ден почнаа вежбите. Оние најобичните. Не учеа да се влечеме, да скокаме, да трчаме во стрелци, да поминуваме под бодливи жици, да фрламе гранати и да маршираме. Многу, многу марширавме, ама во селата не не пуштаа да влеземе. И селаните не ги пуштаа да дојдат кај нас. Ноќите и по дожд и по ведрина ги преспивавме под голо небо или во земјанки. Често го менувавме местото. Се качувавме и горе, во Германската планина, таму логорувавме. А најчесто таму одевме кога требаше да пукаме со боева муниција. И немаше ден да не долетаат непријателските авиони. Долго кружеа над селата и над Преспанско Поле, пукаа со митралезите. Некаде околу петнаесетти април времето, затопли. Зазелени полето и шумата. Една вечер не построија. Двајца офицери на ДАГ долго одеа пред построените чети и не меркаа. Потоа не построија по висина. И рекоа:

- Од денес секој да си го запамти местото. Вака секогаш да стоите во строј...

И, дедо Пандо, почнавме да вежбаме маршување. И дење и ноќе. Само мершување и строев чекор.

Ноќта спроти дваесет и први април го запаметив денот, ни дадоа нови униформи и автомати. Изгледавме како офицери. Каква радост! Некои веќе велеа дека или во текот на ноќта или утредента ќе одиме на линијата, во борба. Таа вечер ни дадоа и добра храна и не пуштија порано да си легнеме. На полноќ аларм! Чувствувавме дека така ќе биде и никој од нас не ги собу дури ни новите цокули. Се построивме по водови и марш. Поминавме низ Штрково, потоа низ П'пли и ни рекоа да застаниме во шумата над џадето. Седнавме и чекаме, чекаме. Изгреа сонцето. Од околните села и откај Превалот надоаѓаа селани и војници на ДАГ. Сите слегуваа долу, во Оровник. Ние гледавме како се собираат во ливадата, каде што беше подигната доста голема бина. Некаде околу осум часот командантот ги викна командирите на четите и разговараше со нив. Потоа тие не собраа и ни рекоа:

- Момци! Треба да се покажеме. Денес ќе одиме на парада. Ќе маршираме пред водачот и пред народот...

Се слушнаа команди, наредби. Стоиме во строј и чекаме. И одеднаш - музика. Грмнаа трубите и тапанот!

- Ешалони, - се слушна пискливиот глас на командантот - напре-е-е-д марш!

Трите први чекори го избришаа правот од џадето. Тргнавме со слободен марш зад оркестарот. Слеговме долу. Одново постројување, проверка и команда:

- Бри-га-аа-да мирно-о-о !!!

И под звуците на оркестарот на Главниот штаб на ДАГ удиравме строев чекор. Трчаат жени во црно, мажи во години, војниците на ДАГ поздравуваат... И ете не пред свечената трибина. Команда:

- На де-е-е-сно!!!

Со стегнати автомати маршуваме како што не научија. Го бришеме правот од патот, ја газиме тревата штотуку никната и гледаме кон трибината. А таму, еден до друг, насмевнати и одушевени, ракоплескаат големците и мавтаат, мавтаат...

Промарширавме. Оркестарот се врати, се построи под трибината и засвире. Ние - слободно. Престана да свири оркестарот и се слушна говор. Многу говореа. Само пароли, дедо. Со нас се измешаа и луѓето. И кога одеднаш:

- Кире-е-е!!!

Се свртев.

- Кире, синко!

- Мамо!

Ех, дедо Пандо, дедо Пандо... Многу мајки си ги сретнаа во Оровник своите деца. Мислиш се радуваа? Колнеа, дедо Пандо, колнеа. И партија, и водач, и судбина. Со камења фрлаа по офицерите, по трибината. Пцуеја старците и колнеа. Би сакал, дедо Пандо, некогаш ова убаво да ти го раскажам. Некогаш, дедо. Сега не. Не можам сега. Зар не гледаш дека ми се крши гласот, лека ми се плаче?... И кога мајка ме праша каде се Ленка и Коста, се расплакав. Плачев гласно. Да бев, барем, само јас што плачев: Многумина плачеа. Не можам, дедо Пандо, да зборувам... Можеби другпат утре или задутре ќе ти раскажам...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 23

ЈОВАН, држејќи се за десната газина, лесно накривувајќи, шета по болничкиот коридор. Гледа низ отворените врати на собите, им намигнува на сестрите што се вртат околу ранетите.

- Еј, газло. - викна некој од ќошот. - Јован, прчу ниеден!

Јован се сврте, со намуртено чело и напрчени усни погледна онаму од кај што стигна навредата и одеднаш се разведри.

- Коста! – викна. - Што бараш ти тука?

- Да не мислиш дека дојдов на посета?

- Што ти е?

- Не гледаш? Како ти изгледам, а?

- Лицето не ти е за кадросување. Носот ти е како гнил компир, лицето како топка од крпи, а челото не ти го гледам. А дали има од тебе нешто под покривачот, не гледам.

- Има. Сестро, гуската... Има. Отскриј ме па ќе видиш. Сестро, гуската.

Јован го тргна ќебето. Градниот кош на Коста во гипс. И раменатa. Левата рака високо обесена. Од папокот надолу - угол гол.

- Има ли нешто од мене под покривачот, а? - праша Коста и, ожако се искикоте, викна: - Сестро, гуската, реков!

- Како ти се случи ова?

- Море како останав жив, прашај ме, - со навредлив глас се одгласи Коста и замоли: - Оди, жити здравје, и донеси ми ја гуската зашто ќе се измочам в кревет. Оди..

Јован се врати, а по него пристара болничарка. Таа му ја подаде гуската и налутено му рече:

- Вие, другар, само мочате, срам да ви е!

- Што? - праша Коста.

- Ајде, ајде, - со смирен глас рече Јован и и даде знак на болничарката да си оди. – Јас ќе ти помогнам. Толку те завиткале во гипс што не можеш да си го најдеш...

- За да мочам, ами камо за друго, а?

- И, - се одгаси Јован. Како се случи?

- Високиот, мајчичето негово, сакаше да стигне порано тука, во Елбасан. Вози, вели со цела брзина и немој да го жалиш џипот и бензинот. Народната власт е затоа, за да дава. Јас нагазив. И одеднаш пред мене се појави камион. На свиокот. Одеднаш нагазив на сопирачката. Видов како на мојта глава пролета Високиот. Успеав нагло да свртам и во тој миг камионот удри во џипот, ама странично. Јас останав закован за воланот...

- А што стана со Високиот? - праша Јован.

- Удри со главата на карпата, а неговиот другар падна под предното тркало на камионот.

- Тешко се повредени?

- Не. Мртви се. Веднаш ги закопаа покрај џадето. Останаа, другарите да го чуваат патот и да ги бројат камионите товарени со наши оздравеници...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ – 24

ПО ЗАМИНУВАЊЕТО на Нумо, Пандо тукуречи остана сосем сам. Најчесто излегуваше на ритчето, крај гробиштата, и оттаму ги гледаше бараките, коњушниците и луѓето што по цел ден се сноваа де ваму, де таму; долгите црни редови пред казаните. Најтешко му беше кога гледаше како толпата трчаше надолу, накај џадето. Со дланките си ги стегаше ушите за да не ги слуша лелеците и викотниците. А кога камионите ги снемуваше, тој се навалуваше на каменот и гледаше во небото. Меѓутоа, во последните денови почна да го чувствува и отсуството на Кире. Не можеше да разбере зошто момчињата ги нема сега на полјанката; не се слуша нивната борбена песна, ги нема ешалоните да маршираат. Се повеќе се убедуваше себеси, дека момчињата ги товариле во камиони и ги вратиле фронтот. И во ниеден миг не можеше да си замисли како тие, се уште деца, можат да гинат, да ги распарчуваат топовски гранати, да ги жнеат рафали. Кога мислеше на тоа, му беше страв да затвори очи зашто веднаш во мракот се појавуваа ровови, а во нив телата на момчињата...

Кире му стана близок и сега, кога не може да го види, неговата осаменост уште повеќе го мачи. Тешко се спријателуваше со луѓето, но кога врзуваше пријателство, го чуваше како што домаќинката го чува оганот во огништето да не угасне. На Нумо длабоко му го отвори своето срце и му се чинеше дека беше единствениот човек со кого можеше и имаше за што да разговора. Го засака и Кире зашто и тој знае да отвори и срце и душа и да привлече. И многупати се прашуваше дали толку многу му е наклонет затоа што како дете го носи големиот товар на возрасните или затоа што Кире уште од првиот ден, коге се запознаа го бара и го сака? И зошто во оваа огромна маса луѓе тој сега не сака да се дружи со други, кои исто така се осаменици туку, кои исто така бараат некого кому би да ги искажале своите маки и чемери. Туку Нумо во Прењес не е сам. Живее во два света. Во светот на своите најблиски со кои е неразделен. Нишката на споменот е нераскинлива и толку далеку е врзана во минатото колку што навлегува споменот во старината. Во овој свет Нумо се чуствува и весело и болно. А во светот што се вика Прењес, полека битисува. Секој ден. Секоја ноќ. Во овој свет најдобро се чувствува кога се навалува на каменот и гледа во небото и во планините. Живнува кога од распуканите планински карпи се откинуваат орлите и кружат во висок лет. Орлите ја сакаат висината, широките пространства и тишината што ја дава планината. И сета, во овие одминати години, Нумо им завидува. Го сака и Кире. Можеби затоа што веќе неколку дена го нема?

Ѕвонењето на шината за вечера, што стана толку делнично, за него е како ѕвонење на камбана што повикува на вечерна. Се подигна и слегувајќи низ благата стрмнина, виде дека полјанката, долу, кај фурните, не е празна. Момчињата се вратиле. Нумо не брзаше да застане во редот пред казаните. И за првпат почувствува радост. Кире му беше на дофат и сега брзаше да оди да го види.

Кире го забележа и тргна да го пресретне. Го забрзува чекорот, потскокуна, трча и пак оди со забрзан чекор.

- Добра вечер, дедо Пандо.

Пандо му подаде рака. Има желба да му рече неколку зборови за прекор затоа што толку време не го видел, ама кога си помисли дека судбината на Кире тече под извиците на командите и дека тој е облечен во воена униформа, си ја голтна намерата.

- Добра вечер, Кире, синко...

- Ете, ние денеска се вративме. Бевме на логорување во планината. Дојдоа тројца нови офицери и сега ќе бидат со нас. А за Бисокиот и неговиот другар си слушнал?

- Не.

- Загинаа. На пат. Се удрија со некој камион. Така рече еден од шоферите што го сретнавме вчера.

- Кире погледна во очите на Пандо и не забележа изненадување.

- Ке запалиш? - праша Пандо.

- Ух, ќе заборавев.- Киро извади кутија цигари. - Повели, дедо Пандо, цигари. Кутијата ја држам веќе неколку дена за тебе. Си реков, оваа кутија ќе ја чувам за дедо Пандо. Земи ја, дедо.

- Сполај ти, Кире. А од каде ти е?

- Војнички.

- И цигари ви даваат?

- Новиот командир рече дека отсега ние сме резерва на ДАГ и дека ќе добиваме се што добиваат војниците... Повеќе ќе вежбаме, ама и ќе учиме школо... А јас, дедо Пандо, таму горе, каде што логоруваме, цело време си мислев дека нема да се видиме. Се слушнаа гласови дека пак ќе не враќаат во Преспа. Ама, изгледа, ништо од тоа. Еден од шоферите ни кажуваше дека родителите протестираат. Стигнале до Главниот штаб на ДАГ. Наводно, се зборува дека, ако ги вратат децата, нема да одат да копаат ровови и да градат бункери... Така се зборува...

Пандо седна и се загледа во лицето на Кире. “Дете си уште, синко, дете” - си мислеше гледајќи го. Кире го забележа тоа и праша:

- Што ме гледаш така?

- Па, Кире, јас гледам пред мене дете... и немој да се навредиш.

- Така ми рече и дедо ми кога ме виде во Оровник. Дете си, Кире, а тие што те облекле во овие алишта се луди! - викна тој. - Луди се! Штом децата ни ги облекоа така, штом ги вратија во бој, кучкините

синови решиле да ни го искоренат коренот! - така велеше дедо ми. Така велеа и други. А ние таму, во Оровник кога си ги сретнавме нашите, како да престанавме да бидиме војници. Трчаа мајките меќу војниците и си ги бараа децата. А знаеш, дедо Пандо, тие цело време си мислеа дека ние таму, во државиге, учиме. Оф, колку беа озлобени, мислиш со прсти ќе им ги искорнат срцата. Туку не разделија. Ние се повлековме во шумата и ноќе се вративме во поранешниот лагор, оној до Горица. Ноќта не фати бура. Јас си клекнав во ќошот на земјанката и, потпрен на автоматот, цела ноќ како во сон ја гледав мајка. И дедо кој постојано ме караше. Го слушав неговиот глас:

И нивниот корен да се искорени, синко Кире, и нивниот. Не ја почнале, се гледа, за нешто друго, ами за да не искоренат, синко Кире. Ете, погледни ја мајка ти, Кире, погледни ја...

Вистина, мајка изгледаше многу уморна, ама под црната шамија косата и беше сива. Ја прашав:

- Мајко, кога си одевме, ти црно не носеше, нели?

Мајка гласно почна да плаче и прегрнувајќи ме залелека:

- Сирачиња мои, сирачиња...

- Татко ти, Кире биро, татко ти загина, - шмркајќи рече дедо.

И знаеш, дедо Пандо, кога, така потпрен на автоматот во влажната земјанка, одново го гледав сето она што го видов и го доживеав во Оровник, сфатив дека сум сирак. Дури тогаш, во земјанката, почувствував дека немам татко, дека никогаш нема да го видам, да му речам "тате" да ме погали по глава, да ме пофали, и дека не стигнав да се израдувам со него, а сега, ете, го нема... И си реков: како ли ќе биде без тате?!

Сабајлето не собраа во ливадата. Не построија. Сите на број. Потоа ни рекоа да одиме на другата страна на шумата. Таму ни ги зедоа автоматите и ни дадоа стари војнички униформи. Овие што ги носиме сега. По два дена дојдоа некои во униформи, други во цивилни алишта. Долго зборуваа собрани во една земјанка. Кога излегоа се слушна команда за постројување. Еден од офицерите, со голема кожена чанта обесена на рамо и со пиштол на појасот одеше крај стројот и прашубаше:

- Како се викаш?

- Киро Костовски, - реков кога ме праша.

- Колку години имаш?

- Четир... петнаесет...

- Зошто носиш црно?

- Татко загина...

Та не бев само јас што носев црно... Многу од момчињата тоа утро на капите или на јаките имаа црно. И сега носат.

Потоа ни одржа говор.

- Денес ние водиме крвава борба, - почна мирно и се така околу борбата го возеше зборот. Зборуваше долго. Прекина за миг и потоа покажа на планините и рече: - Зад оние планини утре ќе се води тешка борба. За жал, вас на кои партијата им ја даде целата доверба, ќе ве нема. Зошто? Затоа што некои од вашите родители се пожалија, а партијата е великодушна и ќе ве врати пак во државите... Ние...

Често, море најмногу, дедо Пандо, велеше "ние тоа, ние ова". А јас, пак, се прашував: - Кои се тие и кои се другите?. Зар мајка ми е од другите? Зар тие не го јадат лебот на мајка ми, не спијат на постела што им ја постелува мајка ми, зар мајка ми не копа ровови, не пренесува трупци и камења за градење бункери, не пренесува муниција и ранети? Зошто тие се на една страна, а мајка ми на друга? Така се прашував.

А оној со големата чанта праша:

- Сака ли некој доброволно да остане?

Не чекаше одговор. Рече:

- Ќе ве вратиме, магарињa, пак во Романија. Да јадете таму мамалига!

Изрече и други зборови. Потоа се сврте и замина. Зад него поитаа и другите. Ситно дробеа со нозете. Како да им беше страв дека, ако забрзаат, побрзо ќе стигнат некаде.

- Налево! – се слушна команда. – Се свртевме со лицата кон Албанија. – Напред марш!

И тргнавме. Прво построени по четворица, потоа во колона по двајца, по тројца. Ја поминавме Кулата и вечерта стигнавме на албанската граница. Јас застанав и погледнав зад мене. Ми пријде Доне. Ене, оној што доаѓа наваму. Ме праша:

- Што гледаш, Кире?

Покажав со глава кон планините.

- Ајде, одиме, одиме. Многу заостанавме

- Што мислиш, Доне,- му се обратив.

- Пак си одиме, - рече тој.

- Што мислиш, пак го прашав - дали ќе се вратиме некогаш?

Ете, дедо Пандо, така пораснав до оваа униформа. А дали ќе ја соблечам?

- Ќе ја соблечеш Кире. - Пандо сврте глава и потоа рече: - Тебе ли те викаат?

- Мене, - рече Кире. - Јас отидов, дедо.

Пандо тргна накај бурјанот. Скраја од џадето, скриена во збитолистот на благунот, пее белотрнка. Тој забави чекор, сврте глава кон благунот и онемено се вслушна во појот. Одамна нема слушнато птичјо пеење. Мрднува со глава, зачекорува пак и, кога белотрнката запеа на цело грленце, тој застана. Во неговото чумосано срце нешто како да живна, нешто стопоти. Постоја уште малку и тргна напред,

небаре оди никаде... Зашто во Прењес животот за него е таков. Ако не копа и погребува, тој, покрај ретките разговори, квечерум и зорум чека крај џадето и преку ден по ендеците и по, бурјанот бара писма, обични, какви што пишуваат војниците од фронтот. Свиткани на четири, едниот крај пикнат во другиот и адреса. Само име на селото... Со бавен чекор Пандо тапка пред себе, чепка со патерицата во глогот што расте крај патот. Застана и се наведна. Ја подигна свитканата хартија, ја отвори. Не ја дочита... Папса. Во устата почувствува вкус на горчлива семка од кајсија. Седна на каменот и, бришејќи си го челото, промрморе: "Уште еден од нашето село... дваесет и шестиот. Уште троа деца ни останаа живи... Господе, господе!..."

Скршен од болка и ниско наведнат, го прегази џадето и, гледајќи пред своите нозе, оди накај бараките. Кога влезе во бараката, беше посмирен. Се силеше ништо да се дознае од изразот на неговото лице и од навлажените очи. Седна скраја, на голата рогозина, завитка цигара, запали. Влече полека и длабоко како да сака во себе да ја замолкне вистината. Скришум погледнува кон жените меѓу кои седи и Ристана. По мажот сите ја викаат Крстовица. Жените си прикажуваат.

Забрадени, облечени во црно, седат една до друга. Намнисуваат.

Пандо ја гаси цигарата, се навалува и погледот го заковува во подгниената таванска греда. Отпрвин не сакаше да слуша за што зборуваат жените. Писменцето што го држи во пазуварката како да го гори, иебаре му се прилепило како лишај на карпа и не знае како да го скрие од погледите. Му се чини дека сите го гледаат него.

- Го видов од пенџерчето кога влегуваше во дворот. - Се слушна гласот на една од жените. Пандо помисли дека зборува за него, та затоа се поднамести и начули уво. А забрадената жена продолжи: - Удри со ногата на врата, се исправи некако чудно, ме погледна, замолча долго, а потоа на нашински рече: "Мајче, крај гробиштата има многу убиени". А нашите гробишта, селските велам, се наоѓаат на рид и таму цела ноќ и до попладнето се водеше бој. Знаев дека во одредот е и ќерка ми, та затоа се занишав, зачекорив и ми се стемни. Се потпрев на дирекот. Си помислив: "Господе, зар и таа?... Пусто мајчино срце и за лошо и за добро секогаш е готово да зацвили…" Војникот ме фати под мишка и пак ми рече: "Таму, крај гробиштата, ги собравме убиените. На едната страна уште незакопани се партизаните, а на другата страна веќе ги закопуваат војниците..." Тој сврте и тргна, а јас по него. На полјанката, потаму од селските гробишта, војниците копаа. Капиданот или кој беше не знам, ми прииде и ме праша: - "Од ова село си ти?" Јас молчев. Молчев зашто не му го снам јазикот. Војникот му се доближи на офицерот и зборуваа нешто. А тој ми рече:

- Господинот офицер те прашува дали си од ова село.

Реков – да. Тогаш тие пак нешто зборуваа и пак војникот ми рече:

- Господинот офицер вели да одиш таму, - тој покажа со рака – и да видиш дали има некој од твоето село.

Еден друг војник ме фати за рака, ме одведе кај убиените и така одев од еден до друг. Се млади момчиња. Му реков:

- Тука нема никој од нашето село... - и почнав да липам. Жал ми беше. Млади беа сите, а меѓу нив и две девојки. Мојата ја немаше меѓу нив. Војникот ме врати кај офицерот и, откако му рече нешто, оној што зборуваше нашински ми пренесе:

- Господинот офицер вели дека ние ќе ги закопаме, а ти да ја земеш маската што пасе онаму и да одиш на чешма да ги наполниш буриња со вода, товари ги на маската и терај горе, на ридот.

Кога веќе ги натоварив буриња и ја потерав маската, нагоре, свртев глава кон гробиштата. Неколку војници ги откопнуваа крстовите. Ги собираа на куп, а потоа ги товарија на два коња и ги потераа пред себе. .Дождот, измешан со лапавица, се подзасили. Коњите се лизгаа. Е, стасавме горе. Ветрот сече, фрла лапавица. Војниците запалија огнови. Ги кршеа крстовите и ги фрлаа во огнот. Се грееја, пушеа, плукаа настрана и во огнот, во крстовите што гореа, и се смееја. Јас свртев глава за да не гледам, ама тогаш го видов крстот на Ставре Попов.

- Ставре што загина во бојот со Италијанците? - праша една од жените.

- Тој, ами кој друг... Еден војник почна да го цепи Ставревиот крст. Не издржав и на нашински му реков. – Сине, човекот загина за патридата, а ти...

Војникот рече нешто, а потоа го повика војникот што зборуваше нашински. Војниците гласно почнаа да се смеат. А нашинчето ми рече:

- Мајче, овој вели дека куциот пес ти е син, а не тој...

Го погледнав во очи оној што го цепеше крстот, го гледав долго. Не се засрами. Ја фрли секирата настрана, а потоа една по една почна да ги фрла цепениците во огнот. Пламенот ти зафати и полека изгоре името на Ставре. Не го оставија и мртов да мирува. Квечерината ме пуштија...

Жената замолкна. Пандо слушна воздишки. Една од жените, свртена кон него со грб, фрли клетва:

- И тие од оган да не куртулат и господ да даде очи мајчини да не видат...

- А кај нас, - се одгласи жена од другиот крај - кај нас во листопад, на Митровден, на Копанче падна последниот лист од лозата на Петревци. И не стигна да се исуши солзата вдовичка зашто се расчу дека во Никулица, на Пречиста остана во снеговите на Буковик Ставре на Пандовци. А на коложег куршум го жегна Коле на

Доневци. Во сечко се пресекоа корените на Колевци. Јане им погина на Бела Вода. А на Цветници, кога цутеше дренот, плач се растури во куќата на Митрашковци. Чупата, Марика, им ја распарчи бомба на Јанова Глава. Премреже падна врз Крстовци на Свето Богојавление. И на Ѓурѓовден, на Спасовден и на Свети Тројца на Круша загина Петре наш, на Полената - Ристе на девер ми и на Кулата и Рамна - Панде и Митре на Лазовци. Две фиданки од еден корен. Во црвеник ни го изгореа селото, а на Свети Костадин и Елена почина татко, бог да го прости, кутриот. Во жетвар беа ожнеани на Вичо - Коста и Доне, на Харо – Јане, Васил на Горуша. Сите на ден Митровден: Геле на Света Недела го одживеа последниот ден на Врбица: Сите од нашето маало. А на Успение на Света Богородица се расчу за загинувањето на Павле. Се рече дека остана за навек на Стените. Крстовскиот ги облече во црно Ристовци. На Крстовден им загина Донка, а на Свето Воздвижение - Вене на Јаневци. А Митровскиот на Петковден седум деца од нашето село останаа на Аљавица, на Орле и на Полената по еден, на Бигла и на Бел Камек по двајца. Така секој месец и ден само редење, запустување, болка... Стариот Начко секој ден ја биеше камбаната. Секој ден која куќа даваше три, која девет дена, која четириесет дена, која три месеци... А попот избега во Костур. Лазо вошливиот му се пофали дека ќе го убие и тој од страв избега. Така селото остана и без поп, туку затоа остана Лазо вошливиот. Кога мајките си ги оплакуваа чедата, тој одеше од куќа в куќа и само кркореше - немојте, жени, да ги оплакувате децата. Тие паднаа за патридата... Така му рекоа оние што доаѓаа ноќе да јадат и да спијат и што многу зборуваа пред луѓето. Така му рекоа. А кога јас го прашував да не знае нешто за мојот стопан, тој вртеше глава, свртуваше грб... А тој, стопанот мој, заедно со Лазо го собраа. Лазо го пуштија од затвор, а мојот го пратија на Макронисос. Луѓето во селото велеа дека Лазо потпишал, ама никој не беше токму со зборот. Кој знае, можеби и потпишал Лазо... И никој не знае зошто еден ден го побараа нашите и не се врати. Се расчу дека го обесиле во Брезница, а пред тоа го тепале во Желево... Се настрвија луѓето некако против себе... Туку некој друг е виновен...

Жената замолкна, воздивна, си го избриша образот со црната шамија и се загледа пред себе. Потоа рече:

- Како сега да го гледам. Го туркаа пред себе, викаа по него, а тој само за миг се сврте и ме погледна. Се уште го гледам тој негов поглед... А по една недела се врати Лазо, а стопанот мој во невиденото... Така, жени, ете, си останuваме сираци и од стопани и од челад. Ги изнародивме, малите наши, за да, ни гинат по планињето, за да ги гледаме катаден сакати како ги влечат по болници, да трчаме по камионичиштата... Зар за тоа ги изнародивме, а?...

Молкот е одговор. Липање го пресечува.

А мене - се одгласи од ќошот напевлив глас - ме фатие о нашчо место...

Жената разврза шамија, се поднамести поблиску до жените и испрекинато, чиниш колку за себе, продолжи:

- Манастиро тучки до албанцкото. Жел'ндите од големите д'мбои падве и о нашчо и о албанцко место. И ветките се поделени. Корено е о нашчо, а големите ветки о албанцко. Така падна кога го делее местото. И преку нивите помина делењето. И така се стори нова бразда. Така, таму, пред манастиро, кога излегу, ме фатие и ме врнае...

- А како го најде патот? - праша жената што седеше најблиску.

- Од туа, од вој пенџер, испуљ се, - рече жената. - кога ќе се испулиш од де изгрева с'нце, тогај ќе се сумиш оти од таму гредеме туа со камионите. Вездетн с'нцето ни беше зад нас или останваше од левата страна. А сега го пулиш на осунатје пред тебе, а на плајна од десната страна. Така јаска трна. Ама пред тоа ојду у болните деца и опита едно русо дете: - Ами, бре чендо, по де дојдоте о Прењес? - Тоо ми рече: - Ношја, мајче, а поминаме границата, а не осуна о Корча, а оттаму со камиоци фатиме пат за Боградец, покрај езерото и туа...

Е, мене ми текна. Си реку: големата вода шчо се пули од ридо долу, тоо е езерото. А аку дојда, се ума јаска, до таму, тогаш ќе го најда и Боградец. И една ношја ојду јаска по трапо, по трапо и о, ниедно време, како некоја в'лчица, по мрако, втаса о ридо. Месечина светеше. Долу се пулеше голема вода – Оридското Езеро. Излегу до џадето и го зве јаска п'то. А лаф да шчукна, јаска о ендеко или о коријата и по третите петли, о осунатје фтаса о првите дворои. Влегу о еден двор. Од чардако урва ена жана и нешчо ме опита на албанцки. Реку: - Јаска не разбервам. - Таа ми зборна нашински:

- Од де си, сестро? - ме опита.

- Јаска се од Костурцко, - реку.

- Де ош? - па ме опита таа.

- Помогни, сестро, - фати јаска да моља - помогни ми п't да најда за дома, дома да си ода, жити стопано, жити дечките, како Богородица те моља, помогни...

И таа ме зве дома. Ме нарана. Ме напи... По троа време о одајката влезе стопано. И тој ми зборна нашинцки и ми зве р'ка. Ами ка... Јаска и нему метании. Добри људје, златни, прокопцани. У ними остана цел ден. И кога о зајди с'нце поминае камионте за Корча, стопано ме опита:

- Во која Македонија сакаш да ош?

- О таја што се води бој, - му реку.

- А, тоа е тешко да се оди до таму...

Ношја излегоме од дома. Ми дадое леб, ено букленце вода. Надвур од Боградец човеко ми рече:

- По вој п’т ќе втасаш дома, - и се врна.

Јаска остана сама о мрако. Туку стисна з’мби и киниса. А види човек, легни о ендеко. Дено го помина о ена корија од д’мбја. А ношја како арамија, како в’лчица од трап до трап, од ендек до ендек, ту по џаде, ту по нивје, по кории, пците ме лавае, дечки воловарчиња ме пашкае, а јаска, ету, се крие и од људје и од аскери и кога втаса о Билишча, ојду при Суљо... Се чудее људјето, жими вера, ами ка, велее, бре, бре, жена, па сама, по чужо место, толку п’т да пот’пчи... А мене о гр’ндите ми олесна... Ету, се ума, таму од’нде трапо е селото, нашчо село, де. И пак ношја, напрау, по полјето, по месечина, по мрак, јаска киниса. И по п’то ме фати виулица, снег, мислиш, фрла некој со шепи. А таму, на Стените, бој се биеше. Јаска оде пред себе и вели – далеку да е лошото и фати да вјавам угоре откако ја прегази матната река. Тешко, лизгаво, ама вјана горе, о Телок. Влегу о манастиро за да го блазосам Госпу и Богородица и Ристос и Света Петка и да му речам сполај ти... Клекна јаска о мрако... знае де се светиците, и почна да се моља... Од шо бе папсана или Госпу ме тандиса, не знам... Заспа... На осунатје, кога се обдени, се разбуди. Отвори очи, светиците без очи!... Со куршум извадени. Се помоли јаска, а цела бе замрзната. Се помоли па, а после фати да плача. Шчо с’лзи истури, шчо плакои стори, шчо рендење... Ету, си вели, дојду о нашчо место, тука да ги рендам умрените, о јаска лендата, о јаска кутрата, о јаска ж’лната, о јаска палежната... И од радос плаче за тоо, шчо дојду о нашчо место... Од ка се изнаплака, излегу од манастиро. Снег ношјата фрли до појас. И јаска, место да ода лево, ојду десно и влегу о албанцкото, пусто да го вида... И без да вида, за рамена ме фати војник. Албански. Тој беше од тие шчо ја чуве межата. Ме фати и, без да ме опита, ме врати долу о нивната караула. А од таму о Билишча о од Билишча со камион пак ме донекое туа... Ету, така јаска ојду до нашчо место...

Жените замолчаа. Пандо запали. Сертиот тутун му го спржи јазикот, му го запече грлото.

- А у нас жени, - Пандо подигна поглед. Тоа е гласот на Ристана. - У нас, во нашето село кога го донесоа новиот поп, селаните рекоа - не го сакаме. Тоа беше есента. Триесет и шестата. Демек, нашиот де, рекоа не чини. Не пее добро грчки... А мојот го фатија лудите. Му се изнавикаа на питрупот на нашински. Утредента дојдоа хорофилаци и го однесоа во астиномијата. Ми го донесоа по два дена. Поцрнат од бој и за срамотилаци вопнат. Му дале рицинус да пие. Го заклавме овенот, истолчивме два леќена кромид и го завиткавме во кожа. Поминаа пет месеци. Од школо ми се врати син ми плаченичкум. Рацете посинати и натечени. Го праша татко му: Што ти е чедо? А тој: - Ме изнатепа даскалот. - Зошто? - го прашав. - Затоа што на баба вчера и зборував нашински. – А мајка ни збор да изусти од грчкиот.

Па и јас не оти го знам? Стана стопанот мој, се облече и отиде во кафеаната.

- Даскале, - му рече - излези на збор.

Како што велеа мажите што биле таму, даскалот онака горделив, излегол надвор и почнал да му се дере на стопанот:

- Како, бре керата, незнамитис ниеден, ти му дозволуваш на син ти да го зборува тој гнасен и варварски словенски јазик? Знаеш ли зошто сум тука јас, а? Знаеш ли дека и тебе, поганецот...

Стопаиот мој со едната го фати за појас, со другата за кравататa, го подигна, и го ничкоса во снегот. И колку што подигна нога за да го стапне, се втурнаа мажите, и го спречија. Кој знае, може ќе го убиеше... Ама него за малку што не го убија. Две години затвор во Кожани. Кога си дојде дома, ми рече:

Јас, Ристанке, ќе си одам во Америка. Што и да се случи, ти немој ни педа земја да продадеш. Ниту нива, ниту ливада, ниту бавча. Местото ни е наше од дедовци и прадедовци и наше да остане. И си отиде. Со никој од селаните не се поздрави зашто никој не го бранеше во судот. Си отиде во Америка. Ме остави со синот Ристо. Тогаш момчето ми имаше петнаесет години. Машкото ми растеше како фиданбојлија. Кога си отиде Германецот и пак дојде Гркот, тогаш Ристо мој одрами пушка. И писма почнаа да стигнуваат од Америка. И пакети. И пари. А еден ден дојдоа и Маџирите да пљачкосуваат. Не влегоа во селото зашто нашите се бранеа...

- А нас не опљачкаа до игла, - дофрли една од жените.

- А ден пред Велигден помина селскиот кмет по сите куќи и рече:

- На секој чардак на празник и по неделини да се вее грчкото знаме!

Ристо мој и уште некои други рекоа:

- Ако оваа држава е држава на сите и ако сите се рамни, тогаш нека ги казни арамиите и сите што пљачкосуваат. Дури потоа ќе кренам грчко знаме...

По Велигден хорофилаците го зедоа со седум други души во астиномијата. Ми се врати Ристо мој без заби, сокапан и осрамотен како татко му... Со првите партизани и тој отиде во шумата и, ете, оттогаш веќе две години ништо не знам за него. Мене никој не ми носи книга. Секој ден и јас трчам зад камионите, ги прашувам ранетите деца и чупи да не слушнаа за Ристо мој... чекам книга од него, ама нема... А јас, куттрата, дури и не можам книга да му пратам на Крсто мој во Америка. Да му кажам дека останав сама, да му кажам дека Ристо... дека Ристо не знам како е, што прави...

- Од тука, сестро, - рече една од жените – не одат книги никаде. Седи си мадро и не прави будалштини. Ќе те вика чолакот, ќе те испрашува... А тоа не ти треба. Зар не слушна за една жена која му даде писмо на еден Албанец за да го прати? Не слушна дека и него и

неа ги затвориле? Ајде неа, некако ја оттргнале, ама, велат, тешко на Албанецот...

- А јас, - настојуваше Крстовица - вака би му кажала во книгата на стопанот: - "Стопану Крсто, здравје, имам, сполај богу и..." - и таа залипа. - За Ристо ли да му кажам дека не знам каде ми е детето? Секоја ноќ го сонувам. Насамо, кога се разбудувам во ниедно време, си зборувам; камионите кога поминуваат, трчам да го видам, чекам и за мепе некој да фрли книга со добри вести за син ми, ете, за мене нема ништо...

Ѕвонењето на шината го прекина намнисувањето. Жените стануваат, чепкаат по своите торби и тргнуваат накај казаните на обед. А таму веќе почнуваат да се редат една зад друга. Растат редиците во црно.

Пандо со рака и даде знак на Ристана да застане. Жените се загледуваат во него, а тој стои молчалив, со стегнато грло, нем. Со растреперена рака посегнува во пазуварката и, кога ја отвори широката испечена и испукана дланка, жените видоа свиткано ливче хартија. Исто како оние што ги наоѓаат и ги берат на џадето, по ендеците, во бозјакот и бурјанот и на полјанките каде што ги разнесува ветрот. Тие не мрднуваат од место. Секоја мисли дека е за неа и секоја стежнува срце пред да ја удри болката. Им затреперуваат брадите. Затреперуваат образите. Загледани во ливчето хартија, одвај ја подголтуваат насобраната плунка. Се шират зениците. Очите, широко отворени, се полнат со исчекување, а под црниот фустан затупкува срцето - мајчински, ненаситно, раскинато. кутро, скршено, окрвавено, огнено, загрижено, нежно, болежливо, доверливо, загорчено, болно, рането, натажено, ожалостено, растревожено и преполнето со исчекување - кај секоја поинаку и појнаку.

Пандо подаде рака и рече колку што можеше помирно:

- Крстовице, за тебе е... и... и Бог да го прости...

Развлечена, тешка, длабока, глува, ту тивка, ту гласна, набожна, скриена, тажовита, здавена, жалосна воздишка кај жените.

А Крстовица првин се стаписа, се слиса, и стежна срцето, се стресе како да ја зграби студешница, нешто стопоти во неа, саклет ја стегна, ја сподави, пред очите се повеќе и се згустува мракот, се свиткуваат гредите, се навалуваат ѕидовите, стега таванот, нозете супрашка и ги пече и санкум скудоумна, олелека најпрвин тивко, болката во липтежот и ги искриви усните, и го огрде лицето и, гледајќи наоколу со молбен поглед, подаде раце...

Несреќата ја стегна за грло и и ги потсече нозете. Без збор клекна, подигна раце и остана така молбено и болно и небаре занесена во таа молитва што не исцелува болка, шепоти, моли, сплетува прсти, ги притиснува до градите, се ниша де напред, де настрана... Си ја разврза шамијата и полека почна да си ја расплетува долгата и дебела

плетенка. Црната кадрава коса и ги покрива раменатa, се распостелува по плеќите, го допира подот. Откако си ја расплете косата си ги покри очите со широко раширените дланки. Меѓу прстите и потекоа солзи... И така, се уште клечејќи, на подот ја посла црната шамија, ги рашири рацете и зареди:

- Ристеее, чедо, стани, Ристеее...

Не моли: туку наредува со шепот и со растреперени прсти го бара неговото тело. И се чини дека тој лежи пред неа, тука, до нејзините колена. Подава раце, го допира подот и пак со скршен и тивок одвај чуен, а ту проникли и здавен, глув, тажовит и болен, мајчински топол сладок шепот, моли:

- Стани, Ристе, стани чедо на мајка, стани...

Во зацрвенетите и ненаспани очи на Пандо бликаат солзи. Тој загриза усни за да го задржи липањето. Овој напор го огрди, уште повеќе го остаре неговото лице, уште повеќе му ги избразди и му ги искриви брчките. Молчејќи, исполнет со својата и туѓата болка, Пандо се наведнува над Крстовица, ја фаќа под мишки и полека ја подига. Таа не се противи. Послушно тргнува накај својата рогозина, каде што, ја води Пандо. Крстовица полека свртува глава, погледнува во својата црна шамија распослана на подот и тивко, одвај чујно, изустува:

- Ајде, синко, стани на мајка, стани... Стани, Ристеее!...

Луѓето гледаат како нејзиното тело замира од болка, како брчките на нејзиното високо бело чело стануваа се подлабоки, како, и се смалуваат очите...

Пандо ја седна и излезе од бараката и дури сега, кога сонцето му удри в лице, од неговите очи потекоа тешки, горчливи солзи. Не ги брише. Течат по избразденото лице. Паѓаат врз овенатите лисја на пелинот што расте крај прагот на бараката...

На зајдисонце Крстовица не излезе на цадето. Нејзиното чекање бели книги од Ристо и радосни вести за Ристо заврши со писменцето што и го даде Пандо.

“Ристо на Дамовци од Крчишта загина. Погребан е под една бука на Аљавица. Ако мајка му е во Прењес, кој ќе го најде писмото, нека и каже. Јас, Паскал на Аргировци сум ранет...”

Само толку пишуваше за големата рана на Крстовица.

- Крстовица го стави писмото во еден плик на кој беа залепени две канадски марки; бегајќи од дома, од куќата опфатена со пламен, таа само толку успеа да земе од целата покуќнина. Пликот со двете канадски марки, што го имаше добиено од својот Крсто, сега заедно со војничкото четириаголно парче хартија ги грее во пазуварката - до срцето...

И одново тука, меѓу раздомените, кои со секој ден што одминува ја губат и надежта дека ќе се вратат на своите пепелишта и живеат со

своите спомени и секој ден чувствуваат дека нема ништо пострашно од празнината, таа, меѓу овие старици и снеможени мажи, меѓу вдовиците и жените одделени од своите мажи, меѓу жените што секој ден намнисуваат за своите деца што се наоѓаат на фронт или под туѓи поднебја, меѓу постојано расплаканите и разврескани деца, сега се чувствува сосем сама. Сама. И во овој толку краток збор таа не може да најде излез од кругот на секојдневните јадови и чемери.

Стегната од болката, чувствува дека доаѓа крајот на битисувањето. Сама! Сама, меѓу толку луѓе кои споделуваат иста судбина. И во мрачните, и во ѕвездените ноќи, и во растреперето пламенче на свеќата и на фенерот обесен на гредата, не гледа и не очекува смирување. Чувството дека остана сосем сама и го раскинува срцето, и ја полни устата со горчина, и ги потсечува колената осамата што дојде со кобното војничко писменце. Се случи она во што никогаш не би можела да поверува, иако секој ден ја стегнува и ја сподавува болка кога слуша како многу мајки и жени ги оплакуваат своите мажи и чеда...

Споменот за синот како камен ја влече кон дното на очајот. А со деновите што одминуваат, одвај забележливо се враќа во нејзините очи онака како што на каменот се појавува лишај и како што коренот се пробива низ кремени. И, колку повеќе слуша плачење и редење, толку повеќе чувствува дека треба да рече збор, да допре нечија рака со единствена мисла дека ќе ја олесни и својата и туѓата болка.

Во општата мака нејзиното осаменичко седење во ќошот на бараката, на крајчето од постелата, не го забележува никој. Затоа и молкот нејзин е суров, студен и мрачен. Во нејзиниот живот имаше повеќе празнини и денови на осама. И средбите со најблиските секогаш и беа кратки. Се омажила во дваесет и второто лето. Крсто, стопанот нејзин, повеќе навреден отколку желен да спечалува, млада ја остави со единствениот син и замина за Америка. Таа својата радост ја плати со вечно тагување, приврзаноста - со исчекување и страдање. И, ете, сега го загуби и синот...

ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ - 25

ОСМИОТ ДЕН од денот кога дозна за смртта на Ристо, Крстовица го прегази џадето и, откако го помина бурјаништето, стаса до беловицата што беше ја забележана порано кога со жените одеше да собира суварки. Сливите веќе беа зрели. Таа насобра неколку грста и напреку тргна по угорнината. Вудвосана, оди полека и, кога стигна на рудината од каде што се гледа големата сина вода, малку си почина. Потоа стана и тргна накај стрништето на кое одвреме-навреме летаат јата птици. Брза зашто сонцето се навали над високата планина. Го заобиколи трњакот и влезе во питомината на која до пред една недела, изгледа, не беше ожнеана пченицата. Се наведна и полека, чекор по чекор ги собира искршените класја во басјасаното стрниште. Кога го наполни скутникот, седна во сенката на разгранетата шупливица и во испотените дланки ги трие класјата. Дува во шепата, а откако го издувува чекласот, со растреперени прсти го чисти глотежот. Не и е криво што во тоа стрниште не најде ни шесторедица ни црвенка. Сливите ги претури во џебот од скутникот, а собраните зрна во козиненото торбиче што го позајми од Пандо. Тргна по удолнината и, кога ститна на раздрумот, пред неа излезе Кузе - сега еден од чуварите. Рашири нозе, се потпре на дебелиот стап и со гаврење во гласот, ја праша:

- Од каде вака, жено?

Крстовица забави чекор во кој Кузе забележа страв. Ликуваше кога гледаше такви. Самиот страшливец и понижувачки услужлив, беше секогаш преполн со желба да ги измачува другите, да се чувствува како ловџија што гони и пука во беспомошно животно.

- Бев горе, до стрништето... - изусти тивко Крстовица и го префрли торбичето во десната рака.

- До стрништето? А што си барала таму, те прашувам јас тебе?

Крстовица го одврза торбичето и го подаде преп лицето на Кузе велејќи:

- Ете, троа пченичка собрав... Од класја што лежеа расфрлени во стрништето...

- Ти немој мене да ме учиш што е стрниште! - строго и подвикна Кузе.

- Па тоа се два-три грста зрна што ги истрив од класјето во стрништето...

- Аха, значи, кражба! – исцеди Кузе. – Ајде жено, тргнувај пред мене.

- Ами каде тоа пред тебе, човеку?

- Ајде, ајде, тргнувај. Ќе те носам во управата па таму, на управникот се ќе му објасниш, значи на командантот, разбираш?... Оди пред мене... Редот треба да се знае, разбираш?

Крстовица го погледна со молбен поглед и колку што можеше помеко и помилно го замоли:

- Жити се најмило, човеку не прави ми го тоа. Ете, сакаш, ќе те наградам и пушти ме... Ќе ти го дадам меновникот... - заплака таа, влечејќи го венчалниот прстен од прстот. Годините што изминаа длабоко го врежаа во прстот на Крстовица прстенот што секогаш остана чист. Нејзиното око не погледна на друг маж откако Крсто си замина за Америка и ниту на еден маж таа не му дозволи да го допре нејзиното тело. Туку сега, за да не ја срамотат, готова е заради утрешниот ден и за споменот да го даде меновникот, да се откаже од дел од својот живот, иако и беше јасно дека и тој чин е недостоинствен и низок.

- Врви, врви жено - и подвикна Кузе - а затоа што сакаш да ме поткупиш, тешко тебе.

Крстовица со наведната глава оди пред Кузе и, кога влегоа во канцеларијата на управникот командант на Прењес, таа застана до вратата и со уплав во очите гледа во чолакот.

- Другар Василопулос, - се излигави Кузе - женава, другар, ја фатив горе, на крадење...

Василопулос ја фрли цигарата на подот, ја изгази со тешката чизма, и испуштајќи го чадот низ нос, рече со зарипнат глас:

- Значи, почнаа и кражбите... - и, одејќи кон Крстовица ја праша – Што имаш во торбата?

- Тро... троа пченичка... од стрништето.. клас по клас... зрно по зрно... ете... јас таму за да не ја колваат врапчињата...

- "Троа пченицка..." – и се гаври тој в лице.

- Така е, троа е... одвај грст или шепичка... Се е тука, - молбено рече Крстовица.

- Сепицка, што е тоа, другар? - праша на грчки.

Другарот Кузе направи идолопоклонички чекор накај Василопулос и со очи на исплашено куче објасни.

- Шепичка, другар, тоа е хуфта... хуфта. – повтори и ја подаде пред Василопулос својата мала шепа и во тој миг заличи на питач пред црква.

- Толкунѕаво гршче пченичка собрав од класја што ги колваа врапците по стрништето...

- Ја украде! - и викна Василопулос. - Зар не знаеш дека и стрништето е албански народен имот? Зар не знаеш дека Енвер Хоџа братски не прими, а ти му го кралеш стрништето, а?

Крстовица воздивна, се навали на ѕидот и наведна глава. По еден миг подигна очи и, кодку што отвори уста Василопулос и се оџвари на грчки:

- Дај го ваму торбичето!

- Не греши душа, синко... Толкунѕаво гршче пченичка собрав. Гаврани, врани, врапци ги колваа зрната. Како од клун да им го зелов зрното... Ќе из'ртеше зрното по првиот дожд, а јас само гршче, само толкунѕаво шепиче... И суварки и котленце позајмив... Денес ќе ја варам лченицата... Така е адетот...

- Зар си толку гладна? - праша едноракиот. Дрско и го зеде торбичето и, фрлајќи го насрана, му се обрати на Кузе; - Види од која барака е и да се казни.

- Разбирам другар. Не грижете се. Јас ќе се погрижам таа да биде казнета и за пример и за страв. Излегувај ти... тии... - Кузе ја фати за рака и ја повлече кон вратата.

- Жити мајка, - одново замоли Крстовица – имај срце... Врати ми ја пченицата. Не ја украдов, ами клас по клас, зрно по зрно ја собрав за...

- Ексо! Руфјана! Цакису! - викна на цел глас Василопулос, покажувајќи со здравата рака кон вратата и веднаш потоа му се обрати на Кузе, - Ќе си ти перименис, ре кокалоглифи, е? (Надвор! Сводниче! Крши глава!... А ти што чекаш, бре, лижикоско, а?)

Не и дозволија да каже зошто ја собираше пченицата, не и дозволија да им каже и за својата болка. Ја истераа надвор со она секојдневното што десетици луѓе го слушаа во Прењес: "Ние ќе ти покажеме".

Крстовица се врати во бараката-коњушница. Легна на својата рогозина широка чемри педи. Толку е постелата за секој. Разденот го дочека без да склопи око. Кога зазвони шината и луѓето почнаа да застануваат во редици пред казаните таа, држејќи во обете шепи сливи што ги собра вчера, со растрперен чекор, со образи облеани во солзи, оди од жена до жена, од маж до маж и моли;

- Земете, добри луѓе, каснете, каснете за душата на Ристо, син ми...

ПЕТРЕ НАКОВСКИ

(био-библиографска белешка)

Скопје, 1964-1984

РОДЕН во село Крчишта, Костурско на 17 јули 1937 годида. За време на Граѓанската војна (1946-1949), поточно на 25 март 1948 година со голем број деца на единаесетгодишна возраст го напушти родното место и со кратки престои во Албанија, и Романија, живеел десет години во Полска. Во 1962 година се вратил во СР Македонија. Објавил повеќе раскази во "Нова Македонија" и други неделни списанија чија тематика е тесно поврзана со Егејска Македонија. Во нашата јавност повеќе е познат како литературен преведувач од полски на македонски и обратно и во оваа област има објавено повеќе од 20 наслови.

Петре Наковски: ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ * ИЗДАВАЧКА ОРАГАНИЗАЦИЈА "КУЛТУРА" СКОПЈЕ – ООЗТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА КНИГИ "МАКЕДОНСКА КУЛТУРА" * Рецензенти: Димитар Солев и Данило Коцевски * Лектура: Ташко Ширинов * Нацрт на корицата: Ордан Манески * Тех. уредник: Христо Христовски * Пом. тех. уредник: Елена Крстева * Коригирале: Ружа Димишковска и Павлина Пиперовска * Печатено во Графичкиот завод ,"Гоце Делчев" - Скопје (2855) * Тираж: 1500 примероци.